

# Општество, род, сексуалност, сексуално здравје и МСМ во Македонија

## Истражување во заедницата

**Издавач:**

ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, во Скопје, февруари 2013 година

www.hera.org.mk & hera@hera.org.mk

**Автори:**

М-р Славчо Димитров

Драшко Костовски

**Истражувачки тим:**

Зоран Јорданов

М-р Славчо Димитров

Андреј Сених

Драшко Костовски

Д-р Александар Штулхофер, **рецензент**

**Превод:** Јулија Мицова

**Графичко уредување:** Дамјан Момировски

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

613.88-055.3(497.7)(047.31)
316.346.2-055.3(497.7)(047.31)

ДИМИТРОВ, Славчо
Општество, род сексуалност, сексуално здравје и МСМ во Македонија
: истражување во заедницата / [автори Славчо Димитров Драшко
Костовски ; истражувачки тим Зоран Јорданов ... и др.]. - Скопје :
Х.Е.Р.А. - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, 2013.
- 103 стр. ; 22x30 см

Библиографија: стр. 104

ISBN 978-608-4598-11-4
1. Костовски, Драшко [автор]
а) Хомосексуалци - Македонија - Истражувања
COBISS.MK-ID 93365770

**Оваа публикација е изработена со техничка и финансиска поддршка од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).**

**Мислењата и гледиштата изразени во оваа публикација не ги одразуваат неопходно мислењата и гледиштата на УНДП, Обединетите Нации или на други релевантни организации.**

# Општество, род, сексуалност, сексуално здравје и МСМ во Македонија

## Истражување во заедницата

ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување
Скопје, 2013

# Благодарност

Би сакале да им се заблагодариме на сите храбри луѓе кои од срце ги споделија информациите од својот интимен живот за потребите на ова истражување. Исто така би сакале да им се заблагодариме на не-владината организација ЕГАЛ затоа што овозможија пристап до лицата кои не можевме да ги најдеме, со што истражувањето стана возможно. На крајот, особено признание му оддаваме на Стефан Стојановиќ, кој работеше како раководител за ХИВ/СИДА при Канцеларијата на постојаниот координатор на Обединетите нации, за континуираната поддршка во текот на истражувањето.

# Содржина

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ / 005
ВОВЕД / 015
МЕТОД / 019
РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА / 031
ОГРАНИЧУВАЊА / 093
ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ / 095
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА / 099

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Следното истражување во заедницата има за цел да обезбеди опис и темелна анализа на различните родови и сексуални идентитети, сексуално однесување и практики, како и сексуални здравствени потреби на мажите кои имаат секс со мажи во различни социо-културни средини во Македонија.

Истражувајќи ја комплексноста на секоја од темите и различните области на проблеми зацртани во истражувачките цели, основната мотивација беше да се обезбеди контекстуално сензитивен и аналитички преглед, како и основни податоци кои можат да се употребуваат за креирање на идни програмски интервенции од главните актери одговорни за превенција на ХИВ меѓу МСМ, позитивна превенција кај лицата кои живеат со ХИВ, како и превенција на ХИВ воопшто. Истражувањето е извршено во општество каде поголем дел од граѓаните не ја одобруваат хомосексуалноста (91,6%) и каде не постои сеопфатен закон за заштита на лица од дискриминација врз основа на сексуалната ориентација. Иако Република Македонија не располага со официјални податоци кои би ја претставиле конкретната состојба со прекршување на човековите права и дискриминацијата врз сексуалните малцинства, извештаите на мониторите посочуваат на висок степен на прекршување на човековите права, стигма, општествена исклученост и дискриминација. Според Европската интернет анкета за МСМ (European MSM Internet Survey) Македонија е втора земја во Европа со најмал број на МСМ кои изјавиле дека се среќни со својот сексуален живот.

Македонија е земја со ниска ХИВ преваленца (<0.1%).Сепак, Извештајот за напредок на земјите на УНГАС од 2010 година(UNGASS Country Progress Report) посочува дека од вкупниот број на случаи на ХИВ, приближно три четвртини се мажи. Исто така годишниот извештај на Институтот за јавно здравје од 2010 година покажа дека повеќе од половина од ново-инфицираните случаи се МСМ. Иако постојат цврсти сознанија за сексуалното однесување и одредени податоци за правниот и политичкиот контекст, сè уште има очигледен недостиг од информации кои ќе обезбедат сеопфатна подлога за позицијата на МСМ во Македонија, со која би се опишале взаемната поврзаност на ефектите на општествените фактори врз родовата и сексуалната идентификација.

Во тој контекст собраните податоци и анализата понудена во рамките на истражувањето нудат поширок увид во мноштвото на идентификациони модели и практики на идентитетска конструкција по оската на родот и сексуалноста и нивните повеќеслојни пресеци и интерференции со останатите варијабли како што се класа, социјален статус, етницитет и возраст. Со истражувањето на многукратните родови и сексуални само-идентификувања на МСМ, исто така понудивме анализа на комплексностите поврзани со идентитетското преговарање, презентација и инкорпорација во социјални интеракции, практики и мрежи, односно на кој начин овие различни позиции на идентитет го обликуваат и одредуваат општествениот живот на микро и макро ниво кај МСМ и спротивно, на кој начин различните општествени правила за интеракција, поштојниет односи на моќ, норми, улоги и општествено раслојување се остварени во самите процеси на идентификација. Во тој поглед, истражувањето го проучува влијанието на стигматизирачките интерпелации врз процесот на идентификација и навигација меѓу широкиот избор на идентитети. На крај, сакавме да проучиме и создадеме база за идни истражувања на можната поврзаност што може да се исцрта меѓу овие разни сексуалности, идентитетски позиции и пракси, од една страна, и сексуалното однесување, сексуалното здравје и процена на ризикот од друга страна.

Затоа, проблемите опфатени со ова истражување имаат за цел да стават во преден план посензитивни промени на политиките и подобрување на актуелниот национален одговор во однос на ХИВ, дефиниран во рамките на политиките, стратегиите и програмите, односно тие да се прилагодат кон преживеаните искуства, проблеми, потреби и секојдневниот живот на мажите кои имаат секс со мажи во Македонија. Исто така, невладините организации за човекови права ќе се здобијат со податоци потребни за застапување за законски промени и за развивање на механизам за заштита на правата на сексуалните и родовите малцинства, како и за креирање на акции и стратегии, засновани на истражување, за мобилизација и зајакнување на МСМ/ЛГБТК (лезбејки, геј, бисексуалци и трансродови) лицата и заедницата. Веруваме дека последната придобивка и влијание на ова истражување се обезбедува преку понудените увиди во разните модели на перцепција на идентитетот на една личност, и родот/сексуалноста, односно до која мера само-перцепцијата е одредена од, повеќе или помалку, личното и интимно разбирање на идентитетот на една личност, и до која мера само-свесноста е политизирана, вклучувајќи ги и разните социјални и политички фактори кои го градат ова само-разбирање на сексуалниот и родовиот идентитет на личноста. Ова сознание е суштинско за развој на идни интервенции во јавното здравје насочени кон подобрување на сексуалното и репродуктивно здравје на МСМ во Македонија.

Од гореспоменатите причини, при собирањето и анализата на податоците употребивме квалитативен пристап. Истражувањето беше извршено врз разнообразен примерок во поглед на етницитет (Македонци, Албанци и Роми), возраст ( над 30 и под 30 години) и социјален статус (под просечен и над просечен) со цел да се отсликаат различните аспекти на феноменот во прашање. Во дискусиите со фокус групите учествуваа 28 испитаници, додека 39 беа вклучени во длабински интервјуа.

**Родови идентитети**

Се чини дека сите испитаници вклучени во истражувањето ги обединува неоспорната перцепција на **машката родова позиција,** со која мнозинството се идентификува, **како здравоаразумска.** Претпоставуваме дека оваа здравоаразумска и неприкосновена идентификација со машкоста им нуди на испитаниците симболички капитал како компензација за загубите или можните загуби на кои би/биле изложени во хомофобично општество, при што мора да се забележи дека покорувањето кон нормите на машкиот род обезбедува општествено признание и општествен и симболичен капитал, односно заштита од можноста за принуда и насилство, како и заштита од симболичка и општествена исклученост.

Најдоминантната диференцијација конститутивна во одредувањето на специфичноста на машкоста е диференцијацијата во однос на позицијата на женскиот род утврдена главно како апсолутна разлика, меѓутоа диференцијацијата и опозицијата кон феминизираните геј мажи како „потчинета машкост" е исто така една од суштинските бинарни позиции во однос на која тие го тврдат својот машки родов идентитет. Помеѓу дел од испитаниците идентификувавме амбивалентен и критички став кон родовата бинарност, а дел од нив покажаа квир родово позиционирање, одбивајќи ги обете преовладувачки бинарно поделени родови позиции, односно исклучително машкиот или женскиот родов идентитет.

Уште едно значајно согледување од истражувањето е дека меѓу мнозинството испитаници постои индиректна претпоставка дека родовата разлика е нужно предодредена од веќе постојниот поредок на двата пола (есенцијализирана полова разлика), која понатаму го утврдува симболичкото вложување и само-перцепцијата на биолошкиот пол со атрибути и значења поврзани со родови норми. Имено, значителен број на испитаници ги истакнаа примарните и секундарни атрибути како родови означители (хормони, хромозоми, гениталии, влакна

на телото итн.), како и телесната фигура и физичкиот изглед како носители на родовата/половата разлика. Описите, вклучувајќи ги и верувањата, ставовите и перцепциите, поврзани со половата телесна слика вклучуваат „сила", „мускули", „телесна големина", „движење на телото", „гестикулација", „сексуална потентност",„декорации на телото", „телесна естетизација и стилизација", „мускулесто и спортски изградено тело" итн.  Гледано од аспект на дискусијата за хабитуалната сигурност која машката идентификација ја нуди за испитаниците, претпоставуваме дека репертоарот на половата разлика претставува јасен означител и стратегија за потврдување на стабилноста и здраворазумноста на нивната родова идентификација. Описите и атрибутите доставени од страна на испитаниците како објаснување на нивните родови *само-перцепции потврдуваат дека хегемонските културни репертоари за родовите разлики (машкост/женственост) се впишани во значењата, перцепциите, концептуализацијата и разбирањето на половите тела (машки/женски*).

*Интеракцијата и социјализацијата со други мажи, главно хетеросексуалци,* особено за мнозинството од албанските и ромски испитаници е услов и можност за *перформативот на хегемонската машкост.* Помеѓу овие случаи, хомосоцијалната средина (социјалните односи со други мажи) претставува општествен простор за драматизација на хомофобијата, при што како последица се јавува поделбата на хомосексуалните и хетеросексуалните пријателства, каде што вторите се секогаш јавно признати и остварени, додека *хомосексуалната социјалност е или невидлива и без општествено признавање, или единствено се сведува на статусот на случајни сексуални средби без општествено, културно или политичко значење.* Мнозинството само-идентификувани геј и бисексуални македонски, и дел од само-идентификуваните геј албански, испитаници гледаат на хомосоцијалната средина како извор на непријатни чувства и срам. *За значаен дел од испитаниците оваа драматургија на хомо-социјалноста претставува точка на притисок за одржување на нормално појавување,* проткаена со постојана внимателност и контролирање на однесувањето, телесното држење и потиснување на можни„феминизирани" гестови и знаци, менаџирање на информации поврзани со сексуалниот живот или идентитет, како и заштита на себеси од можноста да се биде дискредитиран, исклучен и засрамен.

Дел од испитаниците покажаа *ригорозен критички став кон овие социјални групирања (хомо-социјалноста), изложувајќи ги на критика и сарказам* (дел од само-идентификувани геј македонски испитаници и само еден од Албанците идентификувани како геј мажи).

Мнозинството од испитаниците известија за стриктна родова **поделеност на трудот во домаќинствата,** меѓу нивните мајки и татковци, или меѓу самите себе и нивните сопруги (претежно албански и ромски испитаници). Се забележува алтернативна или еднаква поделба на трудот (како пракса на тие што не живеат со своите семејства или претежно како став, разбирање на родовите улоги) помеѓу мнозинството на само-идентификувани геј и бисексуални мажи, во повеќето случаи кај Македонците.

Алтернативна и еднаква, родово неодредена поделба на трудот се забележува како резултат на трансформираните општествени практики, економски околности и различни форми на живот, најчесто кога индивидуата живее надвор од потесното семејство. Високото ниво на образование и високиот економски статус исто така во повеќето случаи покажува позитивна корелација со еднаквата родова поделба на трудот, особено во поглед на ставовите и верувањата за поделбата на трудот, а не само како пракса.

Хетеронормативната организација на сексуалноста и емоциите е очигледно изразена меѓу мнозинството од ромските и албанските испитаници, и кај дел од Македонците, главно кај оние со под просечен статус и со високо нагласена сексуална идентификација одредена од машката нормативна родова парадигма. Сексуалните

и интимните односи кои мнозинството испитаници ги практикуваат покажуваат напуштање на доминантниот модел на машкост во неколку погледи (посебно оние испитаници само-идентификувани како геј или бисексуални мажи од сите етницитети, иако доминантно од Македонците). Ова е очигледно, не само при изборот на посакуваниот објект, но позначајно, како инверзија на пропишаните сексуални улоги при што рецептивната сексуална улога („пасивна") е исто така вклучена како еднакво потенцијално место за изведба на машкоста. Значаен дел од испитаниците не гледаат на емотивното изразување како на не-маженствено и покажуваат висока свесност за општествената и културна природа на оваа норма на мажественост. Оваа спротивставеност во однос на нормативните емотивни и сексуални идеали на машкост понатаму се потврдува во нивните поотворени и интимни пријателски односи со жените.

**Сексуален идентитет**

*Сексот со мажи и остварувањето на краткотрајни и долготрајни интимни и емотивни односи со партнери од ист пол претставуваат основа за дефинирање на сексуалниот идентитет меѓу мнозинството геј и бисексуални само-идентификувани испитаници.* Од вкупно 39 интервјуирани лица, 16 се идентификуваат како геј или хомосексуалци, при што 10 од нив се Македонци, 5 се Албанци и само еден Ром. Осум (8) испитаници се идентификуваат како бисексуалци, 5 од кои се Македонци, 2 Албанци и 1 Ром.

Пропорционално со ова разбирање на геј или бисексуалниот идентитет на една личност е повисокото разбирање на сексуалниот идентитет како приватна работа и длабок дел од себеси и сопствената интимност, при што се намалува политичкото, општественото и културното значење кое го има идентитетот. Приватизацијата на сексуалниот идентитет, како и неговата истакнатост и можноста да се одигра во одредени наспроти други околности, според нашата анализа, е високо одредена од разните ситуации во кои влегува социјалниот актер и можната *„наградувачка"* или „казнива" повратна реакција што тие ситуации ја носат за испитаниците. Одовде, *непосветеноста кон идентитетот во констелации коишто не го потврдуваат овој идентитет, се чини е силно остварена од интензивните негативни чувства (срам, повлекување, страв, вознемиреност итн.) коишто ги искусуваат учесниците* во овие контексти, и потребата да се ослободат од овие болни чувства.

Во овој поглед индикативно исто така е *умереното ниво на свесност и познавање на структурите на хетеронормативноста и хомофобијата.* Повеќето од испитаниците ја препознаваат хомофобијата како манифестирана главно во видливи чинови на насилство и исклучување, при што ретко се препознаваат притаените форми на насилство и опресија одиграни и проживеани во структурните параметри на хетеронормативноста, а уште помало е нивото на препознавање на секојдневните интерактивни политики на срам вградени во хомосоцијалните, микросоцијалните и пошироките политички структури и институции.

За повеќето испитаници, геј пријателствата и околината се општествената средина каде што изразувањето и истакнатоста на малцинскиот сексуален идентитет се прифатени со позитивен однос. Повеќето од само-идентификуваните бисексуални и хомосексуални испитаници имаат *длабоки врски со нивните хомосексуални пријатели и нив ги сметаат за значаен извор на поддршка и само-изразување.*

*Дел од албанските испитаници и мнозинството од ромските испитаници го дефинираат сексуалниот идентитет исклучително како одреден од родовата улога, повеќе* отколку од сексуалната ориентација, однесување или желба, каде „нормалниот мажествен" сексуален идентитет се изедначува со активна и

пенетрирачка сексуална улога. Само неколку македонски испитаници, со под просечен социјален статус, го изедначуваат сексуалниот идентитет со „нормална машкост“ и активна сексуална улога. Неколку испитаници, главно Македонци геј мажи, покажаа разбирање за нивниот *сексуален идентитет како политичка и општествена категорија и начин на живот*. Тие посочија на општествените услови кои влијаат врз создавањето на хомосексуалниот идентитет и самосвеста за хомосексуалниот идентитет, и одовде го постулираат како општествен ефект со можности за трансформирање на општествената стигма и прикриената или отворена социјална траума во потенцијал за креативност и трансформација. Култивирањето на сексуалниот идентитет на една личност како начин на живот вклучува политички и општествено мотивирано критичко позиционирање кон постојните родови норми, гаење на алтернативни социјални средини и врски, трансформативна и креативна употреба на личните истории на стигма и срам, политичка вклученост во барањата за сексуална еднаквост и човекови права, и политичко поврзување со геј заедницата.

Значајно сознание при истражувањето претставува тенденцијата за *диференцијации во самата група (од други геј мажи) врз основа на нормализирачки конструкции и дискурси за сексуалноста и родовиот идентитет, главно интериоризирани хетеронормативни проекции и хомофобични слики за хомосексуалноста и истополовиот акт*. Меѓу мнозинството на овие испитаници употребата на ваквата стратегија на само-диференцијација и, во одредени случаи, прочистување или обезвреднување на тие коишто ја отелотворуваат хомофобичната фигурација за хиперсексуалниот и феминизиран геј маж, има за функција да ја потврди (нивната) нормалност од која се лишени во едно хомофобично општествено опкружување априори, како и да ја стекнат и одржат „фантомската“ толеранција од страна на мнозинството на „нормални“ лица.

**Сексуални средби**

Хомосоцијалната, машка и хомофобична хегемонска *потреба за сексуален углед ја затвора можноста за наоѓање на сексуални партнери и развивање на сексуални култури и го ограничува наоѓањето партнери на достапните веб-страници за средби и на тајни мрежи на пријатели*. Така, фокус групите ја дадоа информацијата дека најчестите начини на кои сексуалните и интимните контакти и средби се реализираат се преку интернет и социјалните мрежи (кај сите фокус групи), пријателски средини и социјален живот (македонската група со над просечен социјален статус), ноќниот живот, телефонски повици и договори со лица за кои веќе се знае дека се геј (ромски и албански фокус групи), крузинг простори, потрага по партнери преку испраќање на смс пораки на телевизија, преку мрежа на пријатели (македонската група со под просечен статус).

**Сексуално задоволство**

За мнозинството албански и ромски испитаници, особено за втората група, изворите на сексуално задоволство и сексуалните записи и практики кои водат кон исполнет сексуален однос се обележани со фалоцентрични слики, при што емоциите, нежноста, интимната размена, заедничкото сексуално разбирање и преговори и љубов се заменети со објектификацијата (опредметувањето) на сексуалниот партнер, при што истиот станува некој кој треба да ја глуми правилната („пасивната“) сексуална улога со што му го дава на испитаникот задоволството кое тој го бара. Исклучок од оваа општа слика се помладите Албанци со над просечен социјален статус, само-идентификувани како геј или бисексуални мажи, и многу мал дел од ромските испитаници, кои ја нагласуваат значајноста на сите аспекти од сексуалниот однос, вклучително и телесните задоволства, интимност, емотивна поврзаност, близина итн.

Мнозинството од македонските испитаници го поврзуваат сексуалното задоволство со размена на емоции и романтично организирани интимности, кои пак понатаму нудат поширок спектар на извори на задоволство.

Основната причина која што албанските испитаници ја наведуваат како пречка во остварувањето на сексуален однос е поврзана со хигиената, недостигот од козметичка грижа за телото, можни психички проблеми и грижи, секојдневни проблеми и страв од разоткривање на сексуалноста. Основната пречка кај групата на Роми е недостиг на приватен и интимен простор, потоа карактеристиките на партнерот како што се цртите на лицето, хигиена, претходна сексуална историја и искуство и сексуалните вештини на партнерот. Непријатноста предизвикана од недостигот на интимен простор, принуденоста сексуалниот акт да се изведува во автомобили или отворени простори се исто така главната пречка за остварување на задоволителни сексуални односи за македонските испитаници. Списокот на овие испитаници исто така вклучува секојдневни грижи, проблеми на работното место, сексуална инкомпатибилност со партнерот, хигиена итн. Недостигот на слободни услови и приватно организирана интимна средина ја спречува организацијата на сензуални, романтични и емотивни сексуални сцени, коишто се чини доминираат во сексуалните и интимните слики на испитаниците, и како резултат на тоа ја спречуваат можноста за остварување на исполнет и пријатен сексуален живот. Во поглед на употребата на кондоми, по дополнително поставеното прашање од страна на водителот на интервјуто, повеќето испитаници тврдат дека се свесни за намалувањето на задоволството кое понекогаш го причинува употребата на кондом, иако ова не го сметаат за значајна пречка.

**Стигма и срам**

Искусената или предвидената стигма и срам влијаат на диференцијата на перцепцијата за самите себеси и различните родови и сексуални идентитетски перформанси во разни средини меѓу приближно сите испитаници. Оваа поделба е најистакнато оркестрирана меѓу оние мажи кои цврсто се идентификуваат со позицијата на (хетеро) сексуалниот идентитет заснован врз машката родова улога, каде поделбата на публиката им нуди можност за менаџирање на информациите поврзани со сопственото сексуално однесување.

Она што го одредува и води процесот на поделба во оваа ситуација е менаџирање на информациите поврзани со сопственото сексуално однесување или истополови практики. Дел од албанските испитаници нагласуваат дека прават јасна поделеност, дури и на етничко ниво, при што дури и избегнуваат сексуални контакти со лица од албанска етничка припадност заради опасноста која се појавува во обидот да се зачува сексуалниот углед и социјалниот статус и компетентност.

Дел од интервјуираните лица категорички посочуваат на **чувствата на срам предизвикани од можноста да бидат видени со „педери“** од страна на нивните пријатели или поблиското опкружување и од блиските лица.

Македонските испитаници исто така изразија значителен степен на поделба на улогите и поделба на публиката како дел од *дневните рутини во менаџирање на информациите за сопствениот сексуален идентитет и сексуално однесување.*

Значаен број на Македонци, но исто така и Албанци, испитаници, повеќето само-идентификувани како геј или бисексуалци, имаат нијансирани и поразвиени **блиски врски на пријателства и љубов со други МСМ и геј мажи,** при што овие врски ги истакнуваат како вреден извор на емотивна размена, разговор на теми и практикување на дискурси поинакви од оние искусени во хомо-социјалното опкружување. Дел од нив тврдат дека имаат поголемо чувство на слобода со МСМ и хомосексуалните пријателски кругови и практикуваат

поавтентична верзија на самите себеси. Социјалниот простор на МСМ и другите геј мажи е претежно приватен простор без истакната јавна видливост или развиена култура, но сепак, претставува простор на слобода и удобно изразување, каде не мора да менаџираат информации ниту да преговараат или разрешуваат тензични ситуации.

Повеќето од интервјуираните лица кои изјавија дека го разоткриле нивниот хомо/бисексуален идентитет пред своите хетеросексуални пријатели, потврдуваат дека избегнуваат моменти на исповед или се впуштаат единствено во **контролирано споделување на информации поврзани со сопствениот емотивен, интимен и сексуален живот.** Во овие ситуации се чини дека тие преговараат со ветувањето за еднаквост кое понекогаш наликува на ветувањето за премолчување на разликата која може да ги изложи како различни, и така не го прекршуваат договорот за апстрактната или универзална еднаквост меѓу учесниците во ритуалите на интеракција, со што не се изложуваат на интеракциска погрешна вмешаност. **„Фантомската прифатеност“,** очигледна во ваквите ситуации, може лесно да одведе кон појава на врски на зависност. Врските на зависност, пак, го ставаат стигматизираниот во ситуација на постојана асимилација на однесување коешто е во согласност со кодовите на очекуваното во рамки на комуникациските ритуали со „нормалните“, се со цел да се одржи стекната прифатеност во неповолни услови (однесување според очекувањата на другите и без прекршување на комфорот на нормативните ситуации) и одржување на социјалната компетентност и толеранција.

Неколку испитаници споделија приказни кои сведочат за трансформативниот потенцијал и политичката, социјалната и лична реартикулација на понижувачките истории.

**Проценување на ризик и превенција**

Помеѓу албанските и ромските испитаници ја идентификувавме тенденцијата кондомот да не се употребува со постојаните женски партнери, или машки партнери, за кои се тврди дека му се познати на испитаникот или се знае нивниот здравствен статус. Многу често процената за употреба на кондом се заснова на генерализирано, случајно и провизорно морално и емоционјално вреднување на „другите“ кои се согледуваат како здравствен ризик. Многу често одлуката дали да се користи кондом се заснова на впечатокот што го остава партнерот, или, пак, познавањето, верувањето и довербата поврзани со партнерот. Илустрација на оваа склоност е фактот дека испитаниците редовно, според нивното тврдење, употребуваат кондом при сексуален однос со непознати лица, во и надвор од Македонија, и со сексуални работници. Кондомите се користат само при анален и ретко при орален секс. Од друга страна, оние испитаници кои изјавуваат дека користат кондом со сите освен со своите женски партнери (сопруги, веренички и девојки), во својата сексуална пракса со мажи, односно со сите, исто така имаат одбрани, проверени и постојани машки партнери со кои не користат кондом. Ова значи дека, преку последователните прашања, се утврди дека ваквата проценка на ризикот резултира со случајна и ретка употреба на кондомот и затоа не може да преставува сигурна стратегија за превенција.

Иако меѓу македонските испитаници се препознава задоволително познавање и добра информираност и стратегии за заштита од ХИВ и СПИ (сексуално преносливи болести), сепак меѓу овие испитаници се забележува погрешна информираност и генерализирани и збунувачки процени за здравствениот статус на партнерот засновани на физичката појава, како и модел на употреба на кондоми со нови и непознати партнери, додека кондомот не се употребува со познати или постојани партнери.

Специфичноста на македонските испитаници, во поголем дел оние идентификувани како геј или бисексуални мажи е дека меѓусебниот договор и заеднички превземените мерки низ дијалог и договор се најчести. И тука,

кондомот најчесто се употребува со непознати партнери, но значајно е да се спомне дека дел од испитаниците инсистираат на постојана употреба на кондом.

**Сексуално здравје**

Основниот извор на информации и услуги поврзани со сексуалното и репродуктивно здравје меѓу сите испитаници се услугите понудени од граѓанските здруженија кои работат во областа на намалување на штети, сексуално и репродуктивно здравје и превенција и заштита од ХИВ. Примарниот здравствен систем и приватните здравствени клиники многу ретко се посетувани од нашите испитаници. Причините за оваа состојба варираат, а вклучуваат недостиг на информации, недостиг на доверба, страв од можно сексуално засрамување, финансиски или пречки во здравственото осигурување, недостиг од достапност на услуги итн. Мнозинството од албанските и ромските испитаници ги користат услугите понудени од невладините организации, иако дел од албанските испитаници изјавија дека користат услуги за сексуално и репродуктивно здравје во странство. Македонските испитаници изјавија дека ги користат услугите на државните како и на приватните клиники, иако мнозинството посочуваат на услугите понудени од Х.Е.Р.А, ЕГАЛ и ХОПС.[1]

Услугите коишто нашите испитаници ги користат најчесто се поврзани со тестирање за ХИВ и СПИ, од кои вторите се за дијагностички потреби или потреби од медицински интервенции. Потребните услуги се остваруваат кај уролог, гинеколог или дерматолог. Неколку испитаници соопштија дека посетиле професионални лица за ментално здравје, поврзано со оформувањето на нивниот сексуален идентитет и општествениот притисок како резултат на нивната сексуална ориентација.

Забелешка што загрижува е фактот дека неколку испитаници, исто така, изјавија дека при барањето на советување за СРЗ постои опасност од добивање на совет и услуги насочени директно кон нормализација или преобраќање на нивната сексуална ориентација.

Само мал дел од испитаниците имале потреба за советување поврзано со сексуалното и репродуктивното здравје како интегрален и постојан дел од услугите за сексуално и репродуктивно здравје. Попрецизно, најголемиот дел, вообичаено, не го регистрира/идентификува во рамките на услугите за сексуално и репродуктивно здравје. Освен веќе постојните и достапни услуги, претежно понудени од центрите и услугите на невладините организации кои работат во областа на сексуалното и репродуктивно здравје, испитаниците не посочија на други услуги кои според нив недостигаат или се потребни, иако многу мал дел ја нагласија потребата за развој на пошироки услуги поврзани со сексуалното и репродуктивното здравје на мажите, особено советување.

**1** ХЕРА- Асоцијација за здравствена едукација и истражување од Скопје, ЕГАЛ- Еднаквост за геј и лезбејки од Скопје и ХОПС –Опции за здрав живот од Скопје.

# ПРЕПОРАКИ

## 1. ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

### 1.1 ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ

Државните здравствени институции треба да:

- ✦ Обезбедат финансиска стабилност и препознавање на пријателските услуги за сексуално здравје наменети за МСМ кои ги обезбедуваат невладини организации во рамките на национална Програма за превенција на ХИВ
- ✦ Формираат работно тело кое ќе понуди стратегии за подобрување на услугите и на пристапноста на постојната јавно - здравствена мрежа во делот на услугите за сексуално и репродуктивно здравје на мажите.
- ✦ Да иницираат јавно – здравствени кампањи за зголемување на побарувачката за медицински услуги, како и советување за сексуално и репродуктивно здравје на мажите.

Исто така невладините организации кои веќе работат со МСМ и ЛГБТК популацијата треба да:

- ✦ Продолжат со тековната понуда на услуги и да отворат нови центри за услуги ширум земјата, скроени за потребите на сите заедници кои живеат во Македонија.
- ✦ Развијат стратегии за искористување на постојните социјални хоризонтални облици на споделување на знаењето во рамките на МСМ и геј средината како средство за превенција на ХИВ и СПИ.

### 1.2 КОМУНИКАЦИЈА ЗА ПРОМЕНА НА ОДНЕСУВАЊЕТО

Идните јавно - здравствени кампањи фокусирани на превенција на ХИВ треба да ги употребат следните увидувања:

- ✦ Употребата на кондом при секој сексуален однос ( и за анален и за вагинален секс) е најефикасната стратегија за заштита од ХИВ и СПИ.
- ✦ Не постојат специфични групи кои пренесуваат ХИВ или СПИ, туку специфични сексуални однесувања кои се ризични во однос на ХИВ и СПИ.
- ✦ Секој е одговорен за заштита на сопственото здравје и благосостојба.
- ✦ Стратегиите за проценка на ризикот засновани врз морална и емоционална проценка на партнерот не се ефективни.
- ✦ Митовите и стигмата за ХИВ позитивните лица да се демистифицираат преку информирање на јавноста за начините на пренос и за фактот дека лицата кои живеат со ХИВ се само пациенти со хронично заболување.
- ✦ Одржување и употреба на веќе достапните мрежи за врсничка поддршка меѓу МСМ и геј мажите како вреден медиум за имплементирање и развој на програми за превенција.

## 2. ИДЕНТИТЕТ

Соодветните државни институции и државни функционери треба да:

✦ Ги подобрат актуелните содржини на наставната програма и програмите кои се однесуваат на образование за род, родов идентитет, родова еднаквост и сексуалност на сите нивоа на образование, на начин достапен за сите заедници, вклучително и за Ромите и Албанците.

✦ Да се започнат јавни кампањи кои ќе целат кон разобличување на родовите стереотипи, традиционалните родови улоги и сексуалната стигма.

Граѓанските здруженија насочени кон МСМ и геј и бисексуални мажи, како и здруженијата кои работат во областа на родова еднаквост треба да:

✦ Поттикнуваат создавање на коалиција со организациите за женски права со цел зајакнување на алијансите за човекови права и родова еднаквост.

✦ Поттикнуваат активности за зајакнување на заедницата преку развој и спроведување на образовни родови програми меѓу МСМ и ЛГБТК заедницата.

## 3. СТИГМА

Државните институции и државните функционери треба да ги преземат следниве препорачани мерки за надминување на актуелната состојба:

✦ Иницираат кампања, во која ќе се вклучат донесувачите на одлуки, академската јавност, стручната јавност од областа на медицинската и социјалната сфера, за разобличување на ненаучните изјави и тврдења кои ги стигматизираат не-хетеросексуалците (како што е ненаучната изјава дека хомосексуалноста не е природна и е нездрава) од јавниот дискурс и државната наставна програма.

✦ Вклучат информации за сексуалната различност во рамки на државна наставна програма и да се предвиди градење на капацитети на наставниот кадар, на сите образовни нивоа, со што на младата генерација на ЛГБТК ќе ѝ се овозможи да живее во средина ослободена од стигма, заплашување и принуда.

✦ Овозможи атмосфера на поддршка преку признавање на сексуалниот и родовиот идентитет во националната легислатива за дискриминација и со усвојување на соодветните закони за злосторствата извршени од омраза против ЛГБТК заедницата.

✦ Развијат мерки на политики, стратегии и кампањи за борба против говорот на омраза насочен против сексуалните и родови малцинства.

✦ Осигури дека Народниот правобранител и Комисијата за заштита од дискриминација дејствуваат во согласност со нивните надлежности и соодветно да реагираат и да преземат превентивни мерки кон дискриминаторски, стигматизирачки и хомофобичен говор на омраза.

# ВОВЕД

За разлика од неодамнешните промени во регионот, во поглед на фактот дека сите соседни земји усвоија закон за не-дискриминација со кој се забранува дискриминација на основа на сексуална ориентација, Македонија сè уште нема усвоено сеопфатен закон, а дополнително беа покренати и серија на хомофобични дебати во поглед на вклучувањето на сексуалната ориентација како основа за заштита во законот. Недостигот од законски одредби за заштита на не-хетеросексуалците и отсутноста на политичка волја за покревање на прашања поврзани со човековите права на сексуалните малцинства загрижува особено доколку се земе во предвид дека сè уште постои високо ниво на страв меѓу не-хетеросексуалците од социјална исклученост и стигматизација која е во взаемен однос со шокантно високите стапки на хомонегативните ставови меѓу општата популација. Имено, неодамнешни студии покажа дека мнозинството на граѓани не ја одобруваат хомосексуалноста (91,6%) (Клековски 2009), и друго истражување спроведено на почетокот на годината (Симоска 2009), кога мнозинството на македонски граѓани одговорија дека не е прифатливо нивните соседи да имаат сексуални односи со лица од ист пол (62.2%). Иако повеќе од 10 години по декриминализацијата на машката хомосексуалност, секој трет испитаник во анкетата го дели ставот (33, 7%) дека истополовите сексуални односи треба да се сметаат за криминален прекршок, и дополнително, осум години по отстранувањето на хомосексуалноста од списокот на болести извршено од страна на СЗО во 1991 година (СЗО 1992), за повеќето испитаници хомосексуалноста е болест (48%), додека една третина(33%) не се согласува со овој став. Истовремено, секој пет испитаник(19%) одговори „не знам" во однос на дефинирање на хомосексуалноста (ibid.).

Република Македонија не располага со официјални податоци кои би ја претставиле конкретната состојба со прекршоците на човекови права и дискриминација на сексуалните малцинства. Ниту една од институциите за човекови права не спроведува постојано надгледување на овие проблеми на систематски начин. Овде не само што се мисли на Јавниот обвинител, но и на Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда во однос на физичкото и психолошко насилство. Иако не нудат интегрална слика и точен и потполно верен увид во проблемот, невладините организации развија соодветни механизми за надгледување и документација на прекршоците на човекови права и дискриминација на разните маргинализирани заедници, вклучително и сексуалните малцинства.

Извештаите издадени од ЛГБТК активистите и организации за човекови права посочуваат на високо ниво на прекршоци на човекови права, стигма, социјална исклученост и дискриминација. (МАССО 2008) Ова дополнително се потврдува со извештаите издадени од страна на меѓународни организации и тела за човекови права, како што е Извештајот за напредок на Македонија од Европската комисија за 2008 и 2009 година.

Невладините организации известуваат за дискриминација и прекршоци на човекови права извршени од различни актери, не-државни како и државни институции. Во Годишниот извештај за Состојбата за човекови права на ЛГБТК популацијата во Македонија, издаден во 2008 година, Македонската асоцијација за слободна сексуална ориентација – МАССО известува за 20 документирани случаи на дискриминација против ЛГБТК лицата. Извештајот наведува дека голем дел од насилството е претрпено од трансродови лица кои доаѓаат од ромската заедница. Информацијата што најмногу загрижува, добиена при процесот на документација, е дека

голем дел од прекршувањата на човековите права на ЛГБТК заедницата се извршени од страна на полицијата (МАССО 2008: 133). Како највпечатлив случај на прекршување на човековите права, организацијата го наведува случајот на прекршување на правото на слобода на собир кога Општина Центар го забрани одржувањето на забавата по повод затворањето на Скопје Квир Фестивал, којашто требаше да се одржи во центарот на градот кај споменикот на Мајка Тереза. Забавата беше забранета со објаснување на градоначалничката дека „според нејзе тие не се морално соодветни за да одржат таков настан во близина на споменикот на Мајка Тереза, религиозен споменик каде што луѓето положуваат цвеќиња". (Ibid: 139)

Коалицијата за заштита и промоција на сексуалните и здравствени права на маргинализираните заедници изјави дека во 2009 година (Трајковски 2009), се документирани индивидуални случаи на насилство врз ЛГБТК лица и индивидуални случаи на дискриминација. Како резултат на недостигот на доверба во државата и судовите, Коалицијата извести дека во ниту еден случај не била покрената каква било официјална постапка, ниту пак случајот бил пријавен. Исто така, стравот од психолошко и физичко насилство и дискриминација на работното место, во семејството и во јавноста, како и стравот од принуденост да се лекува нивната сексуална ориентација, ги попречува од изразувањето на сопствената сексуална ориентација пред семејствата, пријателите, колегите и јавноста. Како резултат на потиснувањето предизвикано од страв од насилство, не постојат јавни не-хетеросексуални врски во Република Македонија, а бројот на активистите кои јавно се залагаат за сексуалните права на ЛГБТК и мажи кои имаат секс со мажи (МСМ) е ограничен. Така, мал број ЛГБТК и МСМ лица сакаат да го остварат своето право на заштита на нивните сексуални права во постојните државни институции. (ibid.)

Во Извештајот за напредок од 2011 година, Европската комисија исто така посочи дека Законот за анти-дискриминација не е усогласен со легислативата на ЕУ, бидејќи „е исклучена дискриминацијата врз основа на сексуалната ориентација".[2] Извештајот особено нагласува дека ЛГБТК заедницата „продолжува да биде изложена на дискриминација и стигматизација" и дека постои потреба од кревање на свесноста не само за новите законски одредби, но и за принципите на почитување и толеранција на различноста.[3] Во јуни 2011 година, Советот на Европа го промовираше извештајот „Дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во Европа", кој посочува на бројни забелешки за состојбата во Република Македонија.[4]

### Мажи кои имаат секс со мажи и ХИВ/СИДА во Македонија

Македонија е земја со ниска стапка на ХИВ (<0.1%). Сепак „Извештајот на Република Македонија за напредок на земјите наменет за Специјалната седница на Собранието на Обединетите нации за СИДА (UNGASS) од 2012" посочува дека од сите случаи на ХИВ, речиси три четвртини се мажи.[6] Исто така, годишниот извештај на

---

**2** Progress Report, 2011, p. 18, http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2011/package/mk_rapport_2011_en.pdf. The Macedonian translation still reads: "Discrimination on the grounds of sexual determination".
**3** Види исто, стр. 19.
**4** На пример, во извештајот Македонија во 2004 година се наоѓа меѓу 12 земји во кои постоеле случаи на забрана и/или административни пречки за настани поврзани со „паради" или други масовни јавни културни ЛГБТК настани и меѓу 10 земји без идентификувана легислатива со која се уредува законско признавање на родот.
**5** ХЕРА (2012). Свидетелство: ХИВ превенција меѓу мажи кои имаат секс со мажи - Македонија. Скопје: ХЕРА..
**6** UNGASS COUNTRY PROGRESS REPORT 2010, Министерство за здравје на Република Македонија, достапно на:http://www.unaids.org/en/dataanalysis/knowyourresponse/countryprogressreports/2010countries/macedoniafyrom_2010_country_progress_report_en.pdf
**7** Институт за јавно здравје на Република Македонија (2010). Извештај за имплементацијата на програмите за превентивно здравје од 2009 година. Скопје: Институт за јавно здравје на Република Македонија

Институтот за јавно здравје од 2010 година покажува дека повеќе од половината од ново-инфицираните случаи се МСМ.[7] Покрај редовниот епидемиолошки надзор, основниот извор за податоци за ХИВ и МСМ во Македонија се био-бихејвиоралните студии извршени во периодот од 2005 до 2010 година од страна на Институтот за јавно здравје во рамките на Програмата за глобален фонд. Студиите се креирани со цел да се обезбедат податоци за познавањето и однесувањето меѓу МСМ во согласност со индикаторите на UNGASS, но исто така и да се измери распространетоста на ХИВ меѓу оваа популација. Додека во 2006 година студијата била извршена врз примерок кој не бил репрезентативен, покажувајќи дека распространетоста на ХИВ меѓу МСМ (2,17%) е највисока во споредба со другите групи, последната студија од 2010 година покажува дека распространетоста кај примерокот е 0,0%. Истата студија има големо значење затоа што е извршена врз голем и репрезентативен примерок кој вклучувал 388 испитаници. Исто така, студијата користела методологија на РДС (Respondent driven Sampling), посочувајќи дека процената на МСМ популацијата во главниот град Скопје е 3,8 % од вкупната популација на мажи на возраст помеѓу 18 – 58 години. Екстраполацијата на овој резултат на национално ниво посочува дека постојат приближно 19.300 МСМ во Македонија.[8]

Оваа студија исто така информира дека превенцијата на ХИВ е релативно висока, но од друга страна предрасудите за начинот на пренесување на ХИВ сè уште преовладуваат, и само 22,7% од испитаниците одговориле точно на сите прашања поврзани со клучните индикатори на UNGASS. Во поглед на своето прво сексуално искуство, една третина од испитаниците првиот сексуален однос го имале на 15, додека останатите (70,3%) на 17 годишна возраст. Постојаната употреба на кондом при анален секс во текот на последниот месец е забележана само кај 21,7% од испитаниците, факт сличен на согледувањата меѓу пошироката популација на мажи, од кои во текот на последниот месец 23,4% изјавиле дека користат кондом при секој сексуален однос.[9] **Во поглед на целите на оваа студија, значајно е да се каже дека био-бихејвиоралната студија од 2010 година посочува дека повеќето од испитаниците (77,9%) имаат постојан сексуален однос со жени и мажи.** Кога биле запрашани дали извршиле тестирање за ХИВ во минатите 12 месеци, само 15,5% од испитаниците одговориле позитивно. Студијата нагласува дека голем дел од испитаниците (41,5%) се уверени дека нивното однесување не е ризично. Земајќи ги во предвид сите согледувања, може да се заклучи дека МСМ се група најранлива на ХИВ и СПИ во земјата.

Во 2010 година, врз база на методологија развиена од Меѓународната федерација за планирано родителство, Глобалниот форум за МСМ и ХИВ (MSMGF) и Фондот за население на Обединетите нации (UNFPA), ХЕРА во партнерство со ЕГАЛ издадоа „Свидетелство: ХИВ превенција меѓу мажи кои имаат секс со мажи – Македонија".[10] Свидетелството анализира четири клучни компоненти: законскиот и социјалниот контекст, пристапноста и достапноста на услуги и учество и права. Ова кратко истражување за МСМ е едно од првите во земјата кое го надмина био-бихејвиралниот пристап и ја зеде во предвид социјалната благосостојба на МСМ. Исто така методологијата во Свидетелството им овозможи на претставниците на МСМ да ги споделат своите мисли со изјавите на креаторите на политики за легислативата, политиките, програмите и услугите во земјата. Свидетелство: ХИВ превенција меѓу МСМ посочува дека „не постои конкретен закон во Македонија кој ги штити МСМ од стигма и дискриминација". Како и многуте други студии, Свидетелството покажува дека наставниот план

**8** Владимир Микиќ, Гордана Кузмановска, Шабан Мемети (2012) Извештај за био-бихејвиралната студија и популациска проценка меѓу МСМ во Македонија. Скопје, Институт за јавно здравје на Република Македонија
**9** Борјан Павловски (2012). Проценка на сексуалното и репродуктивно здравје и права во Република Македонија. Скопје: Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените.
**10** ХЕРА (2012) Свидетелство: ХИВ превенција меѓу мажи кои имаат секс со мажи - Македонија. Скопје: ХЕРА.

во училиштата не нуди информации за сексуалноста и стимулира хомофобични ставови при дефинирањето на хомосексуалноста (во учебниците) како болест. Следствено, истражувањето покажува дека „Стигмата од ХИВ и хомофобијата постои на секое нивоа на општеството (меѓу здравствените и социјалните работници, носителите на одлуки, медиумите, меѓу општата јавност и младите луѓе). Внатрешната хомофобија меѓу МСМ исто така е присутна". Меѓу другите, една од препораките за преземање на идни активности за подобрување на животот на МСМ во земјата е следната: „Да се спроведат различни истражувања, во партнерство со организации на МСМ/ЛБГТК, во однос на само-идентификација на членовите на заедницата на МСМ, на нивните пошироки потреби, подеднакво во урбаните и руралните средини, за да се истакнат и да се земат предвид различните здравствени, социјални и културни потреби на заедницата на МСМ во Македонија".

Во овој поглед, значајно е да се спомне „Истражувањето во заедницата од Европската МСМ интернет анкета[11] (EMIS) во 2010 година, иако резултатите треба да се разгледаат со голема доза на резервираност бидејќи прашалникот не беше достапен на македонски јазик. EMIS посочува дека Македонија е една од европските земји со најниска пропорционалност на МСМ „кои *ја откриле* (13,6%) пред семејствата, пријателите и работата или универзитетските колеги привлечноста кон истиот пол". Исто така се истакнува податокот дека само 44% од испитаниците од Македонија одговориле дека се среќни со својот сексуален живот. Ова ја прави Македонија, веднаш по Босна и Херцеговина, втората земја во Европа со најнизок процент на МСМ граѓани кои се среќни со сопствениот сексуален живот.

На извесен начин сите овие студии посочуваат дека стигмата и високото ниво на хомофобија ги изолира МСМ во рамките на општеството, дека е мал бројот на невладини организации кои работат со и нудат поддршка на оваа популација и дека активизмот е сè уште во својот зачеток. Иако постои солидна база за сексуалното однесување и одредени податоци за правниот и политичкиот контекст, сè уште постои очигледен недостиг на информации кои би понудиле сеопфатна основа за позицијата на МСМ во Македонија со која ќе се опишат ефектите на поврзаност на општествените фактори и идентитетот.

Ова е основната причина зошто следното истражување во заедницата цели да ја истражи можната поврзаност меѓу различните родови и сексуални идентитети, сексуалните однесувања, сексуални ризици и сексуално здравствени потреби на МСМ во разни социо-културни средини во Македонија.

**11** Robert Koch Institute (2010) The European MSM Internet Survey (EMIS) Community Report. Berlin: Robert Koch Institute.

# МЕТОДОЛОГИЈА

За потребите на истражувањето е употребувано квалитативно собирање на податоци и анализа во две фази.

Во првата фаза со поистражувачки карактер беа вклучени фокус групи (ФГ) со цел да се откријат и детектираат основните поими, категории и верувања во врска со сексуалните идентитети, како и потребите и практиките кај таргет популацијата произлезени од сексуалното здравје.

Во втората фаза се применуваа полу-структурирани, длабински интервјуа со цел да се соберат информации за практиките на идентификација и сексуално - здравствените потреби и практики помеѓу МСМ популацијата.

Податоците од фокус групите и интервјуата беа собирани во периодот од април до септември 2012 година.

**КВАЛИФИКУВАНОСТ**

Критериумот за квалификуваност вклучуваше мажи над 18 годишна возраст кои имале еден или повеќе машки сексуални партнери во последните две години.

**ПРИМЕРОК**

Истражувањето имаше за цел да овозможи разнобразен примерок во однос на етничката припадност, возраста и социјалниот статус, со цел да се рефлектираат различните аспекти од засегнатиот феномен**.**

Најголемиот дел од македонските испитаници беа жители на Скопје. Претставниците од албанската заедница се жители на Скопје и Тетово, додека најголемиот број на интервјуирани Роми доаѓаат од скопската општина Шуто Оризари. Главната причина за ваквиот пристап е тоа што МСМ сцена не постои никаде освен во главниот град и припадниците кои живеат во други градови во Македонија тешко се лоцираат. Тетово беше вклучен во истражувањето, бидејќи невладината организација ЕГАЛ има развиено одредени контакти и започнува со активности на воспоставување контакти во овој град.

**Критериумот за социјалниот статус беше определен според месечниот приход на испитаникот на следниот начин:**

✦ Натпросечен социјален статус: приход кој е за 30% повисок просечната исплатена нето-плата[12]

✦ Потпросечен социјален статус: приход, еднаков или понизок од најниската нето -плата.

Имајќи ја во предвид високата невработеност, како и продолжениот период на економска зависност од родителите во земјава, при определувањето на приходот кој испитаниците го примаат на месечно ниво, освен платите, во обзир беа земени и други извори на финансии, џепарлак, парични додатоци, родителска издршка, итн. Додека траеше процесот на пред-селекција за определување на социјалниот статус, предвид беа земени и податоци за образованието, професиите и работниот статус.

Во поглед на возраста, испитаничката маса беше формирана врз база на две старосни групи, првата со старосна граница над 30 години и втората под 30 годишна возраст, односно пд 18 до 30 години.

**12** Извештај на државниот завод за статистика – Февруари 2012

## ПРВА ФАЗА – ФОКУС ГРУПИ

За потребите на истражувањето беа формирани шест фокус групи и тоа според етничката припадност (Македонци/Албанци/Роми). Македонските фокус групи беа структурирани врз основа на уште два дополнителни критериуми: возраст (18-30 и над 30) и социјален статус (над/под просечен). Дел од групите претставуваа друштва (група на пријатели кои имаат постојана и честа интеракција).

Истражувачкиот тим ги регрутираше учесниците во фокус групите со помош на воспоставените контакти на вработените од невладината организација ЕГАЛ. Двајца членови од тимот беа задолжени за собирање на податоците, од кои едниот беше одговорен за дополнително објаснување со употреба на водичот за дискусија, додека другиот за прибележување. Секој од разговорите беше проследен со аудио запис.

Сите 28 учесници со различна етничка припадност живеат во Скопје. Фокус групите во однос на различните критериуми се презентирани во следнава табела:

| | Националност | Возраст | Социјален статус | Број на учесници |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонец | сите | над просечен | 7 |
| 2 | Македонец | сите | под просечен | 4 |
| 3 | Македонец | 18 - 30 | сите | 4 |
| 4 | Македонец | Над 30 | сите | 4 |
| 5 | Албанец | сите | сите | 4 |
| 6 | Ром | сите | сите | 5 |
| **Вкупен број на учесници** | | | | **28** |

## ВТОРА ФАЗА – ИНТЕРВЈУА

Вкупниот број на интервјуирани лица беше 39. Испитаниците од македонска национална припадност беа поделени во две старосни групи (млади 18-30 и над 30) и две социјални (над / под просечна). Тројца од испитаниците живеат во Тетово, додека другите се од Скопје. Најголем дел од ромските претставници се жители на општината Шуто Оризари во Скопје.

Членовите на истражувачкиот тим ги селектираа и регрутираа учесниците за интервјуто, користејќи го контактите во геј мрежата. Процесот на регрутација исто така беше потпомогнат и од невладината организација ЕГАЛ, преку инволвирање на припадниците на МСМ сцената кои ги користат нејзините услуги.

Интервјуата со албанските испитаници беа спроведени на албански јазик. Сите разговори имаат аудио записи и по барање на интервјуираните лица, кај дел од записите гласовите беа модулирани. Табелата подолу го илустрира профилот и бројот на испитаниците:

| Локација | Националност | Број на испитаници | Социјален статус | Возраст |
|---|---|---|---|---|
| **Скопје 36 длабински Интервјуа** | Македонец | 5 | над просечен | Над 30 |
| | Македонец | 2 | под просечен | |
| | Македонец | 6 | над просечен | 18 - 30 |
| | Македонец | 6 | под просечен | |
| | Албанец | 8 | Сите | Сите |
| | Ром | 9 | Сите | Сите |
| **Тетово 3 длабински Интервјуа** | Albanian | 3 | Сите | Сите |
| **ВКУПЕН број на испитаници** | | | | **39** |

## ЕТИЧКИ ПРИНЦИПИ

Истражувачкиот тим ги имплементираше и двете фази, односно членовите на тимот беа задолжени за организирање и анализа на дискусиите со фокус групите, како и за спроведување на сеопфатните интервјуа. Истражувачите имаат претходно искуство со таргетирани групи, работејќи како активисти, академски работници, теренски работници и сервисни работници (волонтерско и доверливо советување и тестирање за ХИВ). Водачот на истражувачкиот проект е академски работник чиишто главни теоретски и творечки интереси се насочени кон прашањата за родот, културолошката теорија, политичката филозофија, идентитетот и нарацијата, деконструкцијата на субјективитетот и квир теоријата. Воедно, дел од членови на тимот беа инволвирани во креирањето и имплементирањето на националните ХИВ политики и стратегии, а зедоа учество и во истражувачкиот тим кој ги спроведуваше претходните био-бихејвиористички истражувања во доменот на МСМ, како и други ЛГБТК истражувања во земјава. Важно е да се спомне дека дел од истражувачите се едни од основоположниците на граѓанскиот активизам за ЛГБТК правата во Македонија. Во склоп на претходното, испитаниците поминаа низ еднодневна обука и координација за спроведување на интервјуата и за употреба на полу-структурираниот прашалник.

Фокус групите, како и интервјуата беа спроведени на безбедни места во Скопје, или попрецизно во канцелариите на ЕГАЛ и ХЕРА. Испитувањата се вршеа надвор од работното време, а беа преземени и дополнителни мерки со цел да се избегне средба со вработените. Сите учесници во групите и испитаниците во интервјуто, по претходно информирање, писмено се согласија пред да бидат инволвирани во истражувачкиот процес. На овој начин, целите на истражувањето, организацијата за имплементирање, начинот на справување и заштита на аудио снимките како и можноста за откажување на секој учесник во која и да било фаза од процесот, беа јасно изнесени.

Учесниците во фокус групите како и испитаниците добија финансиски стимул од 400 денари за учество во групите и 1000 денари за земање учество во интервјуата.

## СТРУКТУРА НА ИНТЕРВЈУАТА

Во текот на интервјуата користевме полу-структурирани прашалници, при што и покрај дефинираната и организирана група прашања, можностите за одговори и интервенција од страна на испитаниците беа оставени широко отворени, вклучувајќи ја и можноста тие да поставуваат дополнителни прашања во случаите кога е потребна појаснување. Испитувањата беа спроведени во согласност со начелата и инструкциите претходно определени од страна на главниот истражувач.

Фокус групите во поголема мера имаа истражувачки карактер со цел да се откријат и идентификуваат основните термини, категории и верувања во врска со родовите и сексуалните идентитети како и потребите и практиките произлезени од сексуалното здравје кај таргетираната маса. Како предмет на интерес се појавија поголем збир на истражувачки прашања, концепти и категории, кои претставуваа база за креирање на прирачникот за дискусии со фокус групите. Водени од сознанијата од фокус групите, како и специфичноста на сеопфатните интервјуа, полу-структурираниот индивидуален прашалник беше сведен на неколку главни категории.

Прашалниците од интервјуата беа организирани во согласност со главните истражувачки цели и основни истражувачки проблеми, меѓу кои родовиот идентитет, сексуалниот идентитет, стигмата/срамот, вклученоста во социјалниот живот и заедницата, сексуалното здравје и процената на ризикот. За секоја од групите на

проблеми опфатени со истражувањето беа креирани серии прашања кои покриваа различни и, колку што е можно повеќе, опширни аспекти од проблемот под истрага. На пример, прашањето за родовиот идентитет беше истражувано преку собирање на информации од испитаниците поврзани со нивната само-идентификација и само-перцепција, вклучувајќи ги и значењата кои тие ги им препишуваат на нивната родова идентификација, родово позиционирање и практиките опфатени во регистрите на трудот, катезата, сексуалните и интимни односи), односите на моќ, телесната слика, родовите перформанси во хомосоцијални средини, практиките при регулирање на родовото однесување, итн.

Аспектот што понатаму сакавме да го проучиме беше односот кој сексуалниот и родов идентитет го развиваат кон нивната политизација и следствено, трансформација не само на поединецот во смисла на сопствениот сексуален/родов идентитет, туку и поширокиот родов/сексуален систем. Ова со себе го повлекува нивото на свесноста за сопствената обесправеност/маргинализираност во општеството, односно препознавањето на нееднаквите општествени услови како предуслов за политичка мобилизација и општествена трансформација. Следствено, во иста насока, она што беше исто така важно за истражувањето е чувството на заедништво, споделениот идентитет и социјалните услови за егзистирање и припаѓање во една поголема заедница или група. Во поширока перспектива, овој склоп на прашања ни овозможи увид во различните начини на кои поединецот го перципира својот идентитет и род/сексуалност, односно до колкав степен, само-перцепцијата е определена од, повеќе или помалку, приватизираните и интимни увиди во сопствениот идентитет, како и до кој степен само-свесноста е политизирана и со тоа инволвирана во поширoката сфера на општествени и политички антагонизми и трансформации, вклучувајќи ги овде и различните социјални вектори кои ги детерминираат или им влијаат на овие перцепции.

Друг дел од прашањата ги проучуваа искуствата на срам и страв или стигма, во контекст на нивната социјална и релациона димензија. Целта беше да се соберат информации за генералниот социјален контекст во однос на не-нормативните сексуални и родови практики и идентитети и за тоа како хегемонските категории наметнати од општеството се рефлектираат врз конструкцијата на идентитетот и неговите варијации во различни општествени контексти. Овој склоп на прашања имаше за цел да го проучи влијанието на стигматизирачките интерпелации врз процесот на идентификација и навигација помеѓу различните идентитетски избори, како и да обезбеди информации за различните влијанија на стигмата врз прифаќањето или отфрлањето на одредени категории на идентитет, како и врз реартикулација на хегемонските категории на истиот. Ова понатаму нè води не само кон само-перцепцијата на мажите за себе во врска со стигмата, туку и кон тоа како ги перципираат и се поврзуваат со другите групи обележани од стигматизирачкото етикетирање, односно како ги репродуцираат стигматизирачките ефекти врз родовата и сексуална нормативност или преговараат и се борат со нив.

Што се однесува до социјалните и преживеани искуства во однос на сексуалниот идентитет, сакавме да ги проучиме, и каде што е можно да ги забележиме, разликите помеѓу градењето на социјални светови кај не-хетеросексуалците и хегемониските социјални односи (пријателство, секојдневен живот, сексуални практики, љубовни врски, ноќен живот, итн.), како и начинот на кој тие се поврзани, дали како опозициски однос, преку преговарање или соучество. Уште поважно, целевме кон тоа да добиеме увид во начините на кои хетеронормативните репрезентации на хомосексуалните, бисексуалните и квир сексуалните идентитети се имитирани, поткопувани, реевалуирани и одигрувани во заедниците на сексуално и родово не-конформистички однесувања и идентитети. Предмет на анализа беа и искуствата на дискриминација и социјално исклучување, искуствата на откривање на сексуалниот идентитет (coming out) и реакциите кои ги проследуваат, посебно од перспектива на нивното влијание врз формирање на идентитетот и емоционалните траги кои ги оставаат врз индивидуата..

Следната група прашања имаше за цел да ги проучи хетерогеноста или хомогеноста на сексуалните скрипти рефлектирани врз сексуалните практики и извори на сексуални задоволства помеѓу мажите кои имаат сексуални односи со мажи, и начините на кои овие скрипти се поврзани и условени со/од социјалната и културната поставеност на маргинализираните сексуални и родови идентитети. Исто така, се обидовме да собереме податоци и да ги проучиме сексуалните култури кои се развиени меѓу сексуалните малцинства и топографијата на сексуалните средби и како таа е поврзана со генералниот и хегемониски социјален контекст, како и со идентитетските формации. Интерес за нашето истражување беше и начинот на кој разновидноста на еротските задоволства и модулите на сексуалните практики е засенета од сексуалниот идентитет зацврстен на оската на сексуалната ориентација или кои други можности за сексуална само-идентификација се отворени со практикувањето на одредени сексуални однесувања.

Последната група на прашања се обидоа да ги истражат практиките на преземање ризик и како тој се преговара при сексуалните средби со партнери, љубовници, пријатели само за секс или при привремени средби за секс. Разбирањето на ризикот беше земено во предвид со посебен акцент на ХИВ и сексуално преносливите болести. Во фокусот на нашиот понатамошен интерес беа ставовите на испитаниците кон превентивните пораки за ризикот асоциран со ХИВ и СПИ, кои најчесто се понудени од јавните здравствени институции и граѓанските организации, како и влијанието што овие пораки го имаат врз секојдневните практики (во интервјуата со фокус групите).

Анкетата целеше кон истражување на највообичаените индивидуални ризик-стратегии и моделите за менаџирање со ризикот кај МСМ популацијата. Во овој контекст, беше дискутирана и употребата на кондом при различни сексуални практики надвор од врска, како на пример во односите со постојани партнери.

Со овој последен блок се обидовме да дојдеме и до податоци за употребата и достапноста на информации и здравствени услуги, на пример информираноста за и употребата на достапните услуги како ВСТ (ХИВ волонтерско советување и тестирање) и оние кои сѐ уште не се достапни, како на пример постекспозиционата профилакса за ХИВ. Со претходно кажаното, истражувањето имаше за обид да ги идентификува сексуалните здравствени потреби на испитаниците, како и колку овие потреби се, односно не се задоволени.

## КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА

Како квалитативен метод за спроведување на истражувањето и анализирање на собраните податоци го користевме тематското кодирање (Saldana 2009), а воедно и дескриптивна и интерпретативна анализа. Тематското кодирање претставува процес на идентификување и анализирање на шеми во дадена база на податоци, како и издвојување на важни теми и проблеми поврзани со истражувачките прашања и цели. Процесот на тематско кодирање беше спроведен во неколку фази, вклучувајќи:

а) *Детална транскрипција на интервјуата;*

б) *Детално читање и препрочитување на транскрибираните податоци*, како начин за запознавање и добивање на првични идеи и заклучоци во врска со базата на податоци. Оттаму излезе и потребата да креираме кодирачка рамка базирана на конкретни теми и зборови кои се повторуваа во податоците, како и врз база на некои теоретски концепти за кои се претпоставуваше дека лежат во основа на различните групи на податоци;

в) *Иницијално кодирање на карактеристиките кои ја организираат базата на податоци во значенски групи на основни теми* (Attride-Sterling: 2001) и се однесува на „најосновниот сегмент, или елемент, од нерафинираните податоци или информации кој може да биде анализиран на разбирлив начин во однос на феноменот." (Boyatzis, 1998: 63);

г) *Сортирање на кодовите од базата на податоци во организациони теми,* каде идентификувавме голем број теми, дел од кои содржеа меѓу-референцијални кодови, присутни во неколку теми, додека пак други беа кодирани, вклучувајќи поголеми елементи од претходно кодираните информации, со цел да ја задржиме во детаљ комплексноста на опкружувачкиот контекст.

д) *Ревизија, рафинирање и именување на финалната листа на организациони теми*. Во оваа фаза, некои од иницијалните кодови беа отфрлени поради нивната незначајност за истражувачкиот фокус или поради недоволниот број на информации кои ги обезбедуваа во поддршка на темите, или од причина што беа непотребни во однос на други кодови како нивни суптилни варијации, предизвикувајќи поклопување на повеќе теми во една. Во овој процес се ориентиравме, земајќи го во предвид двојниот критериум на внатрешната хомогеност и надворешната хетерогеност на темите (Patton 1990), кон кого го придадовме и последното препрочитување на базата податоци со цел да се увериме, „дали темите „функционираат" во однос на групата на податоци... и да кодираме какви и да било дополнителни податоци во темите кои биле испуштени во раните фази на кодирање. Потребата за повторно кодирање од групата на податоци е очекувана, бидејќи кодирањето претставува тековен органски процес." (Braun and Clark : 2006)

Финалната листа на организациони теми кои успеавме да ги изолираме, ги вклучува:

- ✦ Мажественоста како здраворазумска
- ✦ Спојувањето на родовиот идентитет со биолошката детерминација и пол
- ✦ Машката телесна слика
- ✦ Строгата родова поделба на трудот
- ✦ Исклучувањето на хомосексуалноста како конституент за машката идентификација
- ✦ Бинарна диференцијација од женственоста
- ✦ Хетеронормативна катеза
- ✦ Не- хетеронормативна катеза
- ✦ Мажественоста како хомосоцијален перформатив
- ✦ Родово надзирање
- ✦ Алтернативна поделба на трудот
- ✦ Флуидна родова идентификација
- ✦ Одминување
- ✦ Само-презентација и поделба на публиката
- ✦ Сексуалниот идентитет како нормализирана родова позиција
- ✦ Сексуалниот идентитет како пенетрирачка и активна машка позиција
- ✦ Сексуалниот идентитет како потчинета родова позиција
- ✦ Изедначување на сексуалниот идентитет со интимноста, сексуалното однесување и желба
- ✦ Дистанцираност и амбивалентност кон не-хетеронормативниот сексуален идентитет
- ✦ Натурализација и биологизација на сексуалноста

- ✦ Несогласност помеѓу сексуалниот идентитет и сексуални практики
- ✦ Сексуалниот идентитет како социјална категорија со политички импликации
- ✦ Приватизација на сексуалниот идентитет
- ✦ Геј пријателство
- ✦ Срам
- ✦ Страв
- ✦ Нормализација
- ✦ Деполитизација

Одлуката за тоа што ќе се смета за тема (Ibid.) во процесот на разложување на податоците беше во согласност со преваленстноста на присуството на одредени проблеми во собраните податоци, како и во согласноста со некои од основните епистемиолошки претпоставки. Изборот на епистемолошките позадински концепти беше направен беше направен во зависност од нивната прецизност во рефлектирањето на содржината во самите податоци, па оттаму се обидовме да го избегнеме апстрактното теоретизирање на конкретната содржина обезбедена преку интервјуата.

Во процесот на идентификација на темите, користевме две методи, индуктивниот или *bottom up* метод на идентификација и теоретска идентификација. Со примена на првиот метод, идентификуваните теми се строго поврзани со податоците, оттаму  и склони кон втемелениот теориски метод (grounded theory method). Сепак, и покрај тоа што темите идентификувани со примена на теоретски и аналитички концепти, со чија помош беа креирани прашањата од интервјуто и концептите преку кои темите се идентификуваа и лоцираа,  не се идентични со изјавите од самите податоци, совпаѓањето со податоците исто така го насочуваше теоретскиот модел на идентификација. Како и да е, сакаме да истакнеме дека вториот модел за идентификација на податочните шеми најде примена преку обезбедувањето, во истражувачките анализи и извештајот од дискусиите, на длабински опис на поврзаноста и разидувањата помеѓу податоците и слоевите кои го дефинираат концептот употребен како тема.

Дополнително, важна одлука во процесот на идентификување на темите беше примената на две нивоа, т.е. семантичкото и експлицитното ниво на изразување, како и латентното или интерпретативното ниво, при што се обидовме да ги идентификуваме основните дискурси, претпоставки и идеологии во позадина на експлицитното и семантичкото ниво. Интерпретативното ниво на идентификација на теми беше користено со посебен фокус како инструмент за кодирање на искуствата и чувствата на срам и страв (повеќе за ова во епистемолошката рамка подолу и воведот на ова поглавје во истражувачката дискусија). Сепак, двете нивоа не беа изолирани за време на аналитичкиот процес, бидејќи во насока на анализирање на податоците се применуваше прогресија, каде шемите во семантичката содржина беа понатаму подложени на толкување со веќе достапни теоретски и истражувачки дискурси преку широк дијапазон на дисциплини, и обратно, успеавме да идентификувавме долга низа на иницијални кодови и теми преку кои беа изведени интерпретативните теми.

Она што исто така треба да биде разјаснето е дека во процесот на кодирање и организирање на темите, истите не беа дедуцирани во сеопфатни или пак како глобални теми, и покрај тоа што подготовката на извештајот и спроведувањето на анализите беа поместени во неколку поглавја кои ги покриваат и имаат концептуална поврзаност со организационите теми и иницијалните кодови. Се донесе одлука да не се спроведува достапната и финална фаза од кодирачкиот процес, а со цел да: а) се задржат посебните карактеристики на секоја од

организационите теми и да не се редуцираат нивните особености на генерални концепти, иако аналитичките категории како што се родовиот идентитет, сексуалниот идентитет, сексуалноста, сексуалното здравје, срамот и стигмата, поделбата на улогите и презентирањето на идентитетот, проценката на ризикот итн., го раководат аналитичкиот процес и финалните анализи, како и дескрипцијата на организационите теми; и б) постои отворена можноста за попречна и повеќекратна аналитичка функција што секоја од организационите теми може да ја има во процесот на анализа и во секој од генералните истражувачки проблеми и прашања.

Што се однесува до претходно дефинираните категории на интерес во врска со сексуалното задоволство, процената на ризик, заштитата и сексуалното здравје, за анализа се користеше дескриптивниот метод. Изјавите на испитаниците поврзани со категориите во фокус беа селектирани од транскриптите и организирани во табели дефинирани според варијаблите на етничката припадност, возраста и социјалниот статус. Следно, фреквентноста на изјавите беше објавена за секоја од подгрупите во етничката варијабла. (На пример, групата на Албанците, под 30 годишна возраст, над просечен социјален статус). По добивањето на резултатите од секоја етничка група, беше спроведена кратка компаративна анализа на главните сознанија. Конечно, каде постоеше можност, беа направени аналитички интерсекции помеѓу овие категории и другите теми идентификувани преку процесот на кодирање на податоците.

## ЕПИСТЕМИОЛОШКА РАМКА

Нашата епистемолошка и истражувачка позиција во однос на родовите и сексуални идентитети е најблиску до конструктивистичка парадигма, иако покажуваме критички однос кон истата и ги проширувaме нејзините иницијални сознанија. Според оваа епистемолошка парадигма,„идентитетите се сметаат за производ на преговарањето, интерпретацијата и презентацијата, а не за биолошки предодредени, структурно дадени, или диспозитивно детерминирани. Јазикот и интеракциски поставените дискурзивни процеси, како на пример врамувањето, значително фигурираат во конструкцијата на идентитетот." (Ritzer, 392:2005)

Нашата истражувачка рамка ги набљудуваше идентитетите преку концептите за **социјализација** и **идентификација**. Концептот на социјализација е силно аргументиран во контекст на родовиот идентитет од страна на Ен Оукли (Ann Oakley), според која конструкцијата на родовиот идентитет е поврзана со дејства прилично адаптирани кон општествените очекувања и норми кои се однесуваат на полот на една личност, процес во кој индивидуата ги учи нормите и вредностите на општеството поврзани со полот, и каде влијанијата врз родовиот идентитет вклучуваат многубројни агенти на социјализација како што се семејството, религија, образование, работно место, итн. Со одредена доза на резервира, понатаму ја користевме парадигмата за анализирање на сексуалните идентитети развиена во оваа широка интеракциска и „рамковна" теорија (frame theories), разработена од страна на Гагнон и Симон (Gagnon and Simon, 1974) и Кен Пламер (Ken Plummer), блиска до родовиот идентитетски модел на Оукли, а во рамки на која сексуалниот идентитет се промислува во однос на стереотипните општествени очекувања од страна на други социјални актери, спречувајќи ги притоа многубројните опции на сексуално однесување и патеки на желбата, модел во кој индивидуите ги интернализираат и остваруваат овие различни социјални прописи и норми.

Како што тврди Венди Холвеј (Wendy Hollway) (1998), комплексноста на родовите и сексуалните идентификации ја истражуваме во зависност од конкретната локација на актерот чиј родов идентитет се создава, и од тоа како актерите се приклонуваат кон различни дискурси во согласност со промена во околностите, или во зависност од тоа пред кого го перфомираат нивниот родов и сексуален идентитет. Иако овие дејства би требало да се земат во

предвид како свесно **преговарање со хегемониските скрипти за родовиот и сексуалниот идентитет**, потенцираме дека дискурсите кои потекнуваат од историското, културното и биографското, можат да имаат влијание на емоционално и психолошко ниво, кое пак понатаму може да влијае на активностите и одредени тенденции кои не можат да се објаснат како свесна калкулација и рационализација од страна на социјалниот актер. Во овој контекст, идентитетските избори се сфаќаат како тенденции жигосани од различни емоционални и телесни логики и искуства, вклучувајќи срам и стигма, што понатаму пак создава психолошки и идентитетски внатрешни конфликти кај личноста.

Оваа поента е дури уште поважна кога ќе се земат во предвид културните, социјалните и политичките услови во кои индивидуата го формира својот идентитет - или кои го формираат идентитетот на индивидуата -, бидејќи врз основа на ова позиција се претпоставува клучната дистинкција помеѓу **хомосексуалното однесување и желба**, од една страна, и **хомосексуалниот идентитет**, од друга. Имено, фактот што една личност практикува хомосексуални односи не претпоставува нужно априори идентификација на одреден идентитет, хомосексуалниот во овој случај, бидејќи, како што Мери Мекинтош (Mary McIntosh) (1968) во нејзиниот влијателен есеј за „Хомосексуалната улога“ (The Homosexual Role) тврди, постои разлика помеѓу **„институционализираната хомосексуална улога“**, која ја конструира хомосексуалноста како еден вид личност и неодамнешна модерна инвеција, и **врските помеѓу мажите кои поинаку се само-идентификуваат како хетеросексуалци**, вклучувајќи овде истополови односи и однесување, но не и сексуален идентитет или само-идентификација како хомосексуалец. Оттаму, хомосексуалниот идентитет не е „посредуван само преку активности со истиот пол *per se*, туку и преку волјата и способноста на една индивидуа да се справи со тоа што е етикетирана како хомосексуалец. Дали една личност е „аут“ како хомосексуалец или е скриена во „плакарот“ (in the closet) (одржување на хетеросексуалниот идентитет, но со желба за и/или сексуален однос/интеракција со истиот пол) не зависи толку многу од биолошките пориви туку од индивидуалните, социјалните и политичките околности кои ќе го поддржат или нема да го поддржат избраниот идентитет“. (Taylor and Spencer, 2004)

Овој ракурс го насочи истражувањето кон проучување на тензиите, поврзаностите и разидувањата помеѓу сексуалниот и родовиот идентитет, односно прашањето како: а) овие идентитетски позиции се преклопуваат во согласност со хегемониските социјални скрипти и предрасуди (феминизираниот хомосексуалец претставен како родова инверзија разбрана како корелативна со хомосексуалниот идентитет), или б) пак се пренасочуваат во свесен отпор кон **хетеросексистичките машки норми** (искривување на родовите и сексуалните норми како модел на квир позиционирање), или пак в) каква улога имаат во **хомосоцијалните** шеми на маскулинизација и креација на мрежи на солидарност и интимност кои ги исклучуваат феминизираните траги од процесите на идентификација како групни процеси, од една страна, или отстапуваат од рамката на идентификација на родовата инверзија со не-нормативниот сексуален идентитет и, на тој начин, ги зацврстуваат хегемониските родови норми, додека си присвојуваат западен модел на сексуалниот идентитет (на пример, мажествен геј).

Во овој контекст, од голем интерес е поделбата која Р.В. Конел (R.W.Connell) ја прави помеѓу концептите на **соучесништво/комплицитност** и **подреденост,** опишувајќи ги преку овие два концепти различните форми преку кои мажите се поврзуваат со **хегемониската мажественост**. Првата форма на поврзување со хегемониската мажественост се однесува на приврзаноста кон симболичките профити кои соучеството во нормите ги носи и различните форми на доминација што ги повлекува со себе, додека вториот концепт ја означува алиенацијата од хегемониската мажественост и го вклучува она што нормативно се опишува како немажествено. Вториот концепт го проширивме со тоа што го истражувавме преку две варијации, или

**опозициона и носталгична подреденост.** Опозициона субординација се однесува на критиката која се упатува кон доминантната мажественост (T. Johansson, 2000), додека  носталгичната „ја посочува одбраната на традиционалните машки идеали. Ова често се поврзува со носталгијата за враќање кон едно време во кое машкоста не била под постојана закана." (T. Johansson ,2007)

Идентитетот се толкуваше како повеќе или помалку свесен и нестабилен ефект од **идентитетскиот ангажман**, кој ги вклучува сите активности преку кои индивидуите и групите си даваат значење на самите себе и тоа преку селективна (ре)презентација, компромис и одржување на идентитети во согласност со различни интереси. Врз основа на овој модел се обидовме да избегнеме какви било редукциски и исклучувачки последици кои можат да бидат предизвикани од есенцијализирачката перспектива, дури и кога истата се користи во нејзината најеманципаторска верзија, како на пример тврдењата за еднаквост во политиките на идентитети кои репрезентираат една навидум фиксирана и транс-историска, универзално идентификувачка суштина.

Од посебна важност за нашето истражување беа причините за **идентитетската истакнатост** кај различните сексуални и родови идентитети, исто колку и **идентитетската посветеност** кон одреден идентитет во однос на сите други социјални и индивидуални идентификации, а која ја артикулира неговата комплексност или со други зборови **идентитетската хиерархија**.

Наместо да дозволиме идната насока во развојот на родовиот идентитет да биде детерминирана од страна на претпоставената генетска или биолошка предиспонираност, нашата позиција ја асоцираме со  Бурдјеовиот (Bourdieu) концепт на **диспозиција и хабитус,** сфатени како генеративните, структурирачките и структурираните структури создадени во сферата на нееднакви социјални односи на моќ и односи на нееднаква дистрибуција на различните форми на капитал, кои додека се структурираат во одреден сексуален/родов систем, ги креираат рамките на вреднувањето, проценката, перцепцијата, разбирањето и моделите на „телесниот хексис", односно родовите телесни ставови.

Идентитетот дополнително го анализираме како ефект од еден функционален и диференцијален означувачки систем, натурализиран преку дијадна/бинарна логика (хомосексуалец/хетеросексуалец, маж/жена, нормално/ненормално, македонски/западен итн.) која секогаш предизвикува изолација на  конститутивна надворешност (како спротивниот пар на опозицијата, на пример женственоста), а во исто време го исклучува и неочекуваниот хоризонт на идентитети кои бегаат од бинарната рамка (на пример, идентификациите засновани на различни сексуални атрибути, практики, извори на задоволства итн., или родова идентификација која не е во согласност со строгата бинарна поделеност на машкост наспроти женственост). Релационата перспектива на родовите идентитети е значително зависна од социјалните промени, вклучувајќи ги пертурбациите во општиот социјален поредок, а особено во родовиот. Ваквите промени ја посочуваат внатрешната динамика својствена за овој систем, а како резултат на која хегемониските релации, кои ја создаваат и рефлектираат социјалната динамика на системот, се секогаш предмет на предизвикување. Како резултат на ова, ние бевме претпазливи околу различните модели на мажественост и нивните меѓусебни релации на сојузништво, подреденост и доминација, на вклученост и исклученост, практики кои заплашуваат, експлоатираат, итн. Односите на хегемонија „ја рефлектираат и создаваат социјалната динамика: битката за ресурси и моќ, процесите на исклучување и инкорпорација, поделбата и реконституцијата на родовите форми. Да се анализира оваа динамика, значи да се истражуваат тенденциите за криза на родовиот поредок." (Connell, 1992). Оваа перспектива ги вметнува родовите релации во еден комплексен систем на односи со други поделби и вектори од социјалната сфера, вклучувајќи ги расата, етницитетот, класата, сексуалноста, итн., што предизвикува варијанти и диференцијации, како и постојана динамика во хегемонискиот родов поредок, односи и идентитети.

Џоан Скот (Joan Scott) исто така ја потенцира родовата конституција во динамиката на социјалните односи кои се секогаш обележани од нееднаквата дистрибуција на моќ, како и перманентниот однос на силите како извор на нестабилност на моќта. Уште поважно, Скот ја потенцира конститутивната улога на родот врз социјалните односи. (Scott, 1986) Ова гледиште е од посебна важност за нашето истражување, бидејќи служи како основа за анализирање на импликациите кои родовите идентификации ги имаат врз различните проекти на градење на социјални светови и различните социјални односи и ситуации.

Нејзината перспектива нѐ води мошне близу до една друга клучна епистемиолошка мрежа за нашите истражувања, односно мрежата обележана од Фуковиот концепт за односите на моќ според кој тие се остваруваат преку таканаречените технологии на управување (governmentality), многу тесно поврзани со креирањето на вистината за индивидуите. Овие технологии се технологии на потчинување (assujettissement) и тоа во двете значења на зборот, како покорување (субјектификација) и како засновување на субјектот (субјективација).[13] Концептуализирана на овој начин, практикувањето на моќта како склоп од дејства врз дејствата на другите, е возможно само кога се практикува „врз слободни субјекти, и само до тој момент тие се *слободни"*. Со ова се мисли на индивидуални или колективни субјекти кои се соочени со поле од можности во кое се достапни неколку видови на држење, неколку начини на реагирање и модели на однесување." (Foucault, 2003)

Бидејќи родот е осмислен како претпоставена разлика помеѓу половите, следениот важен репертоар за анализа на родовите идентитети беше **симболичката репрезентација на родот,** и прашањата поврзани со неа, како на пример кои културолошки репрезентации се користат во родовото креирање и само-позиционирање, и во кои различни контексти се применуваат, посебно земајќи го во предвид фактот дека тие репрезентации се многу често контрадикторни. Во оваа констелација, важни за нашите интереси беа **нормативните концепти** (Scott, 1986) кои ги ограничуваат можностите за интерпретација и примена на симболичките концепти во согласност со бинарната родова матрица на фиксирани родови идентитетски позиции.

Личниот идентитет и сопственото јас како постојани носители на родовиот означител и сексуалното само-позиционирање се испреплетени во сопствената нестабилност и разглобување преку „другиот", бидејќи истите се инволвирани и конституирани токму преку **дијалектиката на препознавање**, на микро, како и на макро ниво преку категории кои секогаш произлегуваат од „другиот", но исто така, овие категории се социјални во корен и му претходат на конкретниот друг, како носители на товарот на институционалната, социјална, културната и дискурзивната историја. Концептот на препознавање (Хегел, С. Тејлор, Џ. Батлер, итн.), сериозно ја оспорува есенцијалноста, автономијата и фиксираноста на сексуалниот и родовиот идентитет, или себе-спознавањето како откритие, бидејќи самиот тој концепт ги имплицира социјалните, културните и политички ограничувања на **препознатливоста,** како условите кои го прават возможно препознавањето на една социјална единка од страна на друга.

Додека се обидувавме да го разбереме родот, како и сексуалниот идентитет, ние се повикувавме на концептот за **перформативноста,** како што е дефиниран во теоретскиот комплекс на Џудит Батлер, односно како „повторлива и цитирачка практика која му служи на дискурсот во креирањето на концептите кои ги именува," како принудна и насилна репетиција на културолошката разбирливост, која, сокривајќи ја сопствената

**13** Дистинкција направена од Алан Милчман (Alan Milchman) и Алан Розенберг (Alan Rosenberg) меѓу 1) „субјектификација" (assujettissement) или начинот на кој другите се управувани и објектифицирани во субјекти преку процесите на моќ/знаење (вклучително, но не ограничено со потчинување и субјектирање, бидејќи субјектот може да има автономија а на односите на моќ можат да им се спротивстават и тие да бидат преобратени) и 2) „субјективација" (subjectivation) или начинот на кој индивидуите управуваат и се обликуваат себеси во субјекти на основа на она што сакаат тие да биде вистина. Види Alan Milchman и Alan Rosenberg (2008)

генеалогија ги дефинира рамките на идентитетот, позиционирањето на субјектот и родовите улоги, и конечно, врши остра дихотомија и материјализација на сексуалните разлики.

Нашите истражувачки напори беа насочени и кон дефинирање на регулаторните и нормализирачките механизми пуштени во погон од страна на категориите на идентитетот, но и од трансгресијата и дислокацијата на парадигмите на концептот кој Гејл Рубин (Gayle Rubin ) (1989) во "*Thinking Sex" го нарекува „лоша" и „добра" сексуалност*.

Како и да е, сексуалниот и родовиот субјект не е целосно опфатен во сè-детерминирачката мрежа на регулаторниот механизам и стратегиите на управување. Секоја реторичка практика, креирајќи ги елементите кои ги артикулура и отворајќи го просторот за голем број говорни субјекти, е секогаш опкружена од одреден придружна област, и како таква е зависна од областа во употреба во однос на нејзиниот сопствен идентитет. На пример, Рејнолдс (Reynolds) и Ведерел (Wetherell) (2003) истакнуваат дека идентитетот претставува **„преговарачки перформанс."** Коутс (Coates) (1996) предлага дека иако „хетеросоцијалните односи" се сметани за нормативни од страна на жените, тие се способни да создадат „отпорни" дискурси и покрај тоа што тоа може да доведе до очигледно контрадикторни форми на говор. Како што Алтирес (Althusser) тврди дека можноста да се биде субјект е неопходна преку процесите на идеолошка **интерпелација,** што значи индивидуата да биде повикана и да **не/ја препознае** сопствената субјективност како „имагинарна врска" што таа ја има со сопствените „реални услови на езгистенција," ние ги проучуваме ситуациите во кои поединецот не одговара на повикот на другиот, во контекст во кој преовладува претпоставката дека индивидуата секогаш го инкорпорира идеолошкиот апарат и назначува конкретна идентитетска позиција во идеолошкиот поредок.

Конечно, како што конструкцијата на идентитетот е ставена во движење од страна на **етикетирањето** во социјалната интеракција (Ken Plummer) и структурната интерпелација, на етикетирањето му пристапивме како на процес исполнет со и**мпликации кои стигматизираат и предизвикуваат срам,** ја испитавме и границата до која срамот го детерминира само-идентификувањето на поединецот како не-нормативен идентитет во социјалниот поредок, како и степенот до кој срамот ја помага матрицата на **инфериоризација** во телата и умовите на оние кои ги кршат нормите. Повеќето геј мажи учат за својот идентитет преку силата на навредите што веднаш ја открива постоечката и реална асиметрија во односите на моќ кои го организираат социјалниот домен. Како што тврди Дидие Ерибон (Didier Eribon) (2004), навредата како лингвистички акт и перформативна сила го предизвикува ефектот на „воспоставување или обновување на границата помеѓу „нормалните" луѓе и оние кои Гофман ги нарекува **„стигматизирани луѓе"**, и ја предизвика интернацијализацијата на таа граница од индивидуата која е навредена. Навредата ми кажува што сум јас до таа мера што ме тера да бидам она што сум."

Но како што Ив Сеџвик Кософски (Eve Sedgwick Kosofski) (2003) импресивно демонстрираше, раната нанесена како знак на срам и стигма исто така отвора пространство од можности за квир перформативност и дисидентификации, исто колку и за експериментирање, трансформација, субверзија итн. Како што таа тврди: „формите заземени од срамот не претставуваат посебни „токсични"делови од една група или индивидуалниот идентитет што можат да се отстранат; напротив, тие се интегрални и остаток во процесот во кој се формира идентитетот. Тие се достапни за процесот на метаморфоза, повторно врамување, рефигурирање, трансфигурирање, емоционално и симболичко полнење и деформација, но не и за предизвикување на процесот на прочистување и деонтолошки завршок." (ibid.: 13)

# РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА

## I. Родова идентификација и позиционирање во хегемониските родови режими

Моделите на родова идентификација меѓу сите интервјуирани лица, вклучително и практиките, перформативите, односите и социјалното позиционирање условено од соодветните родови идентитети, покажуваат разновидност и комплексност одредена од повеќе варијабли, меѓу кои се вбројуваат етницитетот, социјалниот статус и сексуалната идентификација. Во текот на истражувањето беа идентификувани неколку главни теми кои најчесто се јавуваат, а кои го организираат корпусот на регистри поврзани со родовиот идентитет меѓу испитаниците.

### I.1. Машкост, здрав разум и хабитуална сигурност

Суштинската унификација на родовата идентификација меѓу мнозинството интервјуирани, вклучително и учесниците во фокус групите со различен етницитет и статус, и индивидуалните испитаници, е перцепцијата на **машката родова позиција како здраворазумска.** Заклучокот се донесе врз основа на неколку теми кои најчесто се јавуваат меѓу испитаниците, меѓу кои: а) непостоење на свесност за нивната родова позиција како перформативна практика, б) тавтолошка авто-циркуларна дефиниција на машкоста преку репетитивни и празни референци за „нормалното машко однесување", в) неприкосновеното изедначување на машкоста со она што се смета за нормално, г) само-перцепцијата на себеси како машко се појавува по дефиниција, без надворешни влијанија или ограничувања од средината, д) неразбирање на прашањата поврзани со родовата само-идентификација, при што во голем дел од интервјуата испитаниците побараа или дополнително објаснување или им беше потребно време за да одговорат на прашањата, ѓ) разбирање на наметнатата норма (најчесто преку таткото) како „наука", е) само-идентификација како машко/маж и покрај тоа што личноста смета дека не го исполнува во целост „стандардниот стереотип на машко", и ж) чувството на удобност во машката улога.

*Па остварувам односи како нормален маж, со понашање на нормален маж. (МКД, Над Просечен социјален статус, Под 30 години)*

*Аааа да се биде маж е според мене да се чувствуваш комфорно во таа улога во којашто најчесто се чувствуваат комфорно и другите мажи. (МКД, Под Просечен социјален статус, Над 30 години)*

Перцепцијата, односно попрецизно, погрешната перцепција на родовиот поредок како здраворазумски може подобро да се разбере доколку се земе во предвид концептот на хабитус разработен од социологот Пјер Бурдје (Pierre Bourdieu). Според Бурдје, хабитусот претставува систем на „отпорни, променливи диспозиции, структурирани структури предиспонирани да функционираат како структурирачки структури, односно, како принципи на генерацијата и структурирање на практиките и репрезентациите кои можат објективно да се регулираат без притоа да бидат производ на покорност кон правилата на кој било начин" (Bourdieu 1977: 72).

Така, системот на хабитус се генерира во рамките на едно конкретно, поделено и организирано социјално поле, веќе организирана социјална структура преку нееднаквата дистрибуција на односите на моќ, која генерира и всадува диспозиции меѓу социјалните актери како начин на постоење и хабитуална состојба која ги насочува и организира перцепциите, тенденциите, когнитивните и емотивните шеми, предиспозиции и инклинации на социјалните актери. Акциите и дејствата кои различните актери ги преземаат, во социјалното поле во согласност со нивниот соодветен отелотворен хабитус („телесен хексис"), функционираат како организирани и обединети стратегии кои го репродуцираат хабитусот, но прифатени како што се дадени, без потребата за нивно рефлектирање и разгледување како намерни само-свесни организирани стратешки дејства.

Машкиот хабитус ефективно се репродуцира преку заборавот на сопствената социјална и политичка историја и неговото преобразување во природа. Бидејќи машкиот хабитус се реализира себеси низ и преку цела класа на мажи во рамките на конкретно социјално поле, тој ги нуди објективните услови за хармонизација на машките искуства, генерира структурирана организација за можните односи и интеракции меѓу актерите (мажи и жени) кои предизвикуваат идните практики да бидат веднаш предвидени и разбирливи, и конечно, „магично" и природно ги зацврстува овие искуства со посредство на дадениот приказ на сопствените дејства преку индивидуална и колективна експресија на истиот хабитус во социјалното поле.

Уште позначаен за овој контекст е хабитуалниот ефект преку кој генерираните продукти, односно генерираните машки идентитети, соодветствуваат на условите и потребите на претходно организираното објективно поле, со што го обдаруваат машкиот хабитуален актер со симболичен профит без да му биде потребно претходно интенционално да трага по симболичниот капитал. Како што тврди Конел (Connell 1992), иако реферирајќи со особен фокус на геј мажите, нагласувањето на машкоста создава можност за „уживање на општите предности на машкиот род, па дури и феминизираниот геј маж може да има економски подобности од целокупната подреденост на жените. Во нашата култура, мажите кои имаат секс со мажи се главно угнетени, но со сигурност не се исклучени од машкоста". Оваа вклученост во играта која ја создава играта им дава на интервјуираните симболичен капитал во родовиот поредок како замена за загубите и можните загуби на кои се/би биле изложени во хомофобично општество кое нивните сексуални практики и сексуални идентитети априори ги претставува како компромитирани или недостојни. Така можноста да се биде откриен, засрамен, делегитимизиран, исклучен, напуштен, стигматизиран, дискредитиран, дискриминиран и оставен без симболичен или социјален капитал се компензира со хабитуалната сигурност овозможена од машкиот родов поредок. Социјалната пракса на „правењето на родот" (doing gender) (West and Zimmerman, 1987) заснована на родовиот хабитус, за дисрекдитабилниот/дискредитираниот сексуален машки субјект подразбира „самосвесно прифаќање на неговата хабитуална судбина, како веќе прифатен притисок. Оваа сигурност се манифестира во природно изведеното, земено како такво позиционирање во родовата релација (…) и не се смета за резултат на намерно дејство. Напротив, во случајот на таквото намерно презентирање личноста веќе би ја изгубила сопствената машкост". (Bahnke and Meuser: 160)

### I.2. Хегемониска машкост, женственост и хомофобија

Во однос на хабитуалната сигурност која машката родова идентификација и перформатив ја овозможува за оваа група на мажи, постои уште еден аспект кој се чини е заеднички за сите испитаници, а е поврзан со, она што Боб Конел го нарекува, **„структурно предизвиканите конфликти на машкоста"** меѓу геј мажите (Конел 2005), тесно поврзани со нивната социјална присутност како мажи, од една страна, и нивната

сексуалност и колективните и структурни хомофобични репрезентации (оркестрирани од хегемониската позиција на машкост во родовиот поредок) на геј мажи кои се помалку мажествени, се женствени или родови инвертити. Нивното родово позиционирање и само-идентификација напрегнато се бори во тесниот простор меѓу нивната само-перцепција и само-презентирање како мажествени и меѓу нормативното и доминантно мажествено и хомофобично исклучување на нивната, наводно„подредена машкост".

Ова најзабележливо се потврдува со фактот дека контекстите во кои тие ја дискутираат мажественоста и нивните преживеани искуства како мажи, кои, речиси без исклучок, ја евоцираат хегемониска хомофобична репрезентација на хомосексуалците, а од која како да е нужно да се дистанцираат за да ја потврдат својата машкост. Односно, ја прикачуваат мажествената идентификација веднаш до декларацијата за нивниот сексуален идентитет, како што е „геј маж што изгледа стрејт", или „геј што изгледа нормално", каде „стрејт" и „нормално" се однесуваат на хегемониската мажественост. Нивната сопствена **само-идентификација како мажи е конститутивно поврзана со дијалектиката на негирање на нивната негација како мажи,** односно нивното негирање на хомофобичната репрезентација за геј мажите. Оваа специфичност, најчесто се забележува кај оние интервјуирани лица кои се идентификуваат себеси како хомосексуалци/геј или бисексуалци.

> *На пример дека не сум феминизиран или не знам...баш се квалификувам како машко, не сум феминизиран или да нешто ме привлекуваат да облекувам женски ствари, него типично геј кој најнормално изгледа* (МКД, Под Просечен социјален статус, Под 30 години)

Земајќи ја во предвид долгата културна и научна традиција во западниот дискурс на конструкцијана хомосексуалецот како индикација за родова девијантност (Seidman 2011, Redman 2000, Foucault, Kimmel 2005, Weeks 1981, Connell 2005), не-хетеросексуалните субјекти, како што многу истражувачи досега прикажаа, „копнеат/се желни да демонстрираат дека не се„пропаднати мажи", со што се спротивставуваат на популарната слика за нив. Како што тврди Кимел,„многу геј мажи се вонредно успешни како„вистински мажи", постигнувајќи хипермажествен код на анонимен секс, мажествена облека и физичка појава, вклучително и боди билдинг. „Клонот", како што е нарекуван, и кој опфаќа околу 35% од сите геј мажи, бил можеби поуспешен во мажественоста од стрејт мажите". (Kimmel 2005: 18)

Она што дополнително се јавува како заедничко меѓу интервјуираните е нивното само-позиционирање во родовиот поредок во голем степен одредено од диференцијацијата и исклучувањето на две родови позиции и улоги во родовиот спектар. Оваа специфичност на родовоста кај нашите интервјуирани лица ги поддржуваат тврдењата на конструктивистите и деконструктивистите дека идентитетот претставува ефект на релационен и диференцијален систем на означување натурализиран преку дијадичната/бинарна логика (хомосексуалец/хетеросексуалец, машко/женско, нормално/ненормално, итн.). Односно,во хиерархиската организација секој од термините се здобива со својот себе-дефинирачки капацитет единствено преку диференцијација од спротивниот термин, на начин на кој машката позиција го подредува женскиот спектар на значења и вредности, со што се произведува изолација од конститутивната надворешност (Foucault), односно исклучување на неочекуваниот хоризонт на идентитети неприфатени од бинарната рамка. Процесот на надворешна диференцијација е дополнително усложнет од стратегиите на внатрешна диференцијација, или со други зборови хиерархиското оркестрирање на внатрешните поделби, умножувања и варијации од наводната обединета категорија на мажественост. Одовде:

**а) Првата диференцијална позиција е женската родова позиција,** најдоминантната диференцијација во одредувањето на специфичноста на машкоста. Оваа бинарна диференцијација во процесот на дефинирање на машкиот идентитет на едно лице може да се проследи преку нивното: нагласување на недостигот на феминизираност како потреба за мажественоста; позиционирањето на разликата во машкоста од женственоста како апсолутна; биологизација и натурализација на родовата разлика која очигледно се отсликува во разликите во мислењето, однесувањето, чувства помеѓу двата рода; карактеризирање на мажите како посилни и поцврсти од жените; барање на женска феминизираност и помалку нагласена машкост од сексуалните партнери како услов за сопствената перцепција како машка/маж; израз на згрозување кон лингвистичката само-идентификација на геј мажите со женскиот род во контекст на секојдневната интеракција итн.

> *Па на пример по тоа прво како се облакам, се облакам како маж, не се облакам како жена, по мојот однос, по моето движење ако го земеме како еден дел што јас го правам во денот, по мојот начин на комуникација…-Значи нормален начин човечки, без феминизираност од типот, ако се мисли на тоа...* (МКД ПП Н30)

> *Ако жената е да речеме таа којашто е нежна и има потреба од заштита, а мажот е тој којшто е “стабилниот” и којшто дава потпора, тоа сум јас. Ако треба одредени традиционално машки работи да ги завршам јас немам проблем со тоа. Немам потреба да се облекувам во жена и покрај тоа што има многу мажи што имаат потреба да се облекуваат во жена иако родово ќе се идентификуваат како мажи. Не знам, тешко ми е да ти одговорам на ова прашање меѓутоа јас се чувствувам како маж, не се чувствувам како жена.* (МКД, ПП, Н30)

> *Маж, никогаш не сум сакал да бидам жена, ниту се чувствувам како жена, ниту имам потреба за такво нешто* (МКД, ПП, П30)

**б) Втората бинарна дефиниција на мажественоста се остварува како спротивна на феминизираните геј мажи како „подредени машкости“** (Connell 2005). Оваа втора поделба е сè уште во голема мера одредена од првите идентификациони стратегии на диференцијација, бидејќи она што лежи во основата на спротивставувањето на „феминизираниот“ геј став е стравот и одбивноста од каква било женска трага на машкото тело и неговата сексуалност, или знак на „недостиг“ на машкост.

> *Да праи најнормално муабет како маж, да кажеме да нема понашање како жена, како геј на пример...* (МКД, ПП, П30)

> *Мислам сосема различно од повеќето. Пошто за хомосексуалец , за геј нели се декларираат така...феминизирани, со триста други обележја.*(МКД, ПП, П30 друг)

Додека машкоста претежно е културолошки кодирана и воочена како означител на фалусно „поседување“, женственоста се кодира како „недостиг“ (Grosz 1990). Од оваа перспектива, феминизираните геј мажи се издвојуваат како „радикално одбивање или неуспех да се признаат вредностите на поседување на фалус“ (Redman 2000). Помеѓу овие испитаници, главно со албанска и ромска етничка припадност, чиј сексуален идентитет се заснова по оската на активна машка и пенетрирачка сексуална улога, оваа диференцијација служи за издвојување на „нормалниот“, „машки“, „хетеросексуален“ сексуален идентитет, не само родов идентитет, од наводно феминизираниот пасивен рецептивен геј маж. Како последица, следи дека родовото изразување е конститутивна одлика на хомосексуалноста, а не на сексуалните преференци. Со идентификувањето на хомосексуалноста со феминизираноста и родовата инверзија, оваа група на испитаници го поставуваат перформансот на хомофобијата како суштински фактор за нивната идентификација како мажи.

Мајкл С. Кимел (Michael S. Kimmel) убедливо тврди дека хомофобијата е суштинскиот принцип на организација на културните дефиниции на машкоста, претставувајќи го не толку стравот од геј мажи, колку стравот да не се биде забележан како геј маж, кој е тесно поврзан со стравот да се биде забележан како слабак, лабав, смотан, педер итн. Хомофобијата, според Кимел„е стравот дека другите мажи ќе не разоткријат, кастрираат, обелоденат, нам и на светот дека не сме достоинствени, не сме вистински мажи. Се плашиме да им дозволиме на другите мажи да го забележат тој страв" (Kimmel 2005: 35). Овој страв понатаму води кон засраменост од покажувањето дека се плашиш, и во недогледно оптегнување, срамот предизвикува тишина, тишината„која помага другите да веруваат дека всушност ги одобруваш работите кои им се прават на жените, малцинствата, геј мажите и лезбејките во нашата култура". (ibid.) Ефектите на овој циклус на страв-срам-тишина е најпарадигматично посочен во сведоштвата на интервјуираните лица во поглед на нивното учество, тивко одобрување, смеење или повлекување во хомосоцијалните интеракции кога се прават сексистички или хомофобични шеги.

За разлика од нив, меѓу интервјуираните само-идентификувани како геј или бисексуални мажи, повеќето Македонци и Албанци, диференцијацијата од феминизирани геј мажи се прави претежно со цел да се наметне сопствената машкост.

Третата функција на овој комплекс од машка идентитетска формација е поврзан со својата употреба како **маркер за дисидентификација,** или **извор на заземање амбивалентна позиција кон припадноста или не-припадноста на геј заедницата,** или **само-диференцијацијата од наводно обединувачкиот и стеротипен геј идентитет.** Третата функција на оваа бинарност најчесто е идентификувана кај геј и бисексуалните Македонци, особено е изразена меѓу Македонците кои при дефинирањето на својот сексуален идентитет инсистираат на „нормалност" или „нормално сексуално суштество" и кај речиси сите албански и ромски испитаници, без разлика на нивната сексуална идентификација.

> *Па не знам...брадава да кажам* ***ама не мора да значи, брада имаат и најголеми гејови коишто се феминизирани, што знам...најнормален изглед****, нема нешто што ме издвојува, мускули или нешто, градба некоја, баш сум најнормален дечко, тоа...* (МКД, ПП, П30)

Она што впечатливо е нагласеново родовите стратегии кај сите овие групи на интервјуирани лица, е дека е што се користи стандарден список на стереотипно феминизирано однесување. Имено, овој список, вклучува посочување на начинот на кој геј мажите одат, зборуваат, се облекуваат или однесуваат. Овие однесувања се употребуваат како предмет за спротивставување, како нешта кои „не треба да се прават/не треба да бидеш",. Односно, станува збор за збир на правила на однесување или збир на карактеристики, земени здраво за готово, неопходни за машката перформативност или диференцијација на индивидуата од„негативниот" геј стереотип и популаризираната слика за геј мажите:

> *Па зборува и ги завлекува зборовите. Одењето и понашањето му е сасвим друго… Одењето му е слично на жената.* (МКД, ПП, П30)

**в) Одбивање на родовата бинарност и квир родовото позиционирање** е третата подгрупа идентификувана во однос на начинот на кој родовиот идентитет се конституира во диференцијалната рамка.

Тројца македонски само-идентификувани геј мажи и петмина албански геј/бисексуални мажи или одбија да прифатат кој било од достапните родови идентификатори, посочувајќи на недиференцијално трансверзално преминување преку бројни идентитетски позиции во родовиот спектар, или тие, Албанците, усвоија двоен родов идентитет заснован на нивниот не-хетеронормативна положба на оската на катеза. Кај втората,

албанската група, евидентно е дека машката поделба на сексуалноста на активен/пасивен и пенетрирач/пенетриран игра суштинска улога при родовата идентификација, и претставува културолошка специфичност во постоечкиот родов поредок. Така, заземањето на „пасивната“ улога на „пенетрираниот“, односно пасивниот сексуален актер при сексуалниот однос ја одредува нивната само-идентификација како „понекогаш женствен“. За разлика од нив, кај македонската група на„родови искривувачи“ (gender benders) оваа родова позиција е заснована исклучително на свесното одбивање и отпор кон постојните родови норми и поделба на улогите. Така, еден од испитаниците тврди:

*Genderquer, одбивам да прифатам улоги што се традиционално машки или женски, не можам да кажам за мене дека сум маж или сум жена… Не ме интересираат и не правам работи што се препознаваат како машки, како на пример спорт, физички работи, ни па работи што се женски. Ме нервира поделеноста на машки и на женски работи. Ме нервираат и жени што одбиваат да прават потешки физички работи само заради тоа што се жени, а се многу физички поспособни од мене. Не можам да кажам за себе дали сум маж или жена.* (МКД, НП, П30)

**I.3. Род, пол и телесната слика**

Другиот главен репертоар на родовата идентификација се испресекува со биолошкиот пол, половото тело и телесната слика. Иако првото прашање во делот за родов идентитет во прашалникот се осврнува на родовата идентификација и родовата само-перцепција, не само што голем дел од испитаниците имаа потешкотии да го разберат и одговорат на ова прашање (главно Албанци, Роми и Македонци со потпросечен социјален статус), но уште поважно, речиси сите испитаници воспоставија еднаквост помеѓу нивните наводни машки полови карактеристики и родовиот спектар на идентификација и значења. Дополнително, чести беа воспоставувани условувачки поврзувања меѓу биолошките полови разлики и родовите разлики, од таков тип што претпоставуваат дека второто (родовите разлики) произлегува од или е изведено од првото (половите разлики). Пример за оваа тенденција е перцепцијата на родовите разлики во„начинот на размислување“ (машки и женски мозок), навидум предизвикани од психолошко/мозочни вродени разлики меѓу половите, или пак примери на дефинирање на геј женственоста и геј и женската сексуална „пасивност“ како причинети од присутноста на женски хормони итн.

Значаен број на испитаници ги нагласија примарните и секундарни сексуални атрибути како родови означувачи (хормони, хромозоми, гениталии, влакна по телото итн.), како и телесната фигура и физичката појава како носители на родовата/половата разлика. Описот, како и верувањата, ставовите и перцепциите, поврзани со половата телесна слика вклучуваат „сила“, „мускули“, „телесна големина“, „движење на телото“, „гестикулација“, „сексуална потентност“„декорации на телото“, „телесна естетизација и стилизација“, „мускулесто и спортски изградено тело“ итн. Увереноста во природната невиност и сигурност, односно во социјалната независност на телесната слика која испитаниците ја покажуваат во однос на своите сексуални тела функционира како несоборлив означувач и доказ на нивната машка родова позиција.

Сепак, она што имплицитно произлегува од оваа телесна полова слика што ја понудија интервјуираните, е токму комплексноста и мноштвото мрежи на значења, дискурси, културни верувања, ставови и меѓу-субјективни интеракции преку кои телесната слика на една личност се развива, одржува и променува. Имено, во минатите две декади когнитивните научници вложија голем труд во аргументацијата на мноштвото начини на кои перцептуалното искуство, концептуалното разбирање и емотивен став на една личност за/кон сопственото тело

е во голем степен информирано од бројни извори, дискурси и пракси, вклучително и културни кодови, родова идеологија, социјална интеракција итн. Уште позначајно, телесната слика не само што ги оформува нашите перцепции за другите тела и светот околу нас, туку има длабоко влијание на нашите телесни капацитети и способности за движење и извршување активности со самото наше тело, или телесна шема. Телесната шема, притоа, се одредува како пред-рефлективен, несвесен систем на сетилно-моторни функции кои играат „динамична улога во управувањето на држењето и движењето" и „автоматскиот перформанс на телото". (Gallagher 2005: 25-8) Шон Галагер (Shaun Gallagher), по чекорите на Брајан О Шонеси (Brian O'Shaughnessy) (1995) и неговата дистинкција меѓу долгорочни и краткорочни телесни слики, тврди дека, „одредени воспоставени верувања или диспозиции во однос на моето тело, дури и најосновните во однос на мојата човечка форма, може да имаат ефект на моето актуелно телесно перципирање (краткорочна телесна слика) и на начинот на кој се движам, па дури и начинот на кој го забележувам светот. Од една страна, дотаму каде што телесната слика може да е одговорна за такви не-свесни или премолчени ефекти врз движењето, таа вообичаено информира, односно остава ефект преку системот на телесната шема. Од друга страна, дотаму каде што стануваме свесни за она што телесната шема вообичаено го постигнува предноетички, оваа свесност станува дел од телесната слика". (Gallagher 2005: 35)

На сличен начин, Ајрис Мерион Јанг (Iris Marion Young) во легендарниот есеј„Фрла како девојче" ("Throwing Like a Girl") (2005), ги разгледува начините на кои женското телесно држење, ангажирање со работите, начини на кои телото се користи при перформирање, телесната само-слика, телесната подвижност и употребата на телесните просторни и латерални потенцијали, како и телесните надградувања и стил, се длабоко модулирани, формирани и наметнати од структурните о/не/возможувачки услови управувани од културниот, социјалниот и политичкиот систем. Постојниот систем, од друга страна, е одреден како систем кој структурно ги угнетува жените и конструира родов поредок и ја одржува женската само-перцепција како обележана од плашливост, несигурност и двоумење.

Иако сексуалните специфичности се побркуваат со родовите, она што останува проблематично е строгата бинарна поделба која нивните перцепции и само-разбирање ја воведуваат меѓу двата наполно различни пола, која се чини е во голема мера всадена од страна на доминантните културни, популарни и идеолошки задоени научни дискурси.Како што тврди Ан Фаусто Стерлинг (Anne Fausto Sterling), апсолутната машкост и женскост претставуваат екстремни полови на континуитет и спектар на можни телесни типови. По стапките на Стерлинг, можеме да забележиме дека коинциденцијата дека „овие екстремни краеви се најчести, го влева верувањето дека тие не само што се природни (...) но и нормални (односно ја претставуваат и статистичката и социјалната идеа). Познавањето на биолошката варијација, сепак, дозволува да се концептуализираат помалку фреквентните средишни видови како природни, иако статистички невообичаени". (Sterling 2000: 27)

Покрај идеализираните и нормализирани ефекти на родовите социјални слики кои овие две најчести, но сепак екстремни случаи од сексуалниот спектар, ги имаат, во нашиот случај уште поинтересно е длабинското вкрстување што концептите на половото машко тело го имаат со социјалните и културните слики поврзани со двата респективни родови, со други зборови на кој начин разните културни репертоари на родовите разлики (машкост/женственост) се врежани во значењата, перцепциите, концептуализациите и разбирањата на половите тела (машко/женско). Ова вкрстување на родовиот/половиот систем ја потврдува дефиницијата на Г. Рубин за родот, како „склоп на договори преку кои општеството ја трансформира биолошката сексуалност во продуктите на човековата активност, и во кои овие трансформирани сексуални потреби се задоволуваат" (Rubin 1975).

*Епа биолошки така сум создаден. Нели не можам да се чувствувам поинаку од тоа што природата ме создала, као маж!* (МКД , ПП, Н30)

*… Па јас не знам што значи тоа од гледна точка на жена пошто не сум жена и не размислувам како жена што размислува, претпоставувам дека они поразлично размислуваат од нас, имаат сосема поинакви...нели таква им е физичката и биолошката...* (МКД, ПП, Н30)

*Не се шминкам...што е тоа што жената ја прави жена, а мажот маж? Не знам...Ти викам ако 70% од тие коишто имаат XY се чувствуваат комфорно така како што се и притоа имаат секс со жена и јас се чувствувам така како што сум и имам секс со маж.* (МКД, ПП, Н30, друг)

*Брада, димензии на вилица, каде се складираат масните наслаги, нели мажите повише на стомак, а жените повеќе на колкови и на задникот, влакна, пенис, тестиси, продлабочување на гласот, истакната Адамово јаболко, претензија кон аналитичко размислување, значи повеќе функционира левата хемисфера, телесни димензии различни од жена, повисок, покрупен, за разлика од девојка која би била на моја возраст и со мои димензии таа би била покрупна, јас сум послаб и повисок од нејзе...*(МКД, ПП, П30)

Особено индикативна во овој контекст е релацијата меѓу а) фалоцентричните сексуални скрипти, фантазии и улоги центрирани околу активниот, пенетрирачки, машки субјект кој овозможува задоволство и кој контролира, б) родовиот хегемониски машки идентитет и в) половата разлика препишана на машкото тело на основа на идентификувањето на пенисот и „телесната сила и издржливост" како основниот означител на родовата разлика меѓу истите интервјуирани. Најзабележителни се корелациите меѓу оние интервјуирани кои нудат потенцирана машка и фалусоидна верзија на сопствениот родов и сексуален идентитет и кои исто така го нагласуваат пенисот како главен и примарен извор на родова/сексуална разлика. Оваа навидум природна и социјално и културно наивна материјалност на родовата разлика се поклопува со сите описи на фалусоидно и потентно машко тело, телото кое на Западот има долга традиција на идеализирање како симбол на моќ, но и глорифициран естетски објект.

За подобро да се разберат овие комплексни и не толку невини интерференции на проблемот може да му се пристапи од перспектива на концепт на телесна слика, разработувана во рамките на психоанализата, феноменологија, неврологијата и когнитивните науки, и феминистичките апропријации на овие увиди при деконструирањето на бинарноста на родот/полот и основната бинарност на телото/умот и природа/воспитување, дело со кое значително се занимава Елизабет Гроз (Elisabeth Grosz) (1990) преку моделот на Мобиусовата лента и Мојра Гејтенс (Moira Gatens) со нејзиното опсежно дело за телесната слика и телесниот двојник (1996). Имено, апликацијата на Гејтенс на концептот за „телесната слика" го воведува феноменолошкиот концепт на преживеано искуство, со што се премостува јазот меѓу биолошкото тело на личноста и социјалното и лично значење на телото како живеено. „Морфологијата на телото "и „имагинарната анатомија" претставуваат неопходен услов за можноста за движење на телото во светот, а сепак се поврзани со телесната слика на другите. Одовде, истите се социјално и историски конструирани преку споделените јазици, физичкото значење на разните телесни зони и институционалните практики и дискурси, кои делуваат на и преку телото. (Gatens 1996: 12). Преку овој ракурс врската меѓу полот и родот е контингентна, но не и арбитрарна, и „машкоста и женскоста како форми на соодветно полово однесување се манифестации на историски заснована, културно споделена фантазија за машката и женската биологија." (ibid. 14)

Приврзаноста кон фалусоидните телесни слики може да се разгледа од мноштво социјално одредени извори, сите засновани на колективната репрезентација на половото тело како врвно и универзално место на природната, биолошката и сексуалноста детерминантност и потреба. Имено, оваа приврзаност и инвестирање во исправеното, свесно контролирано, цврсто тело, пребликнато со сила, може да се поврзе со стигматизираниот и срамен социјален статус на не-хетеросексуалците, односно со срамот и стигмата да се биде презреното тело на родовиот инвертит и одовде објект на медицинско и психијатриско дискурзивно претерано вложување и хомофобична објектификација. Оваа хипотеза ја наоѓа својата аналогност во анализата на Бурдје за претераното само-вложување на жената во телесната појава, телесната несигурност, срам и симболична зависност (Bourdieu 2001: 65-6). Со оглед на социјално одредената имагинарност на телото на „инвертитот", компензацијата и заобиколувањето на нанесениот срам и контролата врз секогаш присутниот потенцијал да се биде дискредитиран,  стратешки и без посебна рефлексија, се изведуваат преку социјалната појава на отелотворена машкост. Оваа компензација и инвестиција во она од што „нормалните" ги лишиле не-нормативните сексуалности може логички да се објасни доколку се земе во предвид фактот дека телото е најочигледниот и примарен елемент на нашата појава и место за перцепција која другите ја имаат за нас, за разлика од другите родово не-конформитистички позиции и режими кои можат да се изразат во затворениот простор на приватните политики. Овој однос на историјата на презреност и политика на срамот со личното вложување во (хипер)машката телесна морфологија е најдобро илустрирана од Халперин (Halperin) и Трауб (Traub) кога тврдат дека: „По повеќе од еден век научни обиди да се поврзе девијантната сексуална желба со ненормалните или недостаточни телесни типови, да не ја спомнуваме прастарата асоцијација на истополовата желба со недостаток на машкост и женска перверзност, особено разбирливо е дека културата на геј прајд генерирала приврзаност кон силната и морфолошка нормалност ... и хиперперформансот на машкоста од страна на геј мажот. Во овој контекст ништо не е посрамно отколку да се има погрешен тип на тело". (Halperin and Traub 2009: 12)

### I.4. Хомосоцијалност и интерактивна изведба на хегемониската машкост

Местото коешто испитаниците си го обезбедуваат, секогаш под закана и несигурност, во родовиот поредок, како и ефектите што ова родово место ги има на нивното телесно искуство, личност и социјални односи, а е во голема мера остварено преку склоп на социјални практики, меѓу кои интеракција и социјализирање со други мажи, главно хетеросексуалци. Хомосоцијалните групи каде овие родови практики се перформирани претставуваат „заедници на практика", каде „група луѓе се соединети преку некој заеднички стремеж и заеднички потфат, а во кои се вклучени и во кој носат споделен репертоар на ресурси, вклучително и лингвистички ресурси, и за кои се меѓусебно одговорни".  (McConnell-Ginet: 209). Машките стрејт пријателства за испитаниците во истражувањето претставуваат социјален простор за: а) изведба на хегемониска машкост (скоро сите албански и ромски испитаници; б) извор на неугодни чувства и срам (мнозинството на македонски само-идентификувани геј и бисексуални мажи и дел од само-идентификуваните геј албански интервјуирани); в) социјален простор за ритуална исклученост и девалуација на женскоста и хомосексуалноста (повеќето од ромските испитаници и дел од албанските испитаници); г) дистанцирана социјалност изложена на критицизам и иронија (дел од само-идентификуваните геј мажи меѓу македонските испитаници и само еден албански геј идентификуван маж); и д) забранета зона за емоционалност и интимно споделување (мнозинство од испитаниците).

Хомосоцијалниот живот на испитаниците сведочи за интерактивните рамки (Goffman) кои владеат со процесите на социјализација меѓу мажите и низата стратегии ангажирани за потребите (отаде само-рефлективната интенционалност и свесност) на изведба на машкоста. Мачо ставот сè уште е во голема мера култивиран во овие кругови на пријателства, а сексистичките шеги, како и хомофобичните навреди насочени кон хомосексуалците или родово не-конформистите мажи генерира заеднички фокус на внимание, емотивно штимање (R. Collins 2004) и групна солидарност и групна и индивидуална сила/емотивна енергија (ibid.). За значаен дел од испитаниците оваа драматургија на хомо-социјалноста претставува точка на притисок за одржување на нормална појава, проткаена со постојана внимателност и контролирање на однесувањето, телесното држење и потиснување на можните „феминизирани" гестови и знаци, менаџирање на информациите поврзани со сексуалниот живот или идентитет, како и заштита на себеси од можноста да се биде дискредитиран, исклучен и засрамен.

Нивното препознавање на можната навреда која се изведува преку евокацијата на сликата за хомосексуалецот, истополовото однесување или „феминизираност", слика којашто е секогаш веќе вклучена во имагинарното на хомосоцијалната група за сексуално другиот или надворешната група, укажува на тоа дека овие машки стратегии не се однесуваат исклучиво на хомосексуалниот субјект.. Напротив, фигурата на „педерот" во машката имагинација претставува еден од основните инструменти за хомосоцијално внатрешно групно регулирање и дисциплина. Дури и шегите во внатрешната група насочени кон машките хетеросексуални членови го претставуваат истиот механизам, каде што фигурата на педерот нема исклучително истополова сексуална конотација. Фигурата на „педерот/педерчето" во поголема мера претставува флуиден симбол за пенетрираната и обезмоќена машкост, односно закана кон општествениот поредок. С.Г.Паско (C.J.Pascoe) во нејзиното истражување за адолесцентната машкост тврди (Pascoe 2009) дека адресирањето на некого како педер е „поврзано со неуспехот во машките задачи на компетентност, хетеросексуална вештина и сила или откривање на слабост односно феминизираност на кој било начин, како и со сексуалниот идентитет. Оваа флуидност на педерскиот идентитет е она што го прави спектарот на педерот толку моќен дисциплинарен механизам. Доволно е флуиден што момчињата го контролираат своето однесување од страв педерскиот идентитет засекогаш да не се залепи кон нив, и е доволно дефинитивен за момчињата да препознаат педерско однесување и да се трудат да го избегнат". (Pascoe 2009:71) Оваа навредена и дискредитирана фигура („педер/чето") функционира како потентна алатка неопходна за репетитивниот машки родов перформанс и конституирањето на заканувачкиот спектар на конститутивната надворешност (Butler 1993). Флуидноста и конститутивниот однос на навредата содржана во фигурата на педерот е најдобро прикажана во изјавата на еден од испитаниците, бисексуален Македонец, кој раскажува за стравотната приказна на неговото малтретирање и заплашување во училишните години. Имено, причината за насилството и навредите, дури и обидот за силување, кон кои бил подложен од страна на машките соученици, според него не е поврзана со тоа што бил геј, нешто што во тие години од животот воопшто не го ни чувствувал како желба, туку бидејќи:

> *Бев најдобар у клас и у генерација, најкултурен, тоа сите го викаа, и професори и деца. Не се тепав, бев мирен, не спортував, тоа им беше главната причина зашто ме дискриминираат, дури дознав на крај дека луѓето на кои верував, кои ми беа пријатели се договориле со цела генерација, направиле заговор пошто јас сум бил многу љубезен да ме сменат. Како ќе сменеле, со тоа што ќе ми го упропастат животот.*
> (бисексуален маж МКД, ПП, П30)

Стрејт машките пријателства дополнително креираат регулирана групна солидарност и „граници во поглед на светот околу"(Johansson). Овие граници се цврсто фиксирани кон хомосексуалците, феминизираните мажи и

жените, кои се или сексуализирана содржина на идентитетски разговор, или  сексуален/интимен партнер лишен од привилегиите да се биде член на „светата“ машка група. Ова е една од причините зошто голем број испитаници одржуваат строго одвоена публика и социјален живот, со што се спречува мешањето на нивните стрејт и геј пријателства. Позабележително, еден од ефектите на оваа организација на машката интеракција е креацијата на јавната/приватната поделба на социјалниот живот, односно геј пријателствата се резервирани за приватниот простор, со што тие се лишени од социјална видливост и јавен социјален живот, или пак, во краен случај, комуникацијата со геј мажите е сведена на случајни сексуални средби. Ваквата состојба е најзабележителна меѓу албанските и ромските испитаници (без оглед на нивниот сексуален идентитет). Геј социјалноста и градењето на социјалните светови и публика на тој начин се лишени од можноста за постоење со тоа што се забранет и незамислив домен, априори исклучен од интерактивните хомосоцијални рамки на организација на односите на актерите. Абјекцијата на хомоеротичното, или уште позначајно на можноста за јавност и социјалност на подредените, односно маргинализирани (не-хегемонски), машкости стануваат или се конституираат како неопходно исклучени заради одржување на сигурноста на машкото општество кое, во спротивно, би било секогаш под идентитетска закана.

Во стратегиите употребувани во вакви ситуации од страна на нашите испитаници со цел да се одржи „менаџирањето на впечатокот“ и да не се прекршат ритуалните својства се вбројуваат: а) повлекување од разговор проследено со негативни чувства и непријатност (повеќето геј и бисексуални идентификувани мажи од албанската и македонската етничка група), б) внимателно изготвени контра-аргументи и опозиција кон хомофобичните шеги, а кои вклучуваат одбрана на правото на приватност на секое човечко суштество, со што се употребува генерализиран и апстрактен аргумент како заштитна стратегија, или одрекување на вистинитоста на информацијата за аутсајдерот подложен на колективно шегување и понижување (без притоа да се открие сопствената сексуалност или сексуално однесување), в) придружување кон разговорот и атмосферата (многу мал број од испитаниците) или г) избегнување на истите хомосоцијални кругови и селективно организирана социјализација.

Фокус групата и индивидуалните испитаници (Македонци со натпросечен социјален статус и помладите под 30 години, речиси сите само-идентификувани како хомо/бисексуалци) покажаа највисоко ниво на свесност и освестеност за родовиот систем на односи, поточно родовите стереотипи. Истата група на испитаници го негираше и постоењето на есенцијални родови разлики. Понатаму,изразија и највисоко ниво на освестеност за тактиките на правење на родот (gender doing) и родов перформанс меѓу мажите, како и освестеност за интеракциите преку родовиот разговор, родово надзирање во хомосоцијалната интеракција, меѓусебното скрутинизирање како регулативна пракса за одржување на машкиот конзерватизам. Истите испитаници покажаа и критичка свесност кон само-регулирањето со цел изведување на соодветната родова појава меѓу мажите, постојаното отфрлање на телесно држење и перформанс кои многу лесно се асоцираат со женскиот род итн. Дел од испитаниците покажаа и очигледна дистанца од хомосоцијалните ритуали и презентираа ироничен став, како:

> *А општо денес гледам дека има голема конкуренција меѓусебна као Тарзан комплекс, мораат постојано да докажуваат дека се мажи, мора постојано да бидат они први, најбољи. Тоа кај нас во Македонија многу е изразено бидејќи, сепак, таква е традицијата, но, луѓето со кои интензивно се дружам го немаме тоа меѓу нас, нема никаква конкуренција. Нема никој над ни под.* (МКД, ПП, П30)

*Мислам дека мажите што не се геј, а со кои јас често имам контакти баш се традиционални мажи и ги интересираат традиционално машки работи коишто мене воопшто не ме интересираат.* (МКД, НП, П30)

*Претежно разговараме за жени што мене ми е многу досадно, кога ќе фатат да зборат за фудбал јас морам да глумам пред нив и претежно ги избегнувам.* (геј, АЛБ, ПП, П30*)*

### I.5. Род и поделба на трудот

Групите што искажаа највисоко ниво на соучество со хегемониската машкост се групите со учесници од албански и ромски етницитет, како и македонски испитаници со потпросечен социјален статус, или претежно оние кои ја идентификуваа својата сексуалност и сексуален идентитет со нормализирана машка улога и „нормалност“. Нивните верувања, ставови, перцепции и родови перформанси се повеќе или помалку во согласност со една од трите главни и хегемониски организации на родовите структурни инвентари и нивните понатамошни родови режими, вклучувајќи ги трудот, односите на моќ и катеза (Connell 2005). Тие исто така на највисоко ниво го изедначуваат односот меѓу половото тело и родовата практика, со што се поставува неминовен однос на ко-детерминирање на сопственото полово тело и родовата улога и идентитет. Родовите специфичности најчесто се забележуваат во родовата поделба на трудот во домаќинството и различните обврски и задачи кои секој член од семејството ги има во домаќинството. Оваа поделба ги вклучува секојдневните задачи, како на пример, перење на садови, чистење, грижа за куќата, резервирани за жените, спротивно од јавните активности како прехранување, обезбедување на финансиска стабилност, старателство и заштита на семејството, одговорност за благосостојбата на семејството, работи поврзани со физичкиот труд итн. препишани на мажите, а со што се рефлектираат културните и традиционалните значења доделени на секој од половите тела, машкото и женското.

Освен неколку од испитаниците, речиси сите изјавија релативно строга поделба на трудот во домаќинството на нивното семејство, односно меѓу мајките и татковците, или меѓу сите женети испитаници (најчесто Албанци и Роми), меѓу нив како мажот во куќата, и нивните сопруги кои се грижат за традиционално женските обврски. Татковците во повеќето случаи се гласот на Фалусниот закон, наметнувајќи ја и пренесувајќи ја нормата на нивните машки деца.

Поинаква и еднаква, родово неодредена поделба на трудот се забележува како резултат на трансформираните социјални практики, економските околности и различните форми на живот надвор од потесното семејство.

Имено, еден македонски геј испитаник од повисока класа изјави дека откако мајка му ја загубила работата, таа ја презела традиционалната улога на домаќинка, иако родовата поделба на трудот не била типична за нивното домаќинство претходно.

Другите испитаници, бидејќи живеат сами, биле вклучени во потполно изменување на традиционалната поделба на трудот, односно извршување на традиционално женски и традиционални машки работи дома.

Во неколку случаи, апропријацијата на машката родова улога и перформансот на традиционалните обврски во домаќинството се наметнати или од загубата на таткото или со разводот на родителите.

Макросоцијалните и политичките предности на феминизмот исто така беа истакнати од неколку испитаници, иако не во тој контекст туку како во смисла на општи социјални промени во родовите односи кои доведоа до трансформација на традиционалниот родов поредок во режимот на трудот.

Повисокото ниво на образование и повисокиот економски статус исто така во мнозинството случаи покажа позитивна корелација со еднаквата родова поделба на трудот, особено во поглед на нивните ставови и верувања, а не исклучиво како практика.

Конечно, најголемото мнозинство од испитаниците кои изразија порамноправна перцепција на родовата поделба на трудот се само-идентификувани геј и бисексуални мажи, претежно Македонци.

> *Моето семејство е не типичен пример за поделба на улогите а мислам дека за среќа имаме останато од Југославија зборам за професионалното релативно во ред поделба. Еве на пример во Екс Југославија жена и маж заработуваат иста плата за иста позиција додека во Америка не е така и цел куп други места. За жал некои улоги и некои работи се поврзани со идеја дека треба или жена или маж да ги прави како професии…На пример јас што се чуствувам многу отворена ама прв пат кога видов пред многу години жена-пилот се зачудив. Се чуствував и комотно и се ама се зачудив иако тогаш имав точно тринаесет години така да... На пример на прсти се бројат такси возачи жени во Скопје. Ги има ама дали има три. Па после тоа улогата погрдно кажано, чистачка по обичај се жени што го онодат. Такви некои. На страна тоа што глумица мора да биде женско хахахха иако она што кажав дека жените имаат иста плата ама они дома мораа да работат да чистат да пеглаат а тоа не беше во ред тоа и до денес е останато и за готвење и за сето тоа.* (МКД, НП, Н30, геј)

> *Јас познавам многу луѓе мажи коишто помагаат во таканаречените женски работи како што се готвење, пеглање, чистење итн.. Јас сум да речеме многу педантен, сакам многу да ми биде чисто, сакам многу да готвам, пеглам, сите тие работи ги правам меѓутоа не сметам дека тоа се женски работи. На работа што знам...исто така, не ги делам јас така реско работите на машки и женски освен раѓање деца.* (МКД, НП, Н30 геј, друг испитаник)

> *Има поделба и тоа голема и се обидувам тоа да го тргнам ама не можам затоа што живеат во такво општество каде што мажот е маж, а жената е жена...и јас не го прифаќам тоа дека една жена треба да седи дома и да гледа деца затоа што и мажот треба да ги гледа децата.* (МКД, ПП, П30, геј)

Се претпоставува дека оваа корелација е предизвикана или од социјалната и политичката позиција на не-хетеросексуалецот во однос на хегемониската машкост, од една страна, или од трансформацијата на културниот код од страна на силните влијанија на либералната политика, човековите права и феминистичкиот дискурс и родова политика на еднаквост. Сепак, треба да се нагласи дека при трасирањето на промената на родовиот културен код како можен извор на овие ставови и практики, не реферираме исклучиво на културниот родов код како обединувачка структура и принцип на организација на родовите односи, туку се земаат во предвид и мноштвото практики преку кои тој се остварува и материјализира. Најочигледен пример на ова е упорноста на машкиот хабитус во ефектите врз телесната перцепција и експресија и режимите на родова моќ рефлексирани во силната стега врз хабитуалнта сигурност, разработена претходно во ова поглавје.

### I.6. Машкост и (не)хетеронормативна катеза

Хетеронормативната организација на сексуалноста и интимноста, катезата како трет структурен инвентар и модел на родови односи, меѓу мнозинството испитаници е видливо присутна. Имено, нивните искази ги отсликуваат трите главни дискурси кои имаат историски организирани родови односи како и нееднаквата дистрибуција на моќ, и конструкцијата на родовата субјективност (Hollway 1998). Можат да се

идентификуваат видливи траги на „машкиот сексуален“ дискурс, според кој **мажите имаат природно посилни сексуални потреби** коишто мора да се задоволат. Така, еден од учесниците ја идентификува специфичноста на мажите во тоа што тие:

> *Пенетрираат и на тој начин доминираат, мажите почесто мислат на секс, тие се послободни и го користат почесто, без селекција, даваат што имаат да понудат, без емотивно приврзување.* (Фокус група со МКД, ПП)

Или друг учесник со албанско етничко потекло при описот на преживеаните секојдневни аспекти на машкост изјавува дека:

> *Доминацијата во сексот е машка улога, поснажни, поагресивни, полудувам кога ќе видам убава жена ... особено ако жената провоцира... но маж исто така може да провоцира како жена, ако тој провоцира бидејќи провокацијата е женска работа.* (фокус група со АЛБ)

Оваа изјава исто така го рефлектира „**има/поседува (*симболички Фалус*) дискурсот** (ibid.) кој ги поставува мажите како обезбедувачи на позицијата на сигурност барана од страна на жените, отелотварувајќи ја фигурата на заштита и прокреација, најпарадигматично објаснета во изјавите на повеќето испитаници, кои тврдат: „иницијативата е машка работа, секогаш“, или „мислам дека мажите треба да бидат емотивно посилни од жените и постабилни... да преземат одговорност и да прават работи кои жените не треба да ги прават“, или дека е „женска карактеристика“ да „посакуваш да припаѓаш на некого“ итн. Во оваа насока, испитаниците го потврдуваат и **пермисивниот дискурс,** поставувајќи ги мажите како природно „активни“, а жените „пасивни“. Сепак, оваа пермисивна сексуалност е конструирана како нешто што искажува моќ, контрола, активност и потенција, лишена од секакви знаци на слабост, пасивност или подреденост, а коишто се секогаш доделена на женскиот домен или немаженствените геј мажи, педерите. (Reynaud, 2004).

Последниот став најочигледно е изразен меѓу мнозинството на ромски и албански испитаници, и дел од македонските интервјуирани лица со потпросечен социјален статус и силно нагласена машка сексуална идентификација.

Интересен исклучок во овој контекст се неколку албански испитаници чија сексуална идентификација е геј или бисексуална, при што сексот со мажи се смета не како составен дел од нивната машкост, но напротив како израз на нивната женственост, дури и како директни последици на женски хормони. Иако овој модел на само-позиционирање во родовиот поредок ги поставува наопаку традиционалните родови идентификациони матрици во однос на сексуалноста, сепак, сè уште ја зачувува конгруентноста на полот, родот и желбата (Butler 1990), со што хетеросексуалната желба и однос остануваат единствените разбирливи форми на сексуалност. Имено, иако тој се идентификува како женско, оваа идентификација е одредена од неговото преземање на „пасивна“ улога во сексуалниот чин, следствено „пасивноста“ останува да биде женска без притоа да биде превреднувана и преозначена како идентификациона можност за мажот. Конечно, неговата женска улога која потекнува од неговата „пасивна“ улога на пенетриран, ја задржува хетеросексуалната логика на желбата, при што машкото го посакува женското, и го посакува на активен и пенетрирачки начин.

Сепак, хетеросексистичката негативна конструкција на хомосексуалноста како прекумерна и неконтролирана сексуалност или емотивно изразување се рефлектира во ставовите и на другите групи на интервјуирани кои, како што ќе биде дополнително разработено во текстот. Тие ја нагласуваат силно сопствената диференцијација од другите геј мажи во јавноста со што стануваат соучесници во хомонегативното исклучување на подредените

машкости и малцинските сексуалности од јавниот домен и хоризонтите на видливост. Соучесништвото се ефектуира и врз конструкцијата на вистинската машкост како моќ да се раководи со телото, чии движења, желби, задоволства и искуства бидуваат строго поврзани со приватната сфера, со спалната соба. Така, доколку машкоста се смета како вредна, а ова вреднување се остварува преку разните форми на моќ практикувани и хабитално прифатени како дадени, како и преку социјалната контролата над жените и над други мажи со подредени машкости, тогаш, потребно е да се земе во предвид и моќта на контрола над самите тела на мажите. (Segal 1993).

Потребно е да се нагласи дека практикуваниот модел на катеза меѓу мнозинството интервјуирани демонстрира напуштање на доминантниот модел на машкост во неколку погледи. Постои првично отстапка од нормативната катеза во изборот на посакуваниот објект. Уште позначајно, превртувањето на хетеронормативната катеза се огледува во инверзија на пропишаните сексуални улоги, при што, рецептивната сексуална улога („пасивна") исто така се вбројува како еднакво потенцијално место за перформанс на машкоста. Изјавата на еден македонски испитаник парадигматично сведочи за ова:

> *Јас апсолутно не го мислам тоа. На тоа прашање уште не сум одговорил меѓутоа не сметам дека некој којшто е таканаречен bottom или пасивен е помалку маж од тој што е активен. Тоа е некој стереотип којшто е...не знам. Мислам дека повеќе од тие коишто се маскулини нема да станат пасивни само ради тоа што се плашат од дисквалификација, а не заради тоа што тоа не им го прави ќеифот*. (МКД, НП, Н30)

Дополнително, значаен број на учесници во групата не го сметаат емотивното изразување или исполнување како немаженствено, со што покажуваат освестеност за социјалната и културната природа на овој „стереотип" за машкоста. Ова позиционирање на односите на катеза ги поткопуваат хомофобичните машки стравови како одраз на ризикот да се биде „сексуално присвоен" (Reynaud) и симбол на понижување.

Начинот на кој мажите се поврзуваат со жените и на кој социјално комуницираат со жените, вклучително и идентификувањето со некои жени во рамките на домаќинството (мајки, баби, но исто така и пријателки), исто така посочува кон „полиберален" поглед на машкоста.

Сепак, дури и во овој модел се чини постои одредена насоченост кон поларитетите на родовата дихотомија и пренагласеното соучесништво со репрезентациите на машкоста, кои се едни од главните извори на исклучување на истополовите сексуалности. Ова соучесништво е изразено не толку на ниво на идентификација (освен за некои албански и ромски испитаници со потпросечен социјален статус), колку на ниво на еротска желба, при што најзадоволувачкиот објект е оној кој соодветствува на барањата на доминантата мизогина машкост. Со зборовите на Leo Bersani, „културните ограничувања според кои функционираме вклучуваат не само видливи политички структури, но исто така и фантазмични процеси преку кои ја еротизираме вистинската... економија на нашите сексуални пориви како културно постигнување. Можеби не сме никаде толку ефективно и подмолно манипулирани како во нашите „најлични" избори и вкусови за предметите на нашата желба".

Главно, сите интервјуирани лица покажаа разновиден спектар на односи кон нормативната машкост, од високо нагласено **соучесништво** на некои мажи кои покажуваат силна врска со хегемонијата, преку **преговарана позиција** (разни родови практики заемно поврзани со разни родови структурни инвентари и режими), **опозициона идентификација** меѓу неколку од испитаниците, до **носталгично позиционирање** (Johansson 2000), особено евидентно меѓу постарата генерација на интервјуирани мажи, како и кај ромската група,

илустрирано во тежнеењето кон враќањето во време кога машкоста била надарена со недвосмислено поприсутни социјални и морални атрибути (постара група) или постоела замислена отсутност на подредените геј мажи (ромска група).

## II. Сексуалност и сексуален идентитет

Сексуалниот идентитет меѓу испитаниците е дефиниран основа на мноштво црти:

**1) Поистоветување на сексуалното однесување, желба, емотивна приврзаност и продлабочување на интимност со сексуалниот идентитет** (вклучително и заеднички интимен живот со истополов сексуален партнер, при што истиот се разграничува од односи засновани исклучиво на секс, или истополово однесување);

**2) Дефинирање и подведување на сексуалниот идентитет преку и под родовиот идентитет и машката родова оска,** или како

2а) нормализирана родова позиција, како

2b) активна и пенетрирачка машка позиција, или како

2c) подредена родова позиција;

**3) Минимално есенцијализирачки описи на сексуалниот идентитет,** и

**4) Сексуалниот идентитет како начин на живот и политички идентитет**

Овие лични сексуални идентификации варираат, најчесто по етничката оска, иако позиционирањето кон хегемонскиот машки идеал има значајно влијание врз само-одредувањето на одредени испитаници. Мноштвото парадигми во кои се врежани бројни значења преку кои испитаниците им даваат значење на желбата, однесувањето, емоциите и идентитетот, а кои одбравме да ги зацртаме во рамките на истражувањето, се засновани на дел од основните истражувања и дискурси во рамките на современите социолошки, културни, родови и студии за сексуалноста.

Овој аналитички ракурс е дедуциран преку разгледување на културните, социјалните и политичките услови во кои личноста го оформува сопствениот идентитет или во кои се оформува нечиј идентитет, бидејќи тој води кон суштинска дистинкција меѓу **хомосексуалното однесување и желба,** од една страна и **хомосексуалниот идентитет,** од друга страна (Horowitz and Newcomb 2002). Имено, дали една личност практикува хомосексуални чинови не претпоставува нужно априори идентификација на одреден идентитет, во овој случај хомосексуален. Според силно влијателниот труд на Мери Мекинтош (Mary McIntosh) (1968) за „Хомосексуалната улога" (The Homosexual Role), постои разлика меѓу **„институционализираната хомосексуална улога",** која ја конструира хомосексуалноста како вид на личност и недамнешна модерна инвенција, и **врските меѓу мажи кои во други околности се само-идентификуваат како хетеросексуалци,** што опфаќа истополово однесување и чинови, но не и сексуален идентитет или само-идентификација како хомосексуалец.[14] Така, хомосексуалниот идентитет

**14** Како што тврди Стивен О. Мурej (Stephen O. Murray): „Геј свесноста не е автоматски производ на хомосексуалното однесување, како што и класната свесност не е производ на „објективната класна позиција" или етничката свесност за генеологијата. Како што нѝ е познато од самото наше општество, не сите лица со карактеристика, се сметаат себеси дефинирани од истата на било кој начин, а некои ја одрекуваат во целост. Постоењето и значајноста на карактеристиката мора да биде сфатено за да постои свесност за видот: карактеристиките се само потенцијална основа и, доколку не се јавно признати, кревка основа.

е „посредуван не само преку истополовата активност *per se*, но и преку волјата или способноста на индивидуата да се справи со етикетирањето како хомосексуалец. Дали една личност ќе биде „надвор" (out) како хомосексуалец или во „плакар" (одржување на хетеросексуален идентитет, но со желба и/или сексуално инволвирање со истиот пол) зависи не толку од биолошките потреби колку од индивидуалните, социјалните и политичките околности кои го или не го поддржуваат избраниот идентитет". (Taylor and Spencer 2004: 36)

Она што ги обединува сите испитаници, вклучително и оние од фокус групата и индивидуалните интервјуирани лица, е дека разбирањето за сексуалниот идентитет е значително неодредено. Преку оваа лебдечка и нејасна позиција на сексуалниот идентитет лесно се добива впечаток дека категориите на сексуалниот идентитет се празни означители отворени кон бројни синџири на означувања и кон флуидноста на значењата. Групите на интервјуирани меѓу кои сексуалната идентификација како геј и бисексуалната е најјасно изразена, вклучително и поцврстите врски и идентификација со „геј заедницата", изразуваат мислења според кои идентитетот е построго дефиниран врз основа на сексуалното однесување и желба, иако на прашањето за атрибутите и карактеристиките, или специфичностите на геј субјективноста нивните одговори се непостојани и неодредени, при што хетеросексуалниот идентитет станува ексклузивен белег на диференцијација. Дури и во овие случаи тие не идентификуваат суштински разлики меѓу геј и хетеросексуалните мажи, освен родот на избраниот објект на сексуален интерес или емотивни приврзувања и интимност.

### II.1. Сексуалниот идентитет како интимност, сексуално однесување и приватност

Речиси сите испитаници кои се идентификуваа како геј или бисексуални сметаат дека нивниот сексуален идентитет го изведува своето значење од претпоставената еднаквоста утврдена меѓу истополовите сексуални чинови, однесувања, интимност и желба. Сексот со мажи и воспоставувањето на краткотрајни и долготрајни интимни и емотивни односи со истополови партнери, или со жени, е единствената причина за нивната сексуална идентификација. Од вкупно 43 индивидуално интервјуирани лица, 16 се идентификуваат како геј или хомосексуалци, при што 10 од нив се Македонци, 5 се Албанци и само еден Ром. Осум (8) испитаници се идентификуваат како бисексуалци, 5 од кои се Македонци, 2 Албанци и 1 Ром.

Се забележува релација меѓу интимното, личното и приватизираното разбирање на сексуалниот идентитет и неговото позиционирање во однос на социјалните/политичките аспекти и личните/приватни работи. Така, оние интервјуирани лица кои сексуалниот идентитет го поимаат како категорија за номинализација на истополовата емотивна приврзаност покажуваат повисоко разбирање за сексуалниот идентитет како приватна работа, длабок дел од себеси и како сопствената интимност. Нивниот сексуален идентитет останува поврзан со „приватниот живот" и „спалната соба", без интерес за придавање на истакнатост на идентитетот во нивните социјални практики или да се создаде видливост на идентитетот во околината во која личноста живее. Ова е општ тренд меѓу интервјуираните од сите фокус групи, како и мнозинството на индивидуални испитаници, односно изедначувањето на сексуалниот идентитет со сферата на приватната, интимната и сексуалната практика, и неговото диференцирање од политичките и социјалните работи.

Ова разбирање на сексуалниот идентитет како приватна работа води кон разгледување на комплексните поставки во кои хомо/бисексуалниот идентитет е централен, значаен или истакнат и „испакнат" за актерот. Неспорно е дека сексуалниот идентитет на една личност не е нагласен во сите бројни ситуации во кои влегува социјалниот актер, и секој индивидуалец избира, во согласност со неговата лична историја, кој од многуте идентитети кои тој ги опфаќа би бил доминантен. Сепак, треба да се има во предвид фактот дека одредени

ситуации не нудат поволни услови (поддршка од другите) за одигрување на доминантниот идентитет на една личност. Така, сексуалниот идентитет ја добива сопствената истакнатост и можноста да биде одигран во едни наместо во други услови, при што геј пријателствата и средини се социјалната средина која нуди позитивен однос кон изведувањето на сексуалниот идентитет за повеќето испитаници. Социолозите тврдат дека негативните емоции се вообичаениот исход кога доминантниот идентитет е предизвикан во одредени поставки, и индивидуите вложуваат голем напор и бројни стратегии за да ги избегнат негативните болни чувства. Помеѓу овие стратегии се набројуваат вообичаено: селективната перцепција, како што е игнорирањето на сигнали кои не го поддржуваат сопствениот идентитет, селективната интерпретација, како што се стратегии на погрешно интерпретирање на сигналите на неодобрување како одобрување, критикување на другите за отсуство на поддршка, повлекување од интеракција, префрлување кон друг идентитет кој лесно може да биде потврден во таа ситуација итн. (McCall and Simmons in Stets 2006: 205-7) Сите овие стратегии можат да се проследат кај испитаниците како алатки за избегнување на неодобрување на идентитетот, и би требало да се земат во предвид при анализа на ексклузивното разбирање на сексуалниот идентитет како приватна работа.

Од поинаков аспект, значаен при разгледувањето на ситуационата нагласеност на сексуалниот идентитет е степенот на посветеност кон тој идентитет, кој зависи од бројот на лицата со кои една личност е поврзана преку тој идентитет и длабочината на врските преку кои личноста е поврзана со сопствениот идентитет, сексуалниот идентитет во овој случај. (Stryker and Serpe 1994) Доколку се земе во предвид дека повеќето од само-идентификуваните бисексуални и хомосексуални испитаници имаат длабоки врски со нивните хомосексуални пријатели и ги сметаат за значаен извор на поддршка и само-експресија, очекувано е за овој идентитет да има повисоко место во нивната хиерархија на нагласеност на идентитети. Дополнително, на поинакво квантитативно ниво, дел од нив имаат широка мрежа на геј пријатели и фреквентен геј социјален живот, а сепак изјавуваат дека овој идентитет нема голема нагласеност во нивните авто-перцепции, кои се одредени од пошироките социјални мрежи и хомонегативната социјална околина која не создава благопријатни услови за експресија на идентитетот. Во овој поглед на аргументација индикативни се исто така изјавените позитивни и силни чувства кои повеќето од нив ги искусуваат во мрежите засновани на сексуалниот идентитет. Дополнително, реципрочната врска може да се најде меѓу степенот на само-идентификација како хомосексуалец/бисексуалец и интензитетот на процесите на социјализација со други геј луѓе, интерес во геј теми (политика, култура, филм со геј тематика, социјални аспекти, животен-стил). Со други зборови, забележавме посилно преклопување на желбата, однесувањето, животниот стил и идентитетот, како и изразувањето и застанувањето на/зад одреден сексуален идентитет и само-етикетирањето, од една страна и групата на правила кои се асоцираат со идентитетот со кој личноста се идентификува, од друга.

Така, непосветеноста кон сексуалниот идентитет во констелации кои не го потврдуваат овој идентитет, се чини дека е посилно предизвикана од интензивните негативни чувства (срам, повлекување, страв, вознемиреност итн.) кои учесниците ги искусуваат во овие контексти, и потребата да се отфрлат овие чувства преку стратегиите разгледани погоре, иако истото е тешко да се признае, од причини за кои можеме да спекулираме со оглед на достапниот материјал за ова истражување. Бурк (Burke) (1991) тврди дека активирањето на идентитетот го придружува повратна спрега (feedback loop) во секоја социјална пригода. Замената на идентитетите или промената на однесување е вообичаен исход во ситуациите кога повратните информации од другите, засновани на перцепцијата или пак на рефлектирано вреднување (позначајно во контекст на нашите испитаници) од страна на актерот, даваат знаци за непосакувано и недобредојдено однесување засновано на очекуваниот идентитетски стандард (хетеросексуалецот маж во овој случај). Негативните емоции кои

излегуваат затоа што не се пресретнати очекувањата на другите, „го охрабруваат себството да направи нешто во врска со прекинот на идентитетот и да се здобие со потврда како би останал член во групата и не би бил исклучен“ (Stets 2006: 211)

Единственото експлицитно разбирање на сексуалниот идентитет како тема од политичка важност се изразува во теми како дискриминацијата и апстрактно и воопштено реферирање на човековите права, односно исклучиво проблеми поврзани многу повеќе со правосудниот систем, и до одреден степен со политиката, но не како политички проблеми поврзани со суштинската еднаквост и заеднички јавен живот. Речиси сите испитаници кои ја идентификуваа дискриминацијата како политичка димензија во нивниот сексуален идентитет, ја направија оваа врска со употреба на опширни и генерализирани поими, но не во врска со нивната отелотворена и живеана релација со поширокиот политички спектар или во врска со интерференциите на нивните животи и нивните сексуални идентитети и социјална средина, политички институции и структура.

Многу мал дел од учесниците ги нагласија ограничувањата во јавната сфера, односно интимното изразување во јавниот простор (држење раце, право на брак, бакнување во јавен простор, прегрнување итн). Дури и ова реферирање на јавниот простор е незначајно посочено од неколку испитаници. Станува дури алармантно кога ќе се согледа фрекфентноста на појавата на чувства на неудобност кои ги имаат или искусуваат во мноштво хомосоцијални и хомонормативни поставки. Да се чувствуваш удобно (чувство кое повеќето испитаници кои успешно ја изведуваат машкоста во јавни поставки тврдат дека го искусиле) значи да бидеш слободен во социјалната околина до таа мера што границите меѓу сопственото тело и светот надвор стануваат непрепознатливи. Во „Чувства на удобност“ (Feelings of comfort), Сара Ахмед (Sara Ahmed) тврди „телата се шират во просторот, а просторот се шири во телата“, при што хетеронормативноста функционира токму на оваа основа, како „форма на јавна удобност преку дозволување на одредени тела да се шират во просторот кој веќе ја има заземено нивната форма“. (Ahmed 2004: 148) Формата која јавниот простор ја зазема е резултат на историите на повторувања на одредени телесни екстензии и одредени форми на живот и односи, главно хетернормативни. Нивната форма ја овозможува итеративниот перформанс на хетеросексуалното однесување, процес незабележан од хетеросексуалниот субјект чие тело слободно се шири во просторот кој ја заземал неговата форма веќе пред неговото пристигнување (Valentine 1996: 149).

Политичките режими на производството на знаење и конструкција на идентитети, како историските и културни специфичности и разлики во сексуалниот идентитет (Halperin, Foucault, Kosofsky, Rubin, Chauncey, Halberstam), вклучително со комплексното вкрстување на сексуалното задоволство, однесување, фантазии и односи со културните сексуални и родови скрипти (Gagnon) се речиси целосно исклучени од разгледување или не се забележани од ниту еден од учесниците.

Ниското ниво на политизираност на сексуалниот идентитет и неговото историзирано и културолошко разбирање се поврзува и со незначајниот број на испитаници кои се идентификуваат себеси како можен агент на политичка борба и вклученост во политичките барања за сексуално граѓанство. Иднината на социјалната и политичката борба за сексуална еманципација е најчесто припишана како одговорност на разни фигури на претставници, вклучително и политичари, Владата, невладини организации, индивидуалци итн.. Можноста за активизам на обичните луѓе или од надолу кон нагоре (bottom-top), колективни борби за еднаквост во заедницата се исклучени или заземаат незначајно место во опсегот на размислување на испитаниците.

Во овој поглед индикативно е и умереното ниво на свесност и освестеност за структурите на хетеронормативност и хомофобија. Повеќето од испитаниците ја препознаваат хомофобијата како

манифестирана најчесто во видливи акти на насилство и исклучување, и ретко ги детектираат секојдневните притаени форми на насилство и опресија изведени и живеени од структурните параметри на хетеронормативност. Уште помалку се препознава секојдневната интеракциска политика на срам, врежана во хомосоцијалните, микросоцијални и пошироки политички структури и институции.

Ова уште повеќе кажува доколку се земат во предвид исказите на повеќето испитаници кои посочуваат на искуства на нееднаква дистрибуција на правото на „сексуални и интимни разговори" меѓу хомосоцијалните кругови или хетеросексуалната околина и скриените засрамувачки механизми кои се вбројуваат во овој контекст на, она што Гофман (Goffman) го нарекува, *фантомско прифаќање* на стигматизираните од страна на „нормалните" (Goffman 1963). Поиндикативно во овој контекст е силниот отпор да се признаат искуствата на срам, односно да се согледа стравот од исклучување и заканата за социјалните врски и односи како можна причина за одржувањето на хомо/бисексуалниот идентитет и сексуалниот живот во приватната сфера. Тврдењето дека сексуалниот идентитет е резервиран за приватната сфера кај мнозинството интервјуирани, и разбирањето на ова тврдење и односите кон сексуалноста на личноста како„така стојат работите и така треба да биде", се коси со изјавите кои сведочат дека нивниот секојдневен социјален живот и хомосоцијалните средини во кои комуницираат се обележани со разговори за идентитетот, при што сексуалните теми, сексуалните искуства, сексуалните фантазии и желби се редовна содржина на разговор, додека истите остануваат необележани во нивната хетеросексуална нагласеност.

Понатаму, втора контрадикција која го подрива тврдењето на испитаниците за приватизацијата на сексуалниот идентитет се исказите кога испитаниците укажуваат на тоа дека поминуваат голем дел од времето во нивниот секојдневен живот со хетеросексуални парови како нивни пријатели. На пример, еден од испитаниците укажува дека не се гледа со пријателите со постојан ритам, бидејќи тие поминуваат повеќе време на семејни обврски, семејни одмори и други социјални обврски одредени од нивниот хетеросексуален живот итн. Ова ги рефлектира поширокитe импликации на сексуалноста и интимноста. Како што тврди Сара Ахмед, сексуалната ориентација и сексуалниот идентитет имаат многу поширок опсег на значења и последици од само сексуалниот објект на нечија желба. Напротив, ова влијае на бројни други работи, повлекувајќи „тела кои протекуваат во светови; повлекувајќи начин на ориентирање на телото кон и настрана од другите, што влијае на тоа како една личност влегува во разните сфери на социјалните простори (...) дури и доколку не ги води телата кон истите места... ориентациите влијаат на тоа што телата можат да прават". (Ahmed 2004: 145) Конечно, според тврдењето на повеќе научници, сексуалната ориентација и сексуалниот идентитет го организираат видливиот и препознатливиот социјален хоризонт во слободно место за живеење на нормативните родови тела кои искажуваат конгруентност на родот, полот и желбата, при што машкоста ја перформира родовата позиција во која женското е посакуваниот објект и спротивно.

Меѓу дел од испитаниците очигледна е негацијата на стравот од дискриминација и исклучување како причина за приватизација на нивниот сексуален идентитет, иако тие тврдат дека:

> *Не, јас немам страв од такво нешто. Значи многу мои колеги на работа знаат дека сум бил во врска со машко, значи не знаат што сум правел во кревет но знаат дека сум бил во врска со машко. Моите другари коишто се околу мене, оние со коишто најинтензивно се дружам знаат. Тоа јас сам сум им го соопштил или по некаков начин они претпоставувале па ме прашале па јас сум кажал итн.. Но не се плашам дека некој што не знае ако би дознал на некаков начин, дека тоа би можело да ми наштети.* ***Зашто никого на ниеден човек не може да му наштети ако нема соодветно нешто да го***

***коментира,да го каже. За да некој со 100% тврди за мене дека сум геј и дека одам со мажи, значи он тоа мора да го докаже на некаков начин. Во слободно може да збори, а јас само едно ќе кажам: Караванот оди, кучињата лаат.*** (МКД, НП, П30)

Друг македонски испитаник, само-идентификуван геј маж со натпросечен социјален статус под 30 години, се залага дека неговиот сексуален идентитет е приватна работа, но сепак тврди дека:

*Па највеќе ме загрижува да дознае мајка ми бидејќи нели со неа само живеам и од нејзе зависам сè уште, тоа би било најболно пошто нејзе би ја повредил и ја би се осеќал виновен иако ваљда би го прифатила тоа познавајќи ја мајка ми, ама сè уште мислам дека не е...а и мислам дека нема причина да дознае се додека можам вака да влечам, да кријам, со маска да живеам.*

Овој став ја потврдува и изјавата на друг македонски испитаник со под просечен социјален статус, само-идентификуван геј маж, под 30 години:

*Интимна пред се, затоа што сметам дека на општеството не треба да му е битно со кого јас спијам во кревет и со кого ги делам чувствата. Тоа е тоа…Тоа е релативно, секој за себе. Јас сметам дека не треба да се изјаснам пред останатите дека сум геј имајќи го во предвид општеството во кое живееме и дискриминацијата и стигмата.*

Или како што истакнува друг албански само-идентификуван бисексуалец:

*нема да ми биде сеедно (доколку дознаат за мојата сексуалност), особено за семејството, ќе биде жешко. Би било голем проблем со озборувањето на луѓето. Овој страв имам големо внимание во мојот живот, пошто цело време пазам што правам, со моето движење и се останато што би предизвикало сомнеж…Се гледам како дел од геј заедницата, но не сум социјализиран со другите, од стравот да не ме знаат сите кој сум и што сум. Така да заради дискрецијата јас не сум активен во геј заедницата*

Интересно да се забележи е дека стратегиите на неформална социјална контрола не се препознаваат како принудни алатки за приклучување на личноста во „нормалниот" хетеросексуален и родов бинарен поредок, и следствено не се поимаат како причина за наметнување на затворањето и тајноста на сексуалниот идентитет на една личност. Како што еден ромски испитаник тврди дека:

*Јас не функционирам онака како што општеството функционира. Јас функционирам мене како што ќе ми текне. Разбираш? Не сакам никој да ми се меша и се што ми текнало сум праел. Никој не ми забранил, не ни рекол...*

Но само по неколку минути самиот го порекнува сопственото тврдење:

*Да, сум имал дискусија значи. Мислам, не сме паднале у таа тема на муабет, да е дошло до тој степен да ми речат "немој да бидеш таков", него работите се приметуваат и се гледаат, ме разбираш? Кога еден нормален родител ќе му каже на детето да не носи женска облека... Значи не бил префрлен муабетот за со мажи, разбираш?.. Па немој со такви работи, со такви да се бавташ, едно друго...и за дружење до некаде да, пошто со дружење нели можеш таков да бидеш…Тоа е чисто онака кажано ко наука, да ти поткаже онака.*

Друг испитаник исто така со сигурност тврди дека сексуалниот идентитет е приватна работа, но потоа, при друга група на прашања одговара:

> *Види сега, зависи од околината кај што живееш. Значи да не живеам кај што живеам сега, зашто народот каде што живеам нема да ме прифати таков каков што сум и би требало да биде интимно, а доколку би живеел некаде на друга страна нека знаат кој сум и што сум ич не ме интересира. Не дека ме интересира народот, не живеам за народот ама ептен ќе те зборат со прст, знаеш некои работи они не ги сфаќаат и немаат исто размислување како моето така да биде интимно е најубаво.* (РОМ, НП, П30)

Социјалната психологија на срамот претставува соодветна алатка за анализа на овие механизми за свесно негирање на механизмите за заштита и приватизација на идентитетот на една личност (делумно анализирано во претходниот дел), но друг индикативен извор за анализа претставува и машкиот став кој ја негира можноста за (изразување и признание на) ранливост и социјална зависност, конститутивни за индивидуалниот живот, само-презентацијата и социјализацијата. Индивидуализмот, претставен со постигнувањата на Модернитетот, и неговите длабоки корени во западната и либерална традиција, може исто така да биде анализиран како една од основните причини за заобиколување на влијанието на социјалните норми, хомосоцијалниот надзор и втиснатата принуда во понижувачките практики на микро и макро социјалност.

Севкупно, се чини дека, иако остануваат порекнати, запоставени или одминати, механизмите на забрана и исклучување и стигматизирачките практики, ги одредуваат и ограничуваат можностите и изборот на една личност за толкување и изразување на сексуалниот идентитет. Во овој контекст, свое влијание играат и други фактори, вклучително: можностите отворени и достапни за сексуална идентификација, социјалните разбирливи форми на сексуално и родово препознавање, рамките и нормите на социјалната интеракција, културните и научните ресурси достапни и распространети во актуелниот контекст итн.,.

## II.2. Сексуалниот идентитет како родова експресија и хегемониска машкост

Помеѓу дел од албанските учесници и мнозинството ромски испитаници, сексуалниот идентитет беше дефиниран единствено како обележан од родовата улога, многу повеќе отколку сексуалната ориентација, однесување и желба. Само дел од македонски испитаници, со потпросечен социјален статус го изедначија својот сексуален идентитет со „нормална машкост" и со активна сексуална улога. Хетеросексуалната свест за себеси е забележително нагласена во овие случаи (најчесто меѓу албанските интервјуирани лица) и е силно поврзана со доминантноста на традиционалните родови улоги во кои „вистинскиот" маж е пенетратор, кој отфрла подлабока емотивна приврзаност или развој на долготрајни односи, или пак ги сместува долготрајните односи единствено во традиционалната форма на брачното гнездо.

Овој вид на идентитетска формација во голем степен соучествува со моделот на „фалусоидна сексуалност", гледана како форма на сексуалност центрирана кон пенисот и неговата пенетрирачка улога во сексуалниот однос, при што биолошките димензии на пенисот се побркуваат со симболичните инвентари на семоќноста на Фалусот, кои така поставени во патријархалните рамки ја сочинуваат активноста на пенисот и ја означуваат вагината како женската пасивност. Повеќе социолози нагласуваат дека во овој модел на сексуалност пенетрација на еден маж во друг маж е симболично еквивалентна на вагиналната пенетрација. Гањон (Gagnon) и Симон (Simon) (1973) во нивното истражување за сексуалното однесување и сексуалните скрипти во затвори, покажуваат дека „хомосексуалните" чинови меѓу мажите служат за потврда или афирмирање на машкиот идентитет.

Јазикот користен при описот на сексуалното однесување исто така сведочи за сексуалните скрипти кои го исклучуваат пасивниот јазик во име на активниот, го лишуваат описот од сензуалната содржина или ја негираат сензуалноста како дел од сексуалното однесување  со другите мажи и ја исклучуваат емотивната или романтична имагинарност - специфичност која во истражувањето вообичаено ја карактеризира родовата разлика при конструирањето на сексуалноста. (Kimmel & Plante 2004: 124-9)

Така, едно интервјуирано лице од ромската група со силно нагласено соучесништво со хегемонската машкост истакнува дека „порано беше подобро, машкоста се ценеше, само за ебење, не за двете, во старите времиња немаше педери, сега тоа е ново, немаше педери, имаше ама немаше врски со мажи, не беше јавно, само стилот...“. Хомосексуалниот идентитет е овде одреден од родовата улога на личноста при сексуалниот чин, односно да се биде женско, „пасивен“, пенетриран како белег на аналната немоќност (Hocquenghem 1978), и семоќниот машки и активен фалус кој пенетрира на спротивната страна. Така, еден од ромските испитаници вели дека:

*Јас како маж. Којшто сака да има секс и со геј, сме разговарале и претходно, јас сум тип што на пример не се бацувам, не пипам, не фаќам, значи се задоволувам себеси и во некој смисол и геј партнерот сакам да го задоволам во некоја мала доза.*

Поинтересно е дека хетеросексуалната или машката сексуална идентификациона позиција е речиси целосно оставена како необележана, здраворазумска и нешто што е така без дискусија, дури не и ни именувана, но наполно е изедначена со идентификацијата како „маж“ и со „хегемонската машкост“ и „нормалност“ која априори ја претпоставува хетеросексуалноста како деривативен сексуален идентитет од родовата позиција.

Друга карактеристика на овој модел на само-идентификација дополнително нужно бара исклучување, зазор, деградација и исмевање на „педерите“ и „пасивните геј мажи“, чиј живот веднаш се смета како загубен, како несреќен бидејќи не ја исполнува и следи вообичаената линија на социјален живот (брак, сопруга, деца, домаќинство итн.). Истиот испитаник (претходно цитиран, од ромската фокус група) дури изразува и жалење за неговиот геј пријател. Оваа позиција се согласува со конституирањето на хомосексуалниот идентитет како „конституитивна надворешност“ (Foucault, Butler), отфрлена и бедна можност која априори е невозможна како објект на избор или животна форма.

Според еден од албанските интервјуирани лица сексуалниот идентитет е одреден од социјалната средина во која живее личноста: „зависи од кругот на луѓе во кои се движиш. Каков круг на машки пријатели, има кругови на мафијаши, спортисти и геј. На пример, ако мафијашите или полицајците имаат секс со мажи мислам дека не се геј“. Повторно постои врска на ограничување воспоставена меѓу одредени машки режими на идентификација и хомосексуалноста, лишени од својата машкост, поставени како подредени машкости или не-машкости. Објаснувањето продолжува со патолошки импликации на хомосексуалноста: „зависи дали го поставуваме геј друштвото меѓу социо-патолошките манифестации... од кои тој страда, не знам дали геј е социо-патолошка манифестација или е одредена од детските трауми или личниот развој, околината, друштвото...“

Нивната сексуална инволвираност се заснова исклучително на средби на „ебење и бегање“, избегнувајќи ја дури и самата можност за воспоставување на трајна и одржлива комуникација или социјализација со сексуално не-нормативни индивидуи. Стигмата и срамот имаат високо влијание во овој контекст, што може да се потврди со начинот на кој креираат поделба на публиката, избегнувајќи да бидат видени со „педери“, избегнувајќи сексуални средби со Албанци, стравувајќи од озборувања и нанесување на срам, итн.

Наводниот слободен и доброволен избор на хетеросексуални/машки идентификациони модели станува покомплексен и само-проблематизиран ако се земе во предвид изјавата на еден албански испитаник кој тврди дека:

*Може родителот да има влијание… ако не те прифаќа дека си геј со тек на време се привикнуваш да бидеш бисексуалец.*

Дополнително, погорецитираниот интервјуиран Албанец раскажува за присилното укинување на истополовите интимни односи и можната малцинска идентитетска формација и неговото последователно враќање назад од страна на семејството кон „нормалниот" тек на живот кој е придружен со себе-обвинување и мисли за себе-корегирање („навистина малку претерав со мојата слобода"), кон хетеросексуалното семејство. Неодамнешните истражувања исто така го потврдуваат високото ниво на хомофобија и одржување на патријархалните вредности меѓу албанската популација во Македонија во споредба со етничките Македонци (Albert Simkus, во подготовка).

Социјалната исклученост на хомосексуалноста како можен идентитет или социјална форма на живот, во овие случаи е почесто придружена со социјалната исклученост на самото споменување или јавно дискутирање на сексуалноста и сексуалното однесување или практики на една личност, без разлика на тоа дали ова однесување и сексуалност ќе бидат изедначени со хомосексуален идентитет. Така, еден од ромските интервјуирани тврди дека иако мнозинството на неговите машки пријатели практикуваат истополово сексуално однесување со „геј" мажи, не само што ова не е извор на нивната сексуална идентификација, но позначајно, туку воопшто самото вакво сексуално однесување е отфрлена тема за дискусија. Тие знаат дека повеќето од нив практикуваат сексуални чинови со геј мажи, сепак, сексуалниот разговор за жените е единственото и потврдено сексуално искуство кое може да се сподели.

Истополовото однесување претставува извор на социјална исклученост и интимен срам, еднакво на социјална смрт, како што посочи еден интервјуиран Албанец чија сексуална идентификација се заснова на машката родова оска и хетеронормативната катеза:

*Тоа е моја работа, и си останува само за мене. Не сакам да разговарам за мојата интимност со никој, пошто тоа може да се рашири како информација… Би се чуствувал многу лошо, кога би дознаеле жена ми, децата, другите, нема да престанат озборувањата , исто како да те ставаат жив во земја... Развод на брак, децата на улица, по срамота од тоа има ли?...Секако дека влијае (стравот другите да дознаат за истополовото однесување), не се дружам на јавно место со педери, пазам кога се договарам со некој, дискрецијата ми е најбитна*

Сепак, треба да се нагласи дека оваа сексуално идентитетска формација дополнително станува комплексна при длабоко разгледување на интервјуата со ромските испитаници и при раздвојување на анализата од веќе достапните модели на сексуален идентитет на Западот, кои се посилно присвоени како извори за интерпретација на желбите и однесувањето меѓу Македонците, и дел од албанските испитаници. Имено, кај ромските испитаници вклучени во овој модел на сексуална идентификација се наложува заклучокот на речиси целосна отсутност на западниот модел на сексуален идентитет заснован врз објектот на сексуалниот чин или желба. Нормативната родова идентификација (машкост или мажественост) и родовата инверзија (машка женственост) го придвижува посилно процесот на сексуално-идентитетска формација. За разлика од мнозинството албански испитаници, каде родовата нормативност и родовата инверзија го дефинираат сексуалниот идентитет, меѓу мнозинството ромски интервјуирани постои недостиг на познавање на самиот

концепт на сексуален идентитет како класифициран во категориите на хомосексуалност, хетеросексуалност или бисексуалност. Имено значителен број на ромски испитаници, претежно со потпросечен статус не беа запознаени со значењата на овие категории, и дел од нив се обидоа да шпекулираат околу што можат да значат, иако овие шпекулации не го потврдија вообичаеното применето и присвоено значење.

Она што го издвојува модерниот хомосексуалец како сексуална категорија, како што тврди Дејвид Халперин (David Halperin), е неговото конкретно единствено унифицирање на три дистинктивни ентитети, кои во претходните форми на перцепција и поимање на љубовта меѓу мажите не биле поврзани на таков начин: „1. Психичка претстава на изопачена или патолошка *психосексуална ориентација,* потекната од медицината од 19 век, којашто се однесува на внатрешниот живот на индивидуата и не наметнува нужно истополово однесување или желба, 2. Психоаналитичка претстава за истополовиот *сексуален објект-избор,* што претставува категорија на еротска интенционалност и нужно не подразбира патологија или девијантност (…) и 3. Социолошка претстава за сексуалното девијантно однесување (…) кое не се однесува нужно на еротската психологија или психосексуалната ориентација" (Halperin 1998, 108). Оваа од неодамна утврдена претстава за сексуалниот идентитет обединува различни ентитети, како што е сексуалниот стил, сексуалниот вкус, расположението, карактерот, сексуалните чинови, родовите презентации и ги доделува сите нив на новиот вид наречен хомосексуалец. За разлика од оваа модерна претстава за хомосексуалецот и последователно утврдениот хетеросексуален или бисексуален идентитет, овие категории не постојат во културниот и дискурзивниот репертоар за достапно себе-разбирање и идентификација меѓу оваа група на испитаници.

Може да се тврди дека овие сексуални идентитети остануваат резистентни и без да бидат експлицитно и свесно именувани, и дека се конституирани врз основа на активните/пасивни родови улоги, сепак, целосната отсутност на познавање на овие категории кај дел од ромските испитаници го налага заклучокот дека сексуалниот идентитет не е одвоен, како еден меѓу многуте идентитетски позиции кои може да ги зазема актерот, туку е комплетно опфатен со категоријата на родов идентитет и културни кодови на машкост и се изразува преку овие поими. Сепак, овој проблем останува доста комплициран и прашањето дали хетеросексуалниот идентитет е едноставно толку нормализиран што станува само-разбирлив и необележан, налага одделно и поопширно истражување.

### II.3. Хомосексуалниот идентитет како универзална парадигма на карактеристики

Дел од испитаниците се обидоа да го дефинираат сексуалниот идентитет, поточно геј идентитетот во согласност со одредени универзални атрибути, способности и карактеристики. Меѓу најчесто наведуваните карактеристики се вбројуваат: способност за полесно приспособување кон различни ситуации, снаодливост, поголема либералност, поголема емотивност, поголема сила и успех во барањето на кариера и професионален живот, изборот на професии итн. Сепак, треба да се земат во предвид социјалните детерминанти, политичката изложеност и ограничувачките услови, вклучително и условите на стигма и срам, животните можности и ограничувања, при што сите овие можат да понудат структурно и социјално утврдено објаснување за постоењето на наводните константи на сексуалниот идентитет, и така да се испразнат овие идентитетски фиксации од нивните суштински претензии. Универзализираната тенденција за одредување на сексуалниот идентитет е веднаш, исто така, оспорена доколку се разгледаат мноштвото форми на диференцијации и поделби во внатрешната група кои интервјуираните ги забележуваат меѓу мажите кои имаат секс со мажи и геј мажите.

## II.4. Хомосексуалниот идентитет како начин на живот и политички идентитет

Социјалното значење и позиционирање на хомосексуалниот идентитет преку разните механизми на социјална исклученост и сексуална стигма и можностите за малцински идентитет создадени од овие социјални услови се најдобро илустрирани од изјавата на македонски испитаник, само-идентификуван геј маж со не-хегемонска родова идентификација:

*Не знам може глупо ќе звучи ама тоа е начин на живот, тек на живот којшто е одреден и си има свои квалитети и недостатоци… Мислам дека хомосексуалците многу повеќе и посериозно размислуваат за животот да речеме од останатите луѓе. Тука во тоа размислување се надоградува фантазија, се надоградува креативност, имаш потреба да избегаш од себеси и да бидеш истовремено себеси што е многу тешка борба и кога таа борба ќе се победи и избалансира...не знам мислам дека така се еволуира. Ако душата еволуира мислам дека тоа е патот на еволуцијата. Многу повеќе се свесни за опкружувањето, за општеството, за околината...така да може сите недостатоци што ги спомнав на почетокот да се претворат во квалитети ако се искористат на правилен начин, сите трауми, сите стравови и целиот срам можат да се надминат и да се претворат во нешто многу корисно за понатамошното живеење.* (МКД, ПП, П30)

Оваа изјава наликува на дел од изјавите дадени од испитаниците чија замисла за геј идентитетот тежнее кон универзалистичката претстава, но сепак се разликува значително во посочувањето на социјалните услови кои влијаат на создавањето на хомосексуалниот идентитет и свесноста за сопствениот хомосексуален идентитет. Одовде, сексуалниот идентитет се разгледува како социјален ефект со можности за трансформирање на социјалната стигма и прикриената или отворена социјална траума во потенцијал за креативност и трансформација. Изјавата дополнително ја екстериоризира наводната внатрешност на хомосексуалните субјекти преку нејзино разгледување како агонистичко поле кое ја отсликува социјалната позиција и борба на индивидуата со социјалната средина. „Внатрешното гето" на хомосексуалниот субјект како ефект на социјалната стигма и срамот се трансформира во социјална позиција на идна перформативност и креација на себеси и последователно, ре-креација на постојните социјални норми. Разбирањето на сопствениот хомосексуален идентитет во сопствениот социјално маргинализиран статус станува можност за ревизија и повторно обмислување и субверзивно апроприрање на родовите норми со цел да се генерираат алтернативни родови позиции и само-идентификација. Така, истиот испитаник кој одбива да се постави во која било од нормативните родови позиции, тврди:

*Не знам, некогаш се чувствувам како жена, некогаш се чувствувам како маж, некогаш се чувствувам како татко, некогаш како мајка, некогаш се чувствувам како дете бесполово и најчесто се чувствувам како дете… Кога готвам се чувствувам како жена, кога одам во супермаркет да пазарам се чувствувам како татко, кога возам кола се чувствувам како маж, кога имам секс се чувствувам некогаш како машко, а некогаш како женско…Ми се случило кога ме возат во кола да се почувствувам како женско. Кога готвам ми се случило да се почувствувам како машко. Кога чистам по дома се чувствувам како мајка и ако се опуштам до таа фаза можам и онака да си правам муабет самиот со себе од перспектива на мајка, до таа шизофренија можат да идат нештата.*

Додека размислува за експлицитната можност за сместување на неговиот идентитет во линиите на приватното/личното и социјалното/политичкото, испитаникот прави интересни хијазмични преклопувања на второто со првото и обратно, агонистичко враќање на првото во второто:

*Тоа што сум јас е моја интимна и сопствена работа ама тоа што сум јас, е мојата интима пошто “боди очи” во општеството и добива општествена димензија самото тоа значи јас автоматски имам ако не битка, а можда и битка со општеството, автоматски имам одбрана така да ги вклучува и двете работи*.

Останатите двајца испитаници кои го нагласија социјалното значење и политичкото вредност на нивниот геј идентитет, го опишаа сексуалниот идентитет како конкретен начин на живот кој вклучува: а) разни шеми и кругови на социјализација, б) разни рамки на интеракција (особено иронизација или дистанцирање од хомосоцијалноста), в) алтернативно родово позиционирање, г) трансформативни можности отворени од историите на навреда и срам, д) учество во не-нормативна социјална група, ѓ) не-хегемонски родови читања на сопственото тело, е) активно учество во „политичките борби за ЛГБТК еднаквост“, ж) „економското значење кое геј лицата го имаат во однос на општиот поредок на сродството“ итн. Помладата група на македонски геј мажи со натпросечен социјален статус, на прашањето за значењето кое „начинот на живот“ го има за нив и за нивното утврдувањето на сопствениот геј идентитет во тие услови рекоа:

*Дружење со геј луѓе, ме интересираат работи поврзани со ЛГБТК права, секојдневно на некој начин се борам за некаков напредок, појма неам. Од слушање на музика, до места за искачање, до работи што ме интересираат, се е тоа поврзано со некој геј живот што го живееме во Скопје*. (МКД, НП, П30)

Истиот испитаник подоцна при дефинирањето на сопствениот родов идентитет како родово квир нагласи:

*одбивам да прифатам улоги што се традиционално машки или женски, не можам да кажам за мене дека сум маж или сум жена... Не ме интересираат и не правам работи што се преознаваат како машки, како на пример спорт, физички работи, ни па работи што се женски. Ме нервира поделеноста на машки и на женски работи. Ме нервираат и жени што одбиваат да прават потешки физички работи само заради тоа што се жени, а се многу физички поспособни од мене. Не можам да кажам за себе дали сум маж или жена*

Она што значително се истакнува овде е дека тројцата испитаници се гледаат себеси како дел од геј заедницата, при што ова припаѓање не е сфатено единствено како споделена сексуална ориентација, како во случајот со повеќето само-идентификувани геј и бисексуални интервјуирани, но позабележливо, како засновано на споделениот презрен и социјално исклучен статус и политичка позиција во општиот поредок. Во овој поглед, третиот испитаник вели:

*Најверојатно пак е тоа политичкиот аспект или делувањата што ги правиш дека никогаш не збориш во твое име туку зборуваш во името на заедницата… Кога твојата сексуалност ја ставаш во политички контекст не можеш да збориш за сопственото јас туку нешто што пошироко те идентификува, најверојатно тоа е геј заедница.* (МКД, НП, Н30)

## II.5. Нормализација

Во текот на интервјуирањето мнозинството испитаници настојчиво посочуваа на мноштвото оски на диференцијација со други геј мажи, вклучително индивидуални и лични разлики, класа, професија, животен стил, „тетки“, нагласеност на хомосексуалноста и сексуалноста, феминизирана и сексуална прекумереност, сексуалната/родовата улога во сексуалниот однос (активен/пасивен), родовиот идентитет и експресија (драг

квин, транвестити, транссексуалци), сексуалниот идентитет, начини на практикување на сопствената сексуалност (фраери, twinks, bears, „терминалки", курви, масерки) итн. Интересно е да се забележи дека дел од најчестите дистинкции кои интервјуираните ги прават меѓу МСМ се засноваат на доверливоста, односно на наклонетоста кон озборување, или ширење/откривање на информации поврзани со интимноста, сексуалноста, емоциите и идентитетот, или оние кои ја прекршуваат заклетвата за молчење и „дискреција". Главно, она што ги обединува најчестите дистинкции е парот комплицитност/девијација поврзан со машката норма, поточно, нивното соучесништво/исклучок од хетеросексистичкиот и хомонегативниот дискурс за хомосексуалноста.

Можен заклучок изведен од оваа тенденција е дека внатрешно групната диференцијација ги рефлектира хетеронормативните дискурси за хомосексуалноста и истополовите односи, со други зборови стереотипизирачките и колонизирачките дискурси на „производството на другоста" (othering) и фетишизација на разликата преку кои сите индивидуални разлики и нијанси се сведуваат на родово-инвертирана проекција за хомосексуалното суштество. Ова е уште поиндикативно со оглед на негативниот и исмевачки став искажан кон предложените поткатегории. Описите кои се користат при дефинирање на овие поткатегории користат терминологија на „прекумерност во сексуалното и родовото изразување", „парадирање на својата сексуалност", „премногу женствени", „бараат внимание", „привлекуваат внимание" итн. Од друга страна, поделбите и описите кои ги прават ги поткопуваат претходните тврдења на дел од испитаниците во врска со родовите улоги бидејќи, за разлика од нивните тврдења за бришење на суштинските родови описи, нивните искази за „феминизираниот" геј маж се чини дека ја рефлектираат родовата нормативност, вклучително и телесното држење, начин на облекување, говорење и манири на интеракција припишани како соодветни за секој од бинарно дефинираните родови. Следејќи го Гофман (Goffman), може да се потврди дека овие рамки на перцепција и познание се одредуваат како стигма, срам и понижувачки ефекти. Отелотворувајќи ги знаците на стигма, понижување и исклучување и колективните репрезентации за дисквалификувачкиот атрибут во неговата видлива појавност, овие поткатегории претставуваат потсетник на дискредитираниот социјален статус, знак за стигма кој предизвикува активирање на срам, оттука и дистанцирање, повлекување и диференцијација и дис-индентификација, како средство за заштита и одржување на сопствениот социјален статус и почит кои се доделуваат во зависност од соучеството со и присвојувањето на симболите за престиж и правилата на интеракција и однесување.

Во одредени случаи ова може да одведе кон чинови на внатрешно групно прочистување и обиди за нормализирање на однесувањето на другиот, за што сведочи приказната на еден од интервјуираните кој ја присвоил промената во неговото родово однесување, „корекција" поттикната преку корективни забелешки од негов геј пријател. Како што Гофман (1963) убедливо тврди: „Тој (стигматизираниот) можеби скришум повеќе преферира да ја реализира тајната на другата личност и да одржи џентлменски договор дека обајцата треба да ги одиграат нивните „божемни" улоги отколку да се предизвика измамата на другата личност преку доверување на сопствената измама"

Оваа позиција станува понагласена кога дел од интервјуираните посочуваат на „негативни претставници" од геј заедницата, индивидуи како Боки 13, или „прекумерно облечени" луѓе на геј паради, повторно користејќи го аргументот на претерано изложување и привлекување на внимание. Еден македонски бисексуален испитаник дистанцирајќи се, со доза на згрозување, од геј промискуитетноста, припишувајќи ја како увезена стока од западната геј култура, вели:

> *Не можеш да кажеш дека сите педери се промискуитетни курви, не се. А на запад, на пример гледај некој филм од запад, еве на пример "Queer as folk", јас органски не можам да го поднесам филмот. Таму се тркаат кој попрво ќе се изебе со што поише луѓе. Јас тоа го отфрлам, јас не припаѓам на такво нешто, немам*

*чувство дека сум дел од такво нешто, таква заедница. Или да се облакам у ептен тесна облека, да се фрцкам, да ми бидат вака (неразбирливо) зглобовите, не. Како се чувствувам така ќе се однесувам.* (Бисексуалец, МКД ПП, П30)

Од друга страна, оние што се дискредитирани заради тенденцијата да озборуваат и ја прекршуваат заклетвата на дискреција најчесто се групираат во една категорија (и често се побркуваат со оние каракатеризирани како „тетки кои парадираат со својата сексуалност", односно оние кои ги наметнуваат атрибутите на дисквалификација) затоа што претставуваат закана за стратегиите на менаџирање со информациите и заштитата на сопствениот социјален статус, и ја претставуваат опасноста од зараза на кршливите граници на поделбата на публиката и стратегиите за одржување на тајната преку „таен договор", со што идентитетот се преговара во согласност со социјалниот контекст.

Се претпоставува дека суштинската и основна стратегија на овие ставови, перцепции и диференцијации кон/на геј заедницата меѓу нашите испитаници е тенденцијата за **нормализација**. Додека од едната страна на спектарот се наоѓаат испитаниците чија сексуална и родова идентификација е обележана со машката, хетеронормативна парадигма, односно се користат стратегии за нормализација за да се нагласи надмоќта на нивниот и хегемонискиот родов и сексуален поредок, како необележан здрав разум, од другата страна се наоѓаат само-идентификуваните геј и бисексуални мажи, како и само-идентификуваните геј мажи кои одбиваат да користат етикети на хомосексуалност за нивниот репрезентативен идентитет и ја ограничуваат сексуалноста во строго дефенираниот домен на приватноста. Меѓу втората група на нормализирани субјекти, сексуалната моралност не само што има функција на контрола врз сексуалните животи на другите, но позначајно, има функција да кажат нешто за себеси и сопствената сексуална моралност, додека истовремено се кажува нешто за другите. Со кревањето на сликата за себе, тие индиректно ги осудуваат другите кои се сметаат за претставници на срам и прекумерност, или на сè што, според хетеронормативното општество, е недостојно во нив како хомосексуалци. Социјалните психолози овој вид на тврдење на моралната супериорност го нарекуваат „надолна споредба". (Fischer 2011: 39) Како што истакнува Г. Рубин (G. Rubin) во "Мислејќи го сексот", политиката на сексуалната стигма и сексуалните правила го издвојуваат добриот од лошиот секс преку серија на хиерархии како добар, нормален, природен, хетеросексуалец, оженет, моногамен, репродуктивен, во врска, приватно, иста генерација, без порнографија итн., а од друга страна се сите спротивни поими кои се препишуваат на парадигмата на лош, ненормален и неприроден. Во значаен број на текстови се забележува тенденција да се класифицираат хомосексуалците во првата класа.[15]

Вклучувањето на стратегијата на нормализација како интегрален ден од анализата на сексуалноста и сексуалниот идентитет меѓу мажите кои имаат секс со мажи беше наметната од нејзината постојана појава, напати и опсесивна, кај поголем дел од интервјуираните. Иницијалните теми опфатени со концептот на нормализација во интервјуата вклучуваа референци на: а) нормален живот, издвоен од намерно организирани групи на геј луѓе, б) лична разлика од другите геј луѓе со тоа што се води општ нормален живот, в) одобрување на

---

**15** Во текст од 2002 година, Сејдман (Seidman) ги објаснува овие практики на нормализација на следниот начин: Нормалниот геј маж е претставен како целосно човечко суштество, како психолошки и морално еднаков на хетеросексуалецот и следствено геј мажите можат да бидат интегрирани (...) како угледни граѓани. Сепак, нормалниот геј маж исто така служи како ограничена социјална норма.
Оваа фигура се асоцира со специфично лично и социјално однесување. На пример, од нормалниот геј маж се очекува да биде родово конвенционален, да го сврзува сексот со љубовта и врски кои наликуваат на брак, да ги брани семејните вредности, отелотворува економски индивидуализам и да покажува национална гордост. Иако, нормализацијата овозможува индивидуалецот да води чесен живот, исто така воспоставува морална и социјална поделба меѓу геј мажите. Само нормалните геј мажи кои се поклонуваат на доминатните социјални норми заслужуваат почит и интеграција. Лезбејките и геј мажите кои се родово извртени или одбираат алтернативен интимен живот најчесто се оутсајдери... Нормален геј мажи имплицира политичка логика на толерантност и малцински права кои не ја предизвикуваат хетеросексуалната доминација.

јавната видливост на истополовата интимност исклучително кога е прочистена од вулгарности, г) диференцијација од геј стереотипот, д) само-диференцијација од хиперсексуалниот, плиток и сексуално нездрав геј маж, ѓ) непопустливо само-дефинирање како нормален маж, е) неудобност со политичкото поистоветување на геј мажите со транссексуалците и другите сексуални „изроди", ж) презир кон родово инвертираната комуникација меѓу геј мажите и з) барање на почитувана јавна работа како контра-одбрана на сексуалната политика на инфериоризација.

Еден македонски геј мажи со натпросечен социјален статус, над 30 годишна возраст вели:

> *Во секој случај сексуалноста треба да биде интимна работа, јас дури мислам дека начинот на којшто хомосексуалците денес си ги бараат правата е погрешен. Не се 60те,70те и 80те каде што некаква појава треба да се манифестира за да биде забележана. Денес може се потребни паради кои што ќе покажат колку сме исти, а не колку сме различни. Ми смета исто што се мора да биде тупнато под дефиниција „геј"...и травеститe и транссексуалците и фриковите, во ред е сите да имаме слобода, ама јас не чувствувам ништо заедничко освен тоа што имаме секс со мажи со некој што е егзибиционист или травестит или...ме разбираш? Зошто би шетале заедно?.... Не ми се допаѓала таа идентификација кога геј луѓе си зборат во женски род, друго е кога е хумор. Но луѓе од геј популацијата, има еден тип на луѓе кои исклучиво сакаат да си се обраќаат со женски род, тоа ми создава одбивност, брзо исчезнува хуморот и останува една саблазна атмосфера, не е забавно поготово ако има и мажи кои воопшто не се феминизирани во тоа друштво.* (МКД, НП, Н30)

Интересно е дека оваа изјава го потврдува тврдењето на Мајкл Ворнер (Michael Warner) дека политиката на современото геј движење се претвори во анти-политика и дека тие „ја изгубија од вид таа политика, станувајќи опседнати со угледноста. Наместо кампањата против социјалната стигма да се прошири над границите на сексуалната ориентација, како што мислам дека треба, таа се повеќе го ограничува својот опсег на прашањата за сексуалната ориентација кои најмалку се поврзани со сексот. Со одрекувањето на своите најдобри истории на увид и активизам, движењето се претвори во инструмент за нормализирање на геј мажот и лезбејките". (Warner 1999).

Можноста за мноштвена и алтернативна сексуална идентификација врз основа поинаква од родот на објектот на желбата (задоволство, сексуални практики, сексуален животен стил, еротизација на разни делови од телото, политичка позиција итн.) е исто така исклучена од хоризонтот на обмислувањето на сексуалниот идентитет.

### II.6. Сексуални средби

Секојдневната организација на сексуален живот и животните рутини при менаџирањето на информациите од страна на интервјуираните лица, со што се заштитуваат себеси од стигма и дискриминација, влијае на начинот на кој се остваруваат сексуалните средби и односи. Фокус групата ја даде информацијата дека најочигледните начини на остварување на сексуалните и интимните контакти и средби се преку интернет и социјалните мрежи (сите во фокус групата), пријателски средини и социјален живот (македонската група со натпросечен социјален статус), ноќен живот, телефонски повици и договори со лица за кои се знае дека се геј (ромска и албанска фокус група), крузинг локации, смс на телевизија, преку мрежа на пријатели (македонска група со потпросечен социјален статус).

Хомосоцијалната и машка хегемониска потреба од сексуален углед ја ограничува можноста за наоѓање на сексуален партнер исклучиво на достапните интернет веб страници за состанување и тајните мрежи на пријатели. Недостигот од вклученост во и развој на каква било сексуална социјализација и култура ја ограничува можноста за вклучување на други форми на заведување, еротицизам, привлекување, комуникација, односно навлегување во простор на телесни средби и директни контакти, како клупски живот, кафулиња, геј пријателски кругови, геј пријателски барови итн. Бидејќи повеќето од албанските, ромските и дел од македонските испитаници со низок статус ја идентификуваа хомосексуалноста како одредена од формирањето и учеството во одреден вид на социјализирање и сексуалната средина, односно одреден наводен хомосексуален животен стил и истакната феминизираност, нивниот родов перформанс се заснова на исклучување и отфрлање на сите „опасни" и идентитетски порозни опкружувања. Така, сексуалните хоризонти се затворени во анонимниот простор на виртуелните идентитетски игри, простор кој нуди безбедна зона за одржување на машкоста и сексуалниот углед, само-презентирање на себеси како машки пенетирачки агент без опасност да се биде асоциран како „педер". Поопширни анализи на овој феномен беа понудени во претходните поглавја во рамките на анализата на хомосоцијалноста и родовиот идентитет.

Трите македонски фокус групи, постари мажи, помлади мажи и групи со натпросечен социјален статус, кои веќе покажаа повисок степен на вклучување во и идентификување со заедницата набројуваат широк опсег на можности за сексуални средби, остварување на контакти и иницирање на истополови односи. Нивниот список, покрај интернет веб страниците, исто така вклучува јавни простори како клубови, кафулиња и ноќни излегувања, како и геј-пријателски мрежи. Интернетот како медиум е исклучително поврзан со еднонoќните средби, додека емотивните врски и односи се потесно поврзани со други простори.

## II.7. Сексуално задоволство

Кај албанската група на испитаници над 30 години, со потпросечен социјален статус преовладува идентификацијата на сексуалното задоволството со постапните етапи на сексуалниот однос, при тоа се истакнува постепеноста и нежноста односно, милувањето при сексуалниот однос. Оваа група на испитаници изјавува дека фреквенцијата на вакви сексуални односи се движи од два пати неделно до два пати месечно. Кај еден испитаник се забележува мечтаење за вакви сексуални односи во други земји, истакнувајќи дека ваквите сексуални односи во неговата средина не се возможни.

> *Ако најдам некој идеален, се би направил, бакнувања, милувања, орален секс, анален секс. Тешко да се најдат такви типови во Македонија, само во Бугарија, Турција и Грција има такви. Кога одам таму, имам добра секс.* (АЛБ, ПП, Н30)

> *Јас уживам првин да се залапам, добра предигра, потоа орален секс и на крај ебење, кое сакам да трае, пошто кога веќе сакам секс, не сакам тоа да биде само празнење, туку уживање. Два пати во месецот може да имам добар секс.* (АЛБ, ПП, Н30)

Помладите Албанци од истата социјална група се речиси едногласни во своите изјави дека пресудно за задоволителен сексуален однос е изгледот на партнерот (без разлика дали е од машки или женски пол), но и неговите љубовни вештини. Само еден од нив вели дека значајни се емоциите и вљубеноста, додека во изјавите на останатите доминира поимањето на партнерот/партнерката како објект кој треба да има одредени физички карактеристики, но и да изведува одредени сексуални активности, најчесто пасивни, кои треба да му обезбедат

задоволство на испитаникот. Со други зборови, партнерот треба да си ја „знае својата улога". Но ваквиот сексуален однос, како што се изјаснуваат сите испитаници, не се случува често:

*Добро ебење значи добро ебење, пред се партнерот да е добар и да знае што работи, да се знае улогата која му е. Па не често пошто некои уопште не ги будува.* (АЛБ, ПП, П30)

Треба да се потенцира дека најголем дел од испитаниците имаат редовни односи со жени и не се идентификуваат како геј.

*Како сексуален активен машко, кој ебе се што му стои напред, па тие се геј, педери, а јас не сум. Едноставно ги ебам, кога немам некоја девојка.* (АЛБ, ПП, П30)

Младите Албанци, пак, со подобри социјални можности, одговарајќи на прашањето за сексуалното задоволство, за разлика од останатите испитаници Албанци, укажуваат на важноста на сите аспекти во сексуалниот однос, како телесноста, но ја истакнуваат и интимноста, блискоста и врските со партнерот. Ова не само што влијае на „опуштеноста", туку, како што изјавуваат, е главна причина за честите односи исполнети со задоволство:

*Добар дечко, убаво лице, убава насмевка, убави заби и добро тело. Па сега моментално јас сум со овој мој дечко и имам многу добар секс. Тоа е околу два и пол месеци, а пред тоа не ми беше нешто special.* (АЛБ, НП, П30)

Причините за неостварување на задоволство кај испитаниците од албанската група се хигиената на партнерот, недоволното козметичкото одржување на телото (*недепилиран*), евентуалните психички проблеми, секојдневните проблеми, грижата за долговите, можната појава на насилство, а доста поретко пречка за задоволство може да биде локацијата или употребата на кондом. Интересна е изјавата дека бариера може да преставува дискурзивната пракса за време на сексот, односно кога партнерот го „нарушува" односот со зборување, но од друга страна и употребува вербално насилство.

*Зборењето, погрдни зборови, удирање, тоа.* (АЛБ, ПП, П30)

*Ако при секс, партнерот ми збори, мене ми се намалува сексуалната возбуда, а и хигиената е битен фактор за секс.* (АЛБ, ПП, Н30)

Треба да се истакне изјавата на еден помлад испитаник од оваа група кој себе-осудата ја истакнува како главен фактор за неможноста да оствари задоволство:

*Инаку често после секс се каам зашто го правам ова.* (АЛБ, НП, П30)

Во рамки на албанската фокус група како можна бариера за исполнителен љубовен живот во рамки на етничката заедница беше истакната опасноста од откривање на сексуалната ориентација:

*Сексуалната ориентација може да биде бариера. Може етничката припадност. На пример може он е Албанец и јас се плашам да бидам со него.* (АЛБ, ФГ)

Испитаниците од Ромската заедница кои се помлади и се со низок социјален статус во своите изјави околу прашањето на сексуалното задоволство, и со машки и со женски партнери, укажуваат на начините на остварување на сексуалниот однос, односно дали преферираат орален или анален однос. Исто така, наведуваат дека задоволството може да се поврзе со постепената предигра, заведувањето и последователниот „груб или јак" начин на секс. Речиси половина од нив потенцираат дека голема важност имаат чувствата, взаемното

задоволство со партнерот, додека еден го истакнува и романтичниот однос:

> *Кога е нешто романтично. Па не знам, прекрасна вечера, прекрасна соба, свеќи, тоа генерално ми е романтично. А за добар секс...добар маж. Маж што ќе освои со поглед, со зборови, да не биде селјак, зборењето. Страстен, да се знае што ебење, да знаеш како да ебеш, да знаеш како да го ставиш и како да го извадиш, јак секс. И едниот и другиот да знае добро да ебе.* (РОМ, ПП, П30)

Во однос на прашањето колку често се доживува ваков сексуален однос, најголем дел од испитаниците велат дека тоа се случува често. Додека еден испитаник вели дека тоа е случај со секој сексуален однос, најголем дел од групата изјавуваат еднаш до двапати неделно, а само испитаникот кој го гледа задоволството во романтичната атмосфера, изјавува дека тоа се случува ретко.

Интересна е изјавата на испитаникот со низок социјален статус кој има повеќе од 30 години и кој вели дека телесната привлечност е најзначајна, но дека задоволувачкиот однос, во рамки на заедницата, многу ретко се случува поради механичко остварување на етапите од сексуалниот однос и поради недостатокот на интимност и отпуштеност:

> *Па многу ретко... не знам. Обично мислам меѓу нашата ромска популација значи нема оној комплетен секс да се каже да свршаваме заедно, да имаш предигра, и тука комплетно ти го намалува твоето задоволство околу сексот. Значи нема... и само ебење, пушење и толку. Значи нема друго задоволство што може да го направиме во сексот.* (РОМ, ПП, Н30)

Еден испитаник под 30 години, но со повисок социјален статус става акцент на заштитата, односно сексуалниот однос во кој партнерите се чувствуваат безбедно поради употребата на кондом, но и поради односите на доверба помеѓу партнерите:

> *Добар секс, добар секс - заштитен секс. На пример кондом да си користиш при сексот...Да имам доверба во него, да биде анонимен меѓу мене и него, да е добар. Па не многу често, ама 70% претежно ми е добар сексот, уживам.* (РОМ, НП, П30)

Како главна пречка за остварување на задоволство во сексуалниот чин во изјавите на ромската група на испитаници се истакнува локацијата која не е приватна или интимна, не е„спална соба" и принуденоста да се има сексуален однос на отворено.

> *Локација. Може да ми го намали на пример задоволството надвор, ако си изебан у некоја грмушка, може тука да ми го намалува задоволството, да ми помине некој па да те... мислам,кој што тогаш ти го намалува задоволството, а друго е на пример внатре кога си по у затворена просторија, значи тогаш комплетно се опушташ, значи тогаш комплетно ти е задоволство да имаш секс.* (РОМ, НП, Н30)

> *Добро сега, друго е во затворена просторија, друго е на улица, на улица не е добро, се пазиш...минатиот пат на пример у една куќа недоградена сме имале однос со женско и не се осеќаш добро, непријатно ти е, ти се осеќаш добро ама не е тоа тоа, не можеш ништо да праиш, мрдање ова она, ти текнуе?* (РОМ, НП, П30)

Дополнително како влијателни се истакнуваат карактеристиките на партнерот/партнерката, односно нивниот изглед, хигиената, нивното однесување и нивните претходни искуства и сексуални вештини. Иако некои го споменуваат и кондомот како можна причина за намалување на задоволството, преовладува мислењето дека неговата употреба не прави голема разлика. Некои од помладите испитаници истакнуваат дека употребата на

дрога им влијае на задоволството, па така употребата на марихуана, наспроти употребата на хероин, им помага да се ослободат од секојдневните притисоци.

> *Расположението е најважно за целиот секс, ако едноставно не си расположен и не си наспан џабе ти е секс, нема да се чувствуваш она коа си изморен. Значи целото расположение ти е во врска со сексот каков ќе биде. Во ситуација кога на пример си надуван, тогаш едноставно се чувствуваш поопуштено и многу ти е поубаво.* (РОМ, ПП, П30)

Во случајот кај мнозинството ромски испитаници (особено кај фокус групата), кога се зборува за сексуалните средби со геј мажи се нагласува доминантната машка позиција, при што овие средби совршено ја вклопуваат нивната слика за машкост, која се дефинира со побивање на интимноста, на врска или емотивна вложеност. Имено, нивните описи на сексуалните средби се преполни со машка сексуална реторика во која е изложена машката сексуална потентност и моќ, како и хомосоцијалниот дел во заедничкото себе-рефлектирање. Се чини дека заедничкото освојување на покорната територија ги изискува погледите и угледната потврда од другите мажи во хомосоцијалното братство како„огледалото за себството" (Cooley), кое треба веднаш да биде одразено и обезбедено во сопствената машкост. Нивните искази ги пренагласуваат нивните активни улоги во организираните сексуални (за ебење) средби, со тоа што тие се претставени како оние кои се повикани во целиот свој потентен гламур да ги задоволат напорните и подредени потреби на анално хиперсексуализираниот педер, или во одредени случаи се поканети и заведени од феминизираната природа на пасивниот геј маж. Конечно, во овој домен на неговата семоќна инсертивна субјективност, нежноста е претставена како најголем предмет на гадење и нискост („да не се бакнува гласно"). Слична тенденција се забележува меѓу мнозинството на албански интервјуирани лица, особено во фокус групите и индивидуалните интервјуирани кои го идентификуваат сексуалниот идентитет со инсертивната и активна сексуална улога и хегемониската машка позиција, иако постојат дистинктивни разлики во јазикот користен за опис на сексуалните средби и извори на сексуално задоволство. Распространетиот сексуален и доминантен јазик е опониран меѓу значаен број на интервјуирани, претежно само-идентификувани геј или бисексуални мажи и помлади албански интервјуирани лица, кои го користат сензуалниот јазик при описите на исполнителните сексуални чинови и сексуални задоволства.

Испитаниците Македонци под 30 години со низок социјален статус во изјавите за задоволството при сексуалниот однос ги наведуваат најпосакуваните начини на водење љубов и ги истакнуваат физичките (*мене ме палат многу очите кај мажот*) и други, најразлични, карактеристики на партнерот, како на пример образованието. Сепак кај поголем дел од нив се истакнува значењето на квалитетна врска остварена со партнерот.

> *Не знам, да има некоја магија, да има спонтаност, да не наликува на порнич и да не се води дејството по некоја шема или концепт.* (МКД, ПП, П30)

Во прилог на ова говорат и сличните изјави евидентирани кај неколку испитаници, кои велат дека често остваруваат задоволство во сексуалниот однос, а причината за тоа е дека имаат остварено интимна и релативно постојана врска со партнерот.

> *Морам да имам некоја интимна конекција со особата за да имам добар секс, мора да ми значи нешто, инаку не можам и многу ми е тешко. […] Па од кога сум во моногамна врска во моментов. […] Да, често.* (МКД, ПП, П30)

Кај останатите, кои како обележја на задоволството ги истакнуваат етапите во сексуалниот однос и кај единствениот испитаник кој тврди дека при сексот со жена му остварува поголемо задоволство, фреквенцијата на задоволувачки сексуални односи варира од *секој пат* до *просечно.*

И во групата на испитаници над триесет години со потпросечен социјален статус се воочливи изјави во однос на задоволителниот сексуален однос кои се поврзуваат исклучиво со физичкиот изглед на партнерот и големината на пенисот. Кај нив фреквенцијата на задоволителни сексуални односи варира од еднаш месечно до два пати во текот на неделата.

*Да биде згоден, да има добро тело, да ми се свиѓа на фаца.* (МКД, ПП, Н30)

Што се однесува до главните причини за неостварување на задоволството тие се различни, од премногу чести сексуални односи (*На пример кога имаш у денот по 3-4 секса и може да ти ја намали*), секојдневие (*Секојдневни проблеми, ако почнам да мислам многу за време на секс...*), користење на стимулативни средства (*Може од премногу консумирање на алкохол*), па се до однесувањето на партнерот (*Па ако ме изнервира личноста со која имам секс*) или другите интимни врски кои ги има партнерот (*имаше еден проблем, што беше женет*). (МКД, ПП, П30)

Небезбедната локација на којашто се остварува сексуалниот однос е најчесто споменуваната бариера во изјавите:

*Епа, еве рецимо имаш секс во кола, првен самиот простор на пример , онака си под стрес да не дојде некој , да не дојде полиција нешто.* (МКД, ПП, П30)

*Има врска местото, на пример јас не можам да имам секс на отворено, без разлика дали е во природа или на друго место, јас сакам на затворено каде што ќе си бидеме сами и релаксирани.* (МКД, ПП, П30)

Дополнително, начинот и местото на коишто се бара партнерот како и комуникацијата која се остварува со него, поради дадените услови, може неповолно да влијае на односот:

*На пример вака кога ќе запознаеш некој вака на терминал или негде , не знаеш што ќе добиеш, мислам не знаеш што ќе добиеш не знаеш како ќе се одвива играта , пошто има некои нејќат ни да се љубат, не знам не сака да се бакнува , не сака да пуши , зашто јас на пример ги посакувам.* (МКД, ПП, П30)

Неповолната хомонегативна социјална средина и услови кои го одредуваат начинот на кој се остваруваат или ограничуваат сексуалните и интимните средби со други мажи очигледно имплицитно ја одредува исто така и пречката при барање на задоволство и сексуално исполнување. Имено, недостигот од интимен простор ја создава можноста за истражување на други, тајни и отворени, сепак сè уште јавно непризнаени простори за менаџирање на сексуалните средби и чувства на сексуално задоволство. Недостигот на слободни услови и приватно организирана интимна средина ја спречува организацијата на сензуални, романтични и емотивни сексуални сцени, кои се чини доминираат во сексуалната и интимната фантазија на испитаниците, и следствено ја спречуваат можноста за остварување на исполнет сексуален живот кој пружа задоволство. Со оглед на тоа дека љубовта, интимноста и сексуалното задоволство можат целосно да се развијат со поддршка на социјалната средина, овој заклучок станува појасен. Како што тврди Тим Едвардс (Tim Edwards):

*Овие граници во суштина се применуваат на две взамено потпорни и одржливи нивоа. Првин, на ниво на институционална дискриминација бидејќи истополовите места за средби не заземаат иста распространетост како оние на спротивнополовите, и згора на тоа, работното место, а често и*

*домот се имплицитни хетеросексуални... очигледно потешкотијата првин е страв од одбивање и одмазда; второ, интерперсоналниот или групен притисок и конфликти; и трето, самата институционална дискриминација. Дополнително, оваа девијантност може да остави психички последици бидејќи геј постоењето е често доминирано од одредена дистинцираност или разлика кои потенцијално може да создадат психа толку убедена во својата изолираност што врските се ставаат под особен притисок и напнатост.* (Edwards 1994: 107)

Во однос на кондомот, по дополнителното прашање од страна на водителот на интервјуто, сите испитаници изјавуваат дека се свесни дека го намалува задоволството, но сепак не го истакнуваат како посебна и ненадминлива пречка.

Наспроти ова еден испитаник под триесет години со потпросечен социјален статус вели дека кондомот е главната пречка :

*Лично јас кога користам кондом го немам тоа чувство на...не можам да доживеам оргазам.* (МКД, ПП, Н30)

Испитаниците од групата на Македонци под триесет години со натпросечен социјален статус во своите изјави укажуваат дека основен предуслов за остварување на сексуалното задоволство е сеопфатно согласување со партнерот, во однос на физичката привлечност, разбирањето за взаемните сексуални потреби, дури и кога тие се различни, вклучувајќи ги чувствата и љубовта.

*Не е добар секс сексот во којшто ќе биде задоволен само едниот партнер.* (МКД, НП, П30)

*Па не знам, веројатно и двајцата да бидеме посветени на она што се случува и таргетирање на потребите на твојот партнер и он на твоите и да му го пружиш задоволството кое го сака или кое јас го сакам.* (МКД, НП, П30)

*[... ] преполн со љубов, со страст и емоции, страста е многу битна и љубовта. Најдобриот мој секс бил со личност што јас многу ја сакам, со личност со која сум емотивно поврзан. Тоа ми е една од побитните моменти. Јас сексот го разбирам како начин на изразување на емоции итн.. Не го разбирам како животински инстинкт.* (МКД, НП, П30)

Интересен факт е дека вниманието посветено на пренесување на потребите на другиот, кај дел од испитаниците од оваа група, не е стриктно поврзано само со постојаниот партнер, туку потребите и чувствата на партнерот се значајни секогаш, дури и кога партнерот е привремен: *Не е добар секс сексот во којшто ќе биде задоволен само едниот партнер* или *Не мора да значи дали е со стален партнер или со повремени партнери.*

Различни се изјавите околу причините за фреквенцијата на ваквите сексуални односи. Како и во другите групи, некои истакнуваат дека задоволувачки односи почесто се остваруваат во постојана интимна врска, дури еден испитаник истакнува дека тоа е пресудно за остварување на постојана врска:

*Знаеш што, кога си у врска мислам дека е поизводливо да имаш добар секс пошто ако немаш добар секс нема ни да влезеш у врска, а идење на random фаци и sex dates онака без да знаеш со кој идеш не сум ни сигурен дали можеш да знаеш дека ќе имаш добар секс освен ако веќе не си бил со партнерот претходно. Така да не знам, според мене е релативно, мислам дека е највеќе условено од тоа дали си во врска или не си во врска.* (МКД, НП, П30)

Изјавите во однос на тоа колку често сексуалниот однос е задоволувачки се разликуваат. Некои велат дека тоа се случува секојдневно, два пати месечно, па се до многу ретко. Се истакнува изјавата на еден испитаник кој вели дека вакви односи нема често, но затоа смета : *Нека биде добар, не мора да биде чест.* (МКД, НП, П30)

Главните причини кои се истакнуваат како пречки за остварување на задоволувачки однос во оваа група се нехигиената и секојдневните проблеми. Локацијата се споменува само кај еден испитаник, а како и кај другите групи, ставот дека кондомот може да претставува проблем, но не и главна пречка, е исто така присутен.

> *Тоа може да бидат многу работи. Од нехигиена, ставање на кондом, секојдневневни проблеми. Најчесто ми се случува да ми се намали задоволството кога на сред секс почнам да мислам на работи што ме преокупираат, да се деконцентрирам.* (МКД, НП, П30)

> *У принцип не зашто кога употребувам кондом тоа е веќе некој нов партнер и тука си ептен страсен и не сум осетил дека би ми ја намалил таа страст.* (МКД, НП, П30)

Во следнава изјава, покрај веќе наведените проблеми, на сличен начин како во албанската група, до израз доаѓа и стравот од откривање на информацијата за сексуалната ориентација и можно понатамошно стигматизирање.

> *Битна ми е довербата во партнерот. Па да верувам на тој човек дека нема да ме лае по Скопје.* (МКД, НП, П30)

Повозрасните испитаници, Македонци, слично како и оние под триесет години, од групата со натпросечен социјален статус, на прво место го истакнуваат поврзувањето и заемното разбирање со партнерот.

> *Значи за да имаш добар секс со некого треба таа особа да ја познаваш многу добро. Треба да бидеш у некаква врска евентуално со таа особа, значи добро да се познавате, да има секојдневна енергија или флуид којшто нели меѓу вас функционира и да се препуштите на убавината на еден чин како што е љубовта и сексот.* (МКД, НП, Н30)

Само тоа може да обезбеди; *интензивен долг секс* или *взаемни добри оргазами*. Дел од испитаниците сметаат дека главен предуслов за поврзувањето се чувствата (*Можда е глупо ама за мене е добар секс кога има вклучено и емоции* ) односно кога комуникацијата е невербална (*Кога и двајцата уживаат и кога нема потреба од говор, кога е комуникацијата телесна доволна сама по себе.)* (МКД, НП, Н30)

Сите испитаниците изјавуваат дека ваков тип на однос се остварува ретко, а зачестеноста е директна условена од тоа дали се во врска, кога задоволството се остварува многу почесто.

Во однос на пречките за остварување на задоволство, специфична е групата на повозрасните Македонци со натпросечен социјален статус, коишто имале искуства на живеење во врска. За разлика од останатите групи, каде, главно, може да се забележи истакнување на пречки кои се однесуваат или на еднократен сексуален однос или, пак, на краткотрајна врска, оваа група, претежно, дава изјави коишто се однесуваат на интимна и постојана врска. Па, така се истакнуваат проблеми својствени за недоразбирањата и вообичаените проблеми во подолготрајна врска кои влијаат на квалитетот на односите и на сексуалниот живот. Тука се споменуваат и заморот, работните обврски и секојдневните проблеми што оневозможуваат да се биде со партнерот.

> *Кога си во врска и си ги делите работите, некогаш имаш секс што знаеш и можеш да почувствуваш дека е ради реда, е тоа може.*

> *Ако е врзано со некои лично комплекси, разговор за некои работи што, ама ова ти зборам во контекст на врска. Во врска ако од никаде се почне разговор за некои љубоморни испади.* (МКД,НП,Н30)

Дополнително тешкотијата да се најде вистинскиот партнер се истакнува како бариера за интимноста, а со тоа и на задоволството. Локацијата како главна бариера ја истакнува еден испитаник, но јасно ја поврзува со безбедноста:

> *Битно е да е безбеден сексот, премногу е битно тоа за мене и битна ми е локацијата и партнерот што го спомнавме, многу јасно.* (МКД, НП, Н30)

Интересно да се забележи е дека на речиси спротивен начин од претходно разгледаните интервјуирани лица, овие групи на интервјуирани го поврзуваат сексуалното задоволство со емотивна размена и романтично организирани интимности. Сепак, постојат подистинктивни варијации при мапирањето на изворите за барање на задоволството, меѓу кои страст, иницијатива, заведување, флертување, сексуални односи без емоции, големина на пенисот, нежност и верност/посветеност. Единствено двајца интервјуирани, помлади Македонци, го вбројуваат меѓусебниот договор за сексуално експериментирање и истражување на алтернативни задоволства, вклучително и СМ сексуални практики.

Можен заклучок со оглед на списокот на сексуални односи кои нудат задоволство и поврзани извори од кои црпат, е дека оваа група на интервјуирани е понаклонета кон романтизирани и буржоаски модели на барање на сексуалното задоволство и исполнување. Редуцирањето на мноштво извори на задоволство и интензивни капацитети и потенцијал на телесната картографија во името на општата емотивност  може да се поврзе со разни извори, меѓу кои и културните кодови на сексуалноста одредена во моногамната и посветена љубовна врска, културните кодови на романтична сексуалност, сите опфатени со хетеросексуалната бинарност, со што истополовите интимности се лишени од пристап до овој свет домен. Следствено на овој аргумент, може да се изведе друга можна хипотеза. Ова објаснување кружи околу фантазмичното и меланхолично вложување во изгубениот објект на желба, со што се збогатува хетеросексуалната норма со вишок и прекумерна вредност, инкорпорирајќи ја притоа како идеализирана и врвна емотивна и кататична приврзаност на индивидуата (теза веќе аргументирана од Хедер Лав (Heather Love), Венди Браун (Wendy Brown), Даглас Кримпт (Douglas Crimpt), Лео Берсани (Leo Bersani), Мајкл Ворнер (Michael Warner).

Вреди да се забележат и разликите меѓу етнички и класно обележаните групи во однос на нивната перцепција на можните бариери во постигнувањето на целосно сексуално задоволство. Додека македонските испитаници во поголема мера ги нагласуваат прашањата поврзани со лични работи (недостиг на интимен простор, гадење, дневни обврски, лична несигурност, секојдневни грижи и проблеми, алкохол, недостаток на добро расположение, чувство на удобност итн.) како и индивидуално засновани сексуални немерливи или неспоредливи карактеристики на сексуалните партнери, другата група посочува на пречки со потекло кое има социјална позадина или кои се одредени повеќе или помалку од културните детерминанти, кодови и стравови. Би можеле да се спомнат неколку репрезентативни примери, стравот дека сексуалниот партнер е со исто етничко потекло, со што може да се открие и загрози сексуалниот углед и социјалниот статус, стравот од озборување или индискретност, културни кодови на чистост и невиност, страв од ХИВ или СПИ, промискуитетноста на сексуалниот партнер, страв од туѓинци и нивното фантазмично асоцирање со болести, особено ХИВ итн., од кои сите се силно поврзани со колективните претстави и стравови, морални кодови, културни норми на нормалност и сексуални прохибиции, сексуална компетентност и статус итн. Сепак, не треба наивно да се донесе пребрз заклучок и првата група да се смести надвор од страната на идеологијата, нормата и колективните ограничувања, односно на страната на слободни избори и индивидуалстички волунтаризам. Потребно е подлабоко да се разгледа влијанието кое нео-либералните и процесите на модернизација го имаат врз формацијата на индивидуалниот тип на личност, одредените класни привилегии уживани од овие групи и

можностите, како и наметнувањето кое овие социо-политички процеси го отвораат или извршуваат врз нивната формација и наводната издвоеност од социјална зависност одобрена од самите тие привилегии, како и современите хегемониски слики распространети за геј субјективноста. Доминантноста на индивидуалистичката култура исто така е евидентна во престојната дискусија за прикривањето на срамот, многу поочигледни кај македонската група на испитаници, за разлика од Ромите, и особено Албанците, кои поотворено говорат за културните кодови и норми на заедницата, значајни за нивното социјално битие.

## III. Стигма и срам, социјална интеракција и вклученост на заедницата

### III.1. Стигма и срам како социјален ефект- Воведни епистемиолошки разграничувања

Разгледувањето на добиените податоци во поглед на македонскиот политички, социјален и правен контекст, а во кој беа сместени сексуалните малцински практики, однесувања и идентитети, е нужно при одредувањето на контекстот во кој ги сместуваме исказите на интервјуираните лица.

Оваа првична позиција е значајно потребна доколку се земе предвид заканата која доаѓа од бихевиористичките студии, а преку кои многу лесно се паѓа во стапицата на реификација и приватизација на стигматизирачките искуства и комплексот на негативни и болни емоции поврзани со стигмата и навредливите искуства. Падот во ваквата стапица произлегува како резултат на отсуството на длабинска анализана социо-психилошките комплексности опфатени со стигматизирачките искуства, со што како краен ефект се фетишизираат емоциите, истите се наметнуваат како товар на индивидуата и следствено, се зацврстува политичката стратегија на социјалната поделба меѓу индивидуални херои и слаби карактери, прикривајќи ги историите на нееднаквост како извор на нееднаква дистрибуција на емоции (Protevi 2011) и афекти во социјалното поле.

Во својата класична студија на стигмата и расипаните идентитети произведени преку стигматизирачките социјални односи, Гофман ја почнува својата дискусија за проблемот силно нагласувајќи дека поимот стигма го користи за да „реферира на атрибут кој длабоко дискредитира, но притоа треба да се согледа дека она што всушност е потребно е јазик на врски, а не на атрибути. Атрибутот кој стигматизира еден вид на поседувач или ја потврдува вообичаеноста на друг, е ниту доверлив ниту дискредитирачки самиот по себе“ (Goffman 1963:12). Во истиот ракурс, многумина социолози нагласуваат дека „приватните“ емоции се длабоко вкрстени со комплексности во светот на интеракцијата (J. Turner 2007), подеднакво како што е испреплетена и индивидуалната психологија со мрежата на социјални врски и дистрибуција на добра и признавање на општеството, со што, конечно, како таква,„индивидуата е неизбежно социјална“. (Barbalet 2001: 104)

Продолжувајќи го делото започнато од Гофман, а претходено и од Диркем (Durkheim), Рандал Колинс (Randal Collins) исто така ја дефинира индивидуата како непостојан и променлив флукс во времето и динамиката на социјалните ситуации, чии делумни и привремени седиментации на препознатливото себство се ефект на повторувањето на одредени ритуали на интеракција смрзнати во ритуални синџири на интеракција. Индивидуалните разлики на тој начин не се сметаат како доблест сами по себе или како дискредитабилни личности, туку, претставуваат резултат на различните патеки на интерактивни синџири во кои личноста треба да учествува. Така, индивидуалното себе не е детерминанта, но „вовлекување на минатите ситуации на интеракција и состојка на секоја нова ситуација“.(Collins 2004:5) Опаѓањето на важноста на социјалните врски и односи беше значително воведено со подемот на Модерноста и капитализмот, иако ова не ја намали конститутивната улога за индивидуата и неговото/нејзината конкретна емоција како свет објект на секој ритуал

на интеракција на Модерноста. Томас Џ. Шеф (Thomas J. Scheff) (1990), еден од најеминентните социолози на срамот и емоциите, исто така тврди дека социјалната врска и поврзаност со другите, нејзиното одржување и заканата врз истата се фундаменталните извори на човечката мотивација, интеракција, само-презентација, и надгледување на нечии дејства и емоциите кои се појавуваат. Гордоста и срамот се најистакнатите човечки емоции, според Шеф, кои сведочат за важноста и значењето на социјалната врска. Тие се „интензивни и автоматски телесни знаци на состојбата на врските на една личност со другите". (Scheff 1990: 14) Рефлектираното вреднување, односно ставот за другите кои индивидуата го зазема, или индивидуалната перцепција за тоа како другите ја перципираат неговата/нејзината појава и имагинарниот суд што го имаат за него/нејзе („огледалото за себеси" (looking-glass self) на Чарлс Кули) се во суштината на предизвикувањето на чувствата на срам и гордост, и се придвижен мотор на општеството и социјалните интеракции.

Иако Елијас (Elias) тврди дека срамот, како социјално чувство кое ја потврдува социјалната меѓу-зависност на лицата, е најмоќното чувство на процесот на цивилизацијата, Модернитетот го има потиснато срамот, неговото искажување и признание, додека истовремено автоматски го всадува кај децата. Така, во модерната ера возрасната индивидуа не само што одржува односи со други со постојана надвиснатост на срамот на сопственото лице, но се чувствува уште позасрамено затоа што е засрамен затоа што не соодветствува со машкиот идеал на независност и автономија и телесна непробојност, односно со современите императиви на индивидуализмот. Избегнувањето на социјално и политичко рефлектирање, како и индивидуалната само-рефлексија за значајноста на само-чувствата и нивната суштинска индикација за социјалната меѓу-зависност на индивидуата е најдобро илустрирана од Кули, во неговото тврдење дека само-чувствата за сите луѓе остануваат „главен мотив за стремеж и главен интерес на имагинацијата во текот на животот" и продолжува.[16]

Пред да продолжиме со нашата анализа, а во согласност со горенаведените разјаснувања на социјалната и релационата природа на чувствата на срам, страв и стигма, потребно е да се посочи на дел од веќе направените анализи во претходното поглавје во однос на приватизацијата на сексуалниот идентитет и погрешната перцепција на хетеронормативноста на јавниот простор и неудобноста која истата ја предизвикува кај оние што не ги следат нормите оформени од контурите на хегемониската јавност, и последователната и непрепознаена удобност за оние во согласност со чии тела овие простори биле оформени во прикриените истории на нееднаквост. „Не-совпаѓањето" и чувствата на неудобност кои ги искусуваат не-нормативните сексуални субјективности и тела во мноштвото нормативни социјални ситуации и интерактивни рамки, поточно, значи да бидеш погоден„од она што настојува во оформувањето на телата и животот", додека срамот кој го чувствуваат ја изразува „афективната цена на неследењето на скриптите на нормативното постоење". (Ahmed 2004: 155, 107) Следствено, доблеста која станува нужност, или гордоста што ја чувствуваат субјектите кои се приближуваат кон нормативниот идеал, сведочи за тафтолошката рефлексија на идеалот кој што го отелотворувале и кој веќе ја зазел нивната форма.

**16** Како и кај другите чувства, не размислуваме многу за него се дури умерено и редовно е задоволено. Повеќето лица со балансиран ум и пријатни активности речиси не се свесни дека се грижат за тоа што другите мислат за нив, и ќе одрекуваат, веројатно навредено, дека оваа грижа е значаен фактор за она што тие се и што прават. Но ова е илузија. Доколку се појави неуспех или понижување, доколку одеднаш личноста сфати дека лицата на луѓето покажуваат студенило и презир наместо љубезноста и почитувањето на кои е навикната, таа ќе забележи, од шокот, стравот и чувството на беспомошност и отфрленост, дека живеела во мислите на другите без нејзино знаење, токму како што секојдневно чекориме по цврстото тло, без притоа да размислиме како тоа нѐ поддржува. (Cooley 1998: 208)

### III.2. Поделба на публиката, само-презентирање и проаѓање

Без исклучок, сите интервјуирани лица јасно покажуваат дека постои изречна диференцијација на себе-презентацијата во зависност од социјалното опкружување и сексуалниот и родов идентитет на учесниците во разните социјални интеракции во кои влегуваат нашите испитаници. Така, истакната поделба на улогите и публиката (Goffman 1964) ги одредува нивните процеси на социјализација, каде што преговорите и промените на дискурсот имаат одредени импликации врз процесот на идентитетска формација, идентитетска нагласеност и идентитетска амбиваленција. Од оваа перспектива, процесот на индивидуализација и само-идентификација, вклучително и родовите и сексуалните идентификации, и разоткривањето и презентирањето на сопствениот не-хетеросексуален идентитет или сексуално однесување, мора да бидат разгледани во нивната процесуална димензија, понекогаш дури следејќи одвоена и сопствена динамика и логика. Затоа идентитетот треба да се разгледа како процес на акомодација на социјалниот свет, а не единствено како израз или разоткривање на пред-постоечка и расположлива психичка или телесна сила.

Поделбата на публиката и улогите е поистакната меѓу мажите кои имаат секс со мажи и не се идентификуваат со хомосексуалната идентитетска позиција, или посилно се идентификуваат со родовата улога заснована на (хетеро)сексуалната идентитетска позиција. Во оваа ситуација она што го одредува и води процесот на поделба на публиката е менаџирањето на информациите поврзани со сопственото сексуално однесување и истополови практики. Еден албански испитаник со потпросечен социјален статус и над 30 годишна возраст тврди:

> *Нормално дека јас се однесувам во склад на тоа да не бидам откријен, за тоа што правам и кој сум.* (АЛБ, ПП, П30)

Постои јасна поделба воспоставена меѓу лицата кои знаат за нивните сексуални преференци и практики и лицата кои не знаат, а пред кои се презентираат и се однесуваат како машки хетеросексуалци. Дел од албанските интервјуирани нагласуваат дека прават строга поделба дури и на ниво на етницитет, и избегнуваат сексуални контакти со лица од албанска етницитет заради опасноста што ваквите контакти ја носат за одржувањето на сопствениот сексуален углед и социјален статус и компетентност во својата етничка заедница. Еден албански геј испитаник вели дека:

> *Тоа е стравот кој мене ме тера да се преправам нешто што не сум. Стравот ме држи под притисок, да не се дознае моето семејство кој нема да ме разбере никогаш*

Социјалната поделба воспоставена преку процесот на поделба на публиката ја потврдува еден македонски испитаник со потпросечен социјален статус:

> *Јас се дружам со луѓе може да се каже од два света. Значи свет коишто се нормални машки, значи јас ги прифаќам и тие што се со такви потреби што мора да има...хмм (се поправа)... сака да има значи секс со машко...и нормално со женските. Сакам да кажам дека имам секаков вид на другари.* (МКД, ПП, П30)

Во тој контекст, едната страна на линијата на поделба вклучува исклучително сексуални контакти со геј мажи, при што социјалната интеракција и интимност се одржуваат на најниско ниво, додека другата страна повлекува хомосоцијални ритуали на интеракција означени од високо маскулизирани манири на организирање на процесот на социјализација, хомофобичен родов перформанс и родово (себе)надзирање, одржување на солидарност, лојалност и братски идеали каде интимноста е исклучена со самото нејзино вклучување, односно интимноста е пречистена од можна сексуална и емотивна прекумерност која евоцира прекин на машката имагинарност и продор на сигнали на хомосексуалност. Друг албански испитаник, бисексуалец со потпросечен социјален статус сведочи:

*Не сум го сменил однесувањето, пошто не сум феминизиран, иако кога сум бил по мал сум бил феминизиран, но сега сум се прибрал.* (АЛБ, ПП, П30)

Мнозинството албански и ромски интервјуирани лица ги посочија машките детерминати на хомосоцијалната интеракција во која учествуваат,вклучително и стигматизирачкиот говор, користење на навредливите термини „педери" и „феминизирани" момчиња и хиперсексуализираните идентитетски разговори обележани со доминантните и фалусоидни машки дискурси. Помлад албански испитаник, геј маж, вели дека:

*Со стрејт морам да гледам женски по кафичи, по дискотеки и каде било, морам да одам да играм со некоја девојка, морам да пијам од флаша или зависи. Со геј друштво си поопуштен и можеш да играш како сакаш.* (АЛБ, НП, П30)

Дел од интервјуираните експлицитно посочуваат на чувства на срам предизвикани од можноста да се биде виден со „педери" од пријателите или блиската социјална околина и блиските личности, заради што се пренагласува „дискрецијата" како една од главните алатки за проценка и вреднување во остварувањето на истополови средби. Така:

*Па влијае да, ако треба да донесеш дома некој нов лик на секс средба и обично пазам да нема на улица некој комшии што би се посомневале, мислам зависи и од изгледот на особата, ако е феминизиран нема шанси да дојде пошто тоа би како било да кажам со мегафон кој сум и што сум, не знам...а низ град да ме сретнат не би ми било проблем да ме сретнат со некој таков транспарентен.* (МКД, ПП, П30)

Средбите од друга страна, односно истополовите средби без подлабока социјална инволвираност во повеќето случаи служат како инструмент за пронаоѓање на сопствената машкост и само-диференцијација во однос на пенетрираните или „феминизирани педери". Во крајни ситуации,, како што објаснуваат ромските интервјуирани, активниот машки пенетратор се однесува кон своите сексуални партнери како со објекти кои служат а понатамошна потврда на машката сексуална доминација и контрола, со што се засилува задоволството на доминација кое потекнува од пенетрирањето на жените.

**III.3. Геј пријателства и кругови на дружење**

Другите интервјуирани лица од овие две групи имаат понијансирани и развиени блиски односи на пријателства и љубов со други МСМ и геј мажи, и нагласуваат дека овие врски се вреден извор на емотивна размена, зборување на теми поинакви од оние практикувани со хомосоцијално опкружување. Дел од нив посочуваат на чувство на поголема слобода во МСМ и хомосексуалните пријателски кругови и искажуваат поавтентична верзија на себеси.

Вторите процеси на социјализација треба исто така да се разгледаат како суштински дел од работата врз идентитетот потребна во супкултурните заедници, особено доколку се земат во предвид идентитетските разговори и супкултурните кодови на комуникација и препознавање кои се генерираат и комуницираат во овие форми на интеракција. Се забележа поврзаност меѓу само-идентификацијата и силните/слаби идентитетски ангажмани, и почестата и поинтензивна инволвираност во интеракции со други хомо/бисексуални идентификувани пријатели.

Македонските испитаници исто така изразија значаен степен на поделба на улогите и поделба на публиката во рамките на дневните рутини при менаџирањето на информациите. За разлика од оние испитаници чија

сексуална идентификација се прави врз родово нормативна основа или претставува нормализирана машка и сексуална позиција, кај македонската група на интервјуирани, сепак, се забележуваат посилни врски, развиени и негувани со другите МСМ и геј луѓе, мнозинството од кои се само-идентификувани геј или бисексуални мажи.. Дел од албанските само-идентификувани геј и бисексуални мажи исто така тврдат дека воспоставиле, сепак најчесто приватна, социјализација со другите геј мажи и МСМ и ја нагласуваат важноста на геј пријателствата:

> *Тие за мене се многу битни, тука се секогаш кога ми треба нешто, повеќе ми помагаат него семејството. Нормално пред нив се изразувам сободно, и сме многу биски, ако имаме 100 денари пиеме сите кафе, ако немаме не пиеме никој.* (геј АЛБ, ПП, П30)

Социјалните простори кои повлекуваат МСМ и другите геј мажи најчесто се приватизирани простори без силна јавна видливост или развиена култура, но сепак, претставуваат простори на слобода и удобно изразување, каде што информацијата не мора да се менаџира, ниту да се преговараат или да се разрешуваат тензиите. Повеќето од нив ги искусуваат овие пријателства како извор на интимност, споделување и емотивно разоткривање, место за дискусии без предрасуди, разговор на теми поврзани со сексуалноста и сексуалното задоволство односно како дел од највредните нешта во нивниот живот. Дел од интервјуираните ги идентификуваат своите геј пријатели како нивно семејство, што е претходно потврдено во бројни истражувања на геј пријателствата (Nardi). Неколку цитати од интервјуираните го илустрираат овој заклучок:

> *Па сигурно не е истиот однос со моите геј пријатели. Нормално ние ќе си разговараме за многу заеднички теми, за некој стрејт другар од друштвото или каде ќе одиме и шо има ново, а со геј пријателите си разговараш послободно и за својот интимен живот. Со стрејт пријателите кога ќе те прашаат што има ново, едноставно ја прекратуваш таа тема и толку.* (gay МКД, ПП, П30)

> *Искачање заедно, идење секаде, јадење заедно, гледање телевизија заедно. Правиме муабет за се: секс, музика, политика, општествени прашања, уметност, за се… Во многу аспекти не интересираат исти работи, делиме исти проблеми, а тоа повлекува и поголема емотивна поврзаност. Делење совети, емоции, се се се, не можам еден ден да замислам без моите геј пријатели.* (геј, МКД, НП, П30)

> *Да, можам да кажам, се чувствувам 100% слободен, се доживувам максимално опуштен за се.* (геј, АЛБ, НП, П30)

Друго значајно својство во процесот на социјализација и пријателските поделби е дека повеќето од интервјуираните тврдат дека имаат нагласени сличности помеѓу нивните пријателства со други МСМ и геј мажи, и пријателствата со девојки, при што и двата типа на пријателства создаваат контекст за попријатно и автентично социјализирање, и безбеден терен за споделување на емотивниот и сексуален живот. Причините од една страна може да се најдат во споделувањето на слични сексуални интереси и искуства, но треба да се истакнат и поегалитарните родови односи кои најчесто само-идентификуваните геј/бисексуални мажи ги практикуваат, и нивната позиција на дистанцирање од хегемониската машкост, претставувајќи воедно и заштитна стратегија против срам, со што се генерира средина за здрав развој на сопствената благосостојба.

Сепак, идентитетска амбивалентност и „циклуси на афилијација" се наоѓаат и во односите со МСМ и хомосексуалци кои се во голема мера зависни од означителите на стигма и симболите приспоени кон стигматизираната група, а употребувани за нивна дискредитација. На пример, еден од интервјуираните со потпросечен статус во текот на интервјуто во неколку наврати ја нагласи интригантата, недоверлива и заједлива природа на хомосексуалната заедница, иако личноста се идентификува како геј и покажува „феминизирано"

телесно движење. Можниот заклучок е дека овие осцилации можат да се препишат или на тоа што тие (стигматизираните) се потсетник на симболите на стигма (промискуитетност, заговор, само-омраза, патологија, родова инверзија и феминизираност итн.), со што не успеваат да ги остварат барањата за нормализација. Во истава насока, осцилациите може да се анализираат и како резултат на неадекватност на стигматизираните во исполнувањето на премногу идеализираните и внатрешно групни протажерски очекувања кои биле вложени, а се резултат на лична проекција и, следствено, водат кон разочарување при неуспешна реализација на очекувањата.

Оваа тенденција и драматургија меѓу стигматизираните популации веќе беше уверливо разработена и дискутирана од страна на Гофман. Имено, Гофман тврди дека стигматизираните лица го усвојуваат и инкорпорираат ставот на „нормалниот", спроведувајќи го доминантното идентитетско верување на поширокото општество. „Парадирањето" на симболите на стигма од страна на другите стигматизирани луѓе претставува закана за стигматизираните кои се обидуваат да ги менаџираат дисредитирачките информации затоа што нагласеноста на овие симболи „предизвикува вина заради презирање на сопственото групно членство, а ја отвора и можноста за негово изложување. Тој можеби преферира скришум да ја реализира личната тајна на другиот и да го одржи џентлменскиот договор дека обајцата ќе ги играат „божемните" улоги, повеќе отколку да се предизвика измамата на другата личност преку доверување на сопствената". (Goffman 1963: 110)

Друга константа забележана меѓу интервјуираните е порекнување на постојната нееднаквост во прифаќањето меѓу хетеросексуалната и хомосексуалната социјална/пријателска средина, со што се негира постојаното менаџирање на тензиите, проследени со константна свесност и претпазливост за бројните аспекти на социјалните ситуации, особено при пресметување на квантитетот, содржината и дозата на информации споделени за сопствениот сексуален живот, се со цел да не се прекршат воспоставените и договорените услови на толерантност, прифаќање и еднаквост. Повеќето од интервјуираните кои изјавија дека го откриле сопствениот хомо/бисексуален идентитет на нивните хетеросексуални пријатели, потврдија дека избегнуваат моменти на исповед или се впуштаат единствено во контролирано споделување на информации поврзани со емотивниот, интимниот и сексуалниот живот. Во овие ситуации се чини дека тие преговараат со ветувањето за еднаквост кое понекогаш наликува на ветувањето за прикривање на разликата која може да го изложи како различен, и со тоа да не се прекши договорот за апстрактната и универзална еднаквост меѓу учесниците во ритуалите на интеракција. Конечно, стигматизираниот на овој начин се заштитува од можноста да биде изложен на интерактивна погрешна вмешаност.

„Фантомската прифатеност" евидентна во овие ситуации може лесно да води кон развој на односи кои стигматизираниот го прават зависен, а со цел да се одржат границите на прифатливост и да се одржи сопствената социјална компетенција и толеранција. Дека извршувањето на стигмата и срамот води кон конзистентни промени на очекувањата (Fazio et al. 1981) во само-перцепцијата и однесувањето на индивидуата, е најдобро прикажано во исказите на дел од испитаниците кои покажаа различен и дискриминирачки став кон хетеросексуалците и хетеросексуалните разговори и сексуално телесно изразување, применувајќи ја нормализирачката пресуда единствено врз хомосексуалната „провокација". Ваквиот однос се појавува во ситуации во кои некој друг хомосексуалец ја открива својата сексуалност пред хетеросексуалците кои се сметаат за „отворени" и толерантни.

Подржувајќи го нагонот за насилство кој еден колега го покажал отворено кон друг колега хомосексуалец, еден наш испитаник тврди дека ова насилно изразување било оправдано затоа што другиот колега ја „испровоцирал"

оваа реакција. Кога го запрашавме дали неговиот колега (хетеросексуалец) реагира или би реагирал на ист начин доколку хетеросексуален колега или пријател би „парадирал" со својата сексуалност, тој одговори негативно, со што се потврдува стигматизирачкиот и нормализирачки став кон наметливо и отворено изразување на симболите на стигма од некој друг од стигматизирачката група, односно фантомскиот лик на прифаќање за кој тие тврдат дека ги карактеризира нивните хетеросексуални колеги и пријатели.

Се чини дека постои забележителна контрадикција во тврдењето дека „сексуалните муабети" во друштво на „нормални' се нешто од кое доброволно се воздржуваат или тврдат„немам потреба да зборувам за мојот личен и интимен живот", додека сите други во друштвото го прават ова, или позначајно кога се фрла стигма на оние од „нивната сопствена класа" кога тие го прават тоа, со што се прикажува немерлив и неспоредлив критериум при вреднувањето. Повторно, Гофман ја забележа оваа стратегија на„внатрешно групно прочистување", опишувајќи ги активностите на стигматизираните лица за да го нормализираат нивното како и однесувањето на другите во групата и да го исчистат од сите несакани елементи кои би биле вознемирувачки за однесувањето на хетеронормативната средина и кои би ги загрозиле нивните обиди за проаѓање. Еден од македонските испитаници изразува гадење кон феминизираните изрази со кои геј мажите се обраќаат еден на друг.

> *Но луѓе од геј популацијата, има еден тип на луѓе кои исклучиво сакаат да си се обраќаат со женски род, тоа ми создава одбивност, брзо исчезнува хуморот и останува една саблазна атмосфера, **не е забавно поготово ако има и мажи кои воопшто не се феминизирани во тоа друштво.*** (МКД, НП, Н30)

### III.4. Срам, конформизам и субверзија

Последниот цитат не враќа на претходните забелешки за можните извори на хипер-машко нагласување во телесното држење меѓу геј мажите, односно како понижувачките искуства ја будат потребата за „достојна" само-презентација во условите поставени од нормализирачкото мнозинство. Klaus Theweleit (1987) тврди дека по понижувачката загуба на Германците во Првата светска војна била потребна компензација за искусениот срам преку сликата на маж кој не може да биде засрамен, кој не може да биде доведен под закана, или да биде пенетриран, кој нема да биде изложлив или ранлив, маж способен за сѐ, човек од челик и метал. Тој понатаму тврди дека оваа само-слика за мажот била придружена со „противењето" кон женскиот род, како омраза и омаловажување, или против заканувачките социјални групи претставени како екстензии на омразениот женски род. Доколку се земат овие поинакви историски и колективни искуства, се приближуваме кон трасирањето на корените на феноменот во прашање, што се усложнува дотолку повеќе доколку се разгледа фактот дека омаловажувањето на феминизираниот маж е поостварливо затоа што тој е носител на срамниот знак.

Марта Нусбаум (Martha Nussbaum) исто така тврди дека инсистирањето да една личност да се нарекува нормална е засновано на „потребата од сурогат безбедност или исполнетост. Оние кои се нарекуваат „нормални" ја наоѓаат оваа безбедност во поимот за група која е раширена и ги опколува од сите страни, и истовремено е и добра, и не ѝ недостига ништо. Со дефинирање на одреден тип на личност како комплетна или добра, и со опкружување на себеси си со такви луѓе, нормалните добиваат удобност и илузија на безбедност. Идејата за нормалност е како сурогат матка, која ги сокрива наметливите стимуланси од светот на разликите". (Nussbaum 2004: 218-9)

Изразувањето на разликата меѓу дискредитиран/дискредитабилен (подложлив на дискредитација), знакот на срам во народното имагинарно прилепен на не-хетеросексуалните тела, понекогаш може да стане екстремен извор на гнев кон различниот. Знакот на срамот отелотворен кај различните може да стане повод за селективна и наклонета интерпретација на ситуацијата, а со цел личноста да го прикрие чувството на срам кое предизвикува болно само-чувство, честопати тешко за поднесување. Во овој поглед значајна е изјавата на еден испитаник, проткаена со очигледен бес, Македонец со натпросечен социјален статус, над 30 годишна возраст, чие интервју изобилуваше со акцентираност претеран на нормалноста и нормалниот живот кој тој го води:

> *Геј заедница? Што е тоа? Зарем има таква? … Зарем има такво нешто?...Геј заедница каде се наоѓа таа?...За какви права се борат? Ги имаме истите права потпуно. Значи потпуно истите права ги имаме. Што не прави поразлични од другите? Не прави нешто? Не! Тоа што само спиеме маж со маж или жена со жена? Само тоа може да те направи поразличен од другите, ништо повеќе! И кој права? За тоа мислам дека највише треба да се зборува, за загрозеноста на таканареченото загрозени луѓе што според мене ниеден човек не е загрозен, тој самиот си прави да биде загрозен…Со тоа што се одвојува од толпата. Значи народот, оппштеството е една толпа, една целина и тој сега вика: "Јас сум геј, јас ќе се одвојам, јас сум различен од другите.". По што е различен? Ако може мене да ми објасни, по што еден човек што спие со маж е различен од другите е тогаш можеби и ќе поверувам дека има некаква геј заедница во светов. Значи не гледам разлика, никаква. Освен некаква биолошка потреба.* (МКД, НП, Н30)

Не-конформитетот, односно разликата од нормата, во оваа изјава, станува причина и ефект за/на социјална исклученост. Ова претпоставува дека нацијата и нејзините жители се замислени како обединета и збирна целина која наводно претставува нормалност, без можност за разлика, или спротивно, се замислува дека каква било диференцијација би водела кон закана за животот. Насилството станува оправдано и тежината на вината се пренесува на самата разлика, односно различните од нормата. Проблемот не е во негирањето на есенцијализираните својства на самата сексуална разлика, но во негирањето на нееднаквите социјални услови преку кои разните идентитети се конституираат, дел како последица на привилегијата на игнорантност, а други како негативна последица на механизмите на моќ. Силната приврзаност кон идеалот за нормалност во овој случај е индикативен, особено доколку се земе во предвид гневот и бесот со кој се изразува овој став. Шеф (Scheff) доследно тврди дека прикривањето на срамот предизвикува реакции на гнев, кој, пак, дополнително ги зајакнува чувствата на срам и така продолжува во еден магичен круг. На тој начин, примерот цитиран погоре посочува на избегнување на можноста за срам, кој е можно да биде активиран доколку личноста се соочи со вистинските и материјални поделби во општеството, поделби кои ја пресекуваат замислената национална целина на добри и лоши сексуални објекти, при што првите имаат асоцијативната врска со сексуалните желби и однесување на таа личност.

Од друга страна, овој пример дополнително ги потврдува тврдењата на бројни социолози и културни научници дека срамот е основното чувство кои допринесува за социјално покорување и потчинетост. (Scheff 1990; Barbalet 2001; Ahmed 2004; Nussbaum 2004; Kremper 1978; Tomkins 1963; Asch 1956; Goffman 1963; Eribon 2004; Smith 1982) Во интервјуто со истиот испитаник посочено во претходниот параграф, одбивањето да се признае можноста за сексуално граѓанство и политичкото и социјално значење на сексуалниот идентитет, е тесно поврзано со оневозможувањето другите да го докажат во ситуации на„злонамерни озборувања". Отсуството на искуства на срам или навреда, па дури и дискриминација се обезбедува се ограничување на сексуалното јас во сенките на приватноста и неизкажливоста и невидливоста. Сепак, како што тврди Дидие Ерибон (Didier Eribon), „дури и доколку немаат конкретно искуство, тие сепак се потполно свесни за фактот дека таквиот вербален

напад е можен во кој било момент, дека е закана засекогаш присутна во нивниот социјален живот, дека постои ризик да го втурне тој живот во незамислива и неподнослива иднина". (Eribon 2004: 47) Така, „парадирањето" на знакот на различност како симбол на стигма ја носи информацијата за оваа иднина и болката од срам, нешто во кое се вложуваат големи напори да се избегне. Сепак, стигматизацијата сè уште продолжува со своите ефекти, иако личноста не е сè уште дискредитирана. Фактот дека постои можност да се биде дискредитиран „влијае на индивидуите, свесно и несвесно, како сила на субјективизација, сила на внатрешна доминација, која е поефективна со оглед на стравот да се биде откриен и на само-цензурата потребна за да се избегне тоа". (ibid: 66)

Повикувајќи се на веќе постоечки истражувања и литература за социологијата на срамот и стигма, се потврдува дека знаењето за културните стереотипи влијае на однесувањето преку идео-моторните процеси или асоцијативните врски во меморијата, при што се асимилира однесувањето во согласност со очекувањата и правилата на интеракција, и на тој начин се спречува изразувањето и се инхибира манифестацијата на однесување кое може да води кон статусна некомпетентност или прекинување на социјалните врски (Lewis, Tomkins, Scheff, Barbalet, Kemper). Предизвиканиот срам дополнително се удвојува на мета ниво, предизвикувајќи потамошен срам, сега заради веќе почувствуваниот срам, или заради срамот предизвикан како резултат на презирањето на групното членство и можноста за разоткривање (Goffman) што води кон порекнување на срамот и негово непризнавање (Scheff).

Треба да се нагласи дека овие примери се екстремни случаи во целиот спектар на мноштво искуства на срам, страв и стигма. Ова мноштво вклучува бројни извори на срам како и бројни форми во кои срамот се изразува, канализира или одминува. Во текот на интервјуата се забележаа голем број на теми, сите поврзани со искуствата на срам, во контекстот на стигма, (навреда, дискриминација или насилство заради нечија сексуалност, род или идентитет) или искусен страв. При обидот да се идентификува дали испитаниците имале ваков вид на непријатни искуства, делумно ја користевме методологијата разработена од Scheff, односно методот на Lewis Gottschalk-Gleser (1995), која вклучува список на клучни зборови поврзани со одредени емоции, во нашиот случај со срам. Така, собравме приближно 50 теми кои се појавуваат и кои можат да бидат поврзани со искуство на срам и страв.

Потпирајќи се на Шеф и Томкинс и бројни други социолози, се одлучивме срамот да го анализираме како телесно изразување на искусената закана кон социјалната врска, а стравот од таква закана е нејасно опфатен со искуствата на срам или превенцијата на такви искуства. Меѓу идентификуваните теми се вбројуваат: 1) исклучување на можноста за јавна појава со „транспарентно" геј мажи; 2) чувства на страв и закана во одредени интеракции; 3) страв од озборување; 4) страв и срам од можен развод; 5) свесност за можни непријатни чувства доколку останатите ја откријат сексуалноста на личноста; 6) страв од загуба на пријателите; 7) страв од откривање и размислување за бегство во таков случај; 8) страв од осуда од страна на партнерите; 9) страв од неприфаќање и напуштање од страна на најблиските пријатели и семејството; 10) страв да не се биде испаден од домот; 11) постојано само-надгледување и чувство на неугодност; 12) апсолутна негација на какво било засрамувачко искуство; 13) лоши и тажни чувства во случај другите да откријат; 14) повлекување во навредливи ситуации; 15) изразен срам од сопствената сексуалност; 16) депресивно чувство затоа што не може да се возврати на хомофобичните шеги; 17) страв од критикување и социјална осуда; 18) избегнување на разговори поврзани со сексуалноста како стратегија на избегнување на непријатни ситуации; 19) чувства на понижување и бес; 20) чувство дека ќе се разочараат другите итн.

Дел од овие теми посочуваат директно кон искуствата на срам додека поголемиот дел од нив посочуваат на исчекувањето на срамот во ситуации сметани за неповолни и исчекувањето на срамот доколку се „разоткријат"

симболите на стигма. Во ваквите ситуации, исчекувањето на срамот силно го одредува однесувањето на личноста во секојдневната интеракција, неговите чувства и неговата само-презентација. Сите наведени теми се регистрирани меѓу сите групи на испитаници, без разлика во поглед на нивната лична сексуална само-идентификација. Преку разни стратегии на проаѓање, повеќето учесници успеваат да се заштитат од самата навреда или непосредно понижувачко искуство. Сепак, значаен број на лица имале сериозни трауматски понижувачки искуства причинети со навреда, или во најекстремен случај со насилство и малтретирање. Еве неколку цитати како илустрација:

> *Да, имало порано многу такви моменти додека живеев во X се уште тоа ми се случуваше и се чувствував немоќно било што да кажам или да го изнесам мојот став, немоќта беше таа што ме повредуваше и што ме уништуваше и незнаењето и стравот, да. Сега опкружувањето ми е либерално така да можам слободно да се изразам, можам слободно што сакам да правам.* (МКД, ПП, П30)

*Детството и основното школо мене ми е пекол, тепања, дискриминација, навреди јавни, понижувања пред наставници, пред 200 души, 40 машки се собраа да ме тепаат и брат ми го тепаа пред мене, мене ме држеа и не можев да ги спречам, еден од соучениците проба да ме силува, јас го пријавив тоа и никој не сакаше да помогне, никој, не ми веруваа...малце непријатно ми стана, извини. Мене значи основно училиште ми беше пекол. Во средно бев многу повлечен, во основно бев ептен повлечено дете. Баш заради тие напади имав толку страшна фобија до прва година средно и не можев да искочам подалеку од дома. Бев психички парализиран поради тоа. Не бев на психијатар, не бев на психолог, не правев муабет со никој за тоа, се до прва година средно кога конечно се соочив со тоа и можев да искочам, да поминам низ ГТЦ, никогаш не сум го можел тоа. Значи на голем одмор од едниот крај на ГТЦ до другиот отидов, ми лупаше срце, се гушев и успеав да го преживеам тоа и од тогаш немам никаков страв. Во средно исто имаше сомневања, не многу генерално, но имаше деца на луѓе кои беа на високи позиции во власта коишто исто ме дискриминираа и ме нарекуваа „педер" и исто пробаа да ме силуваат еднаш, не го пријавив тоа, но ескалираше со тоа дека не можев да искочам...значи кога одев во училница трчав накај неа и кога си одев исто трчав од неа, ме разбираш? Еден ден тоа ескалираше до тој момент да еден, тој главниот што ми ги праеше тие проблеми не сакаше да престане , веќе ми беше доста, бев трета година средно, отидов го пријавив кај класната, го пријавив кај директорот, он продужи уште полошо но преку мајка ми издејствував и од тогаш веќе не смееше да ми се приближи. Само еднаш дофрли "тоа не ти требаше", му реков "следниот пат кога ќе ти се случи тоа ќе се осигураме да не смееш ти да мрднеш подалеку од дома" и од тогаш веќе не ми направил никаков проблем. Молчев долго време, трпев свашта у живот, на 17 години ми пукна филм, реков "доста ми е, тој сум што сум", имав самоубиствени помисли, пробав да се убијам поради тоа, 2 години"* (МКД, ПП, П30)

> *Не до тој степен да се осеќам дека сакам да се повлечам, сум се осетил малце како некој да вперил прст у мене кога нешто збори за мене, така се осеќам како сите у мене да гледаат меѓутоа ќе искулирам нормално и ќе ја свртам работата на друг муабет за да го пренасочам муабетот.* (МКД, ПП, П30)

> *Сега многу скоро со една другарка бев во кафиќ и падна тема локација и она не ме нападна директно мене него беше коментар какви луѓе излегуваат по такви места и се осеќав лошо. Блиска пријателкаекстремно и сите работи что ми ги кажа, ништо не беше за мене кажано ама затоа што беше за составот на луѓето што сум и јас ме повреди страшно многу и се осетив као со нож да ме пресекува и тоа беше крај на нашето пријателство за тоа што ја доживувавме сите ние и јас дискриминација на секој дневна основа и нетреба да сме опкружени со луѓе кои што ќе го поддржуваат индиректно тоа.* (МКД, ПП, П30)

Ефектите на засраменост врз перцепцијата за себеси во поглед на припадност или не на геј заедница, особено во поглед на вклученоста во политичка борба и политичката ревизија на сопствениот доделен идентитет, беше детално разгледано во претходното поглавје во дискусијата за приватизацијата на сексуалниот идентитет. Срамот претставува силна закана во смисла на затворање на една личност во границите на внатрешноста на личноста, односно според некои научници „внатрешното гето" и неговото одржување, или она што Мајкл Ворнер (Michael Warner) го нарекува стигмофобија и стигматизирачка и застрашувачка не-идентификација со другите кои го носат знакот на стигмата и социјалната исклученост и дискриминација. Така деполитизирачките ефекти на срам веќе се истражени.

Сепак, неколку испитаници дадоа искази кои сведочат за трансформативниот потенцијал и игра кои една личност може да ги изведе и креативно да ги преработи понижувачките истории. Дел од испитаниците понудија изјави кои го потврдуваат личното надминување на овие искуства и нивната употреба како алатка за преиспитување на пошироките социјални и политички норми кои нанесуваат болка и срам, како и политичката идентификација со останатите луѓе подложени на понижувачки политики. Конечно, во оваа малубројна група на испитаници се забележливи и заложбите за практикување на алтернативни форми на социјализација и социјална интеракција, па дури и во одредени случаи, за занимавање со поактивни и видливи форми на граѓански активизам.

## IV. Процена на ризик, заштита и сексуално здравје

### IV.1 Процена на ризик, заштита

Најголем дел од албанските испитаници, без разлика на возраста и без разлика на социјалниот статус практикуваат сексуални односи со жени. Сите испитаници кои се над 30 години со низок социјален статус се женети, а некои од помладите, од оваа социјална група, имаат девојки или се свршени. Дополнително дел од нив изјавуваат дека имаат сексуални односи со повеќе женски партнерки во исто време. Фреквенцијата на овие односи е честа, односно секојдневна или на секој втор ден. Сепак некои од испитаниците, прашани да направат споредба на односите со мажи и односите со жени, изјавуваат дека сексот со мажи повеќе ги привлекува:

> *Огромна е разликата. Многу тешко прашање. Ако е некој идеален маж што го сакам јас, би ја заборавил жена ми што ми е дома, би и рекла на жена ми ЖЕНО, ЧЕКАЈ ПОШТО СЕ ЕБАМ. Јас мислам дека задоволството и емоциите се поголеми во секс со машки. Друга разлика мислам дека нема, секс си е сек, со кој било да го имаш е секс.* (АЛБ, ПП, Н30)

> *Во сексот со машки, повеќе се возбудувам,имам посилни емоции, за разлика од сексот со жени.* (АЛБ, ПП, Н30)

> *Мене повеќе ми се свиѓа сексот со машко, пошто емотивно го почувствувам сексот. Срцето ми сака повеќе со машко.* (АЛБ, ПП, П30)

> *Мене бес сомнение ми е подобро во секс со машко, пошто ја чувствувам потребата да имам секс со машко. По нормално ми изгледа секс со машко, него со девојка. Емотивно се чувствувам подобро, духовно исто така. Се чувствувам посигурен.* (АЛБ, НП, П30)

Од друга страна кај еден од испитаниците, кој јасно ја истакнува својата бисексуалност, ставот е поразличен:

> *Искрено да ти кажам, како бисексуалец за мене и со двата пола е добро, немам никаков проблем , разликата е дека девојките ги ебам во вагина, а машките анално, но кај машките има нешто што го немаат девојките, на пример, гласот, брадата, кожата, влакненцата, тоа мене ме возбудува.* (АЛБ, ПП, П30)

Употребата на кондом во сексуалните односи, со женски партнери, според изјавите, е честа. Освен двајца, речиси сите испитаници изјавуваат дека користат кондом. Сепак, кај поголем дел се забележува образецот на нередовна употреба на кондом, односно неупотреба на кондом со постојаната партнерка или сопругата. Причините за ова се сведуваат на ставот дека кондомот треба да се користи само со непознати лица или со партнери кои, поради некои свои социјални карактеристики, се потенцијални носители на вирусот. Оваа состојба во одредена мера е идентификувана во дел од истражувањата за СРЗ. На пример Младеновиќ во своето истражување „Ефектите на психо-социјалните превенции на сексуалното однесување меѓу адолесцентите " (20122 посочува дека 44% од испитаниците (адолесцентна генерална популација) не користеле кондом затоа што верувaa во верноста на партнерот. Дополнително, „Техничкиот извештај од бихевиоралната анкета за ризици поврзани со ХИВ/СИДА меѓу младите луѓе на возраст од 15-24 години во Македонија, 2011" спроведено од Институтот за јавно здравје го нуди следното сознание:„Од лицата кои не користеле кондом во последните 12 месеци (н=510), половина од нив не користеле кондом затоа што „им верувале на партнерите" […] (Микиќ 2011: 14).

Генерално сите испитаници се информирани за двојната намена на кондомот, да заштити од сексуално преносливи инфекции и несакана бременост, иако некои, кога станува збор за секс со женски партнер, ставаат акцент на контрацептивната намена.

> *Јас освен со жена ми немам секс со други жени, а со мојата жена никогаш не користам кондом, бидејќи сметам дека нема потреба, знам кој сум јас.* (АЛБ, ПП, Н30)

> *Стално, освен со сопругата. Да се осигурам, да не се заразам од заразни болести, СИДА, пицајзли (срамни вошки), за да не ја пренесуваш дома инфекцијата.* (АЛБ, ПП, Н30)

> *Кога имам секс со друга жена, користам секогаш кондом, да не забременува, и да не закачам некоја болест.* (АЛБ, ПП, П30)

> *Секогаш користам кондом, затоа што го бара другата страна, заради заштита од бременост.* (АЛБ, ПП, П30)

Зачестеноста на сексуалните односи со машките партнери варира од чести и секојдневни односи до неколку пати во месецот или неколку пати во три месеци. Испитаниците од албанската група, според изјавите, можат да се поделат на оние кои имаат само активна улога во односот (изведуваат анален и добиваат орален секс) и оние кои ги преземаат двете улоги.

> *Зависи, периодот не сум искочил (последните три месеци), порано сум искочил редовно, речиси немаше вечер бес да излезам да побарам некој за секс, откако ќе се сретнеме, ќе разговараме или ќе седнеме на кафе, потоа преминуваме на секс, првин ми го пушат, потоа ги ебам* (АЛБ, ПП, Н30)

Забележително е дека испитаниците од албанската група прават проценка околу ризикот од сексуално преносливите инфекции и ХИВ којашто се заснова на страв од можноста од пренос како и на генерализарни ставови засновани на апстиненција.

*Треба да се заштитам, да не менувам често партнери, со тоа сум безбеден.* (АЛБ, НП, П30)

Сепак евидентни се и недоразбирања за начините на пренос или, пак, широко раширените предрасуди за групите кои го„шират" инфекциите.

*Ризикот постои, на пример, ако му ја голтам спермата, или неговата сперма ми капне во очи, значи сите сме во ризик.* (АЛБ, ПП, П30)

*Голем е ризикот да се зарази човек од ХИВ или други СПИ, пошто тој вирус како што знам јас се шири многу во геј круговите.* (АЛБ, ПП, Н30)

*89 – 90 % можам да се инфицирам со ХИВ, пошто ми се случило при секс да ми пукне кондом, или да не сум користел кондом, а се знае дека аналниот секс не е баш хигиенски.* (АЛБ, ПП, П30)

Постои директна врска на овие поимања со праксата на употреба на кондом. Имено иако, речиси сите, испитаници од оваа група тврдат дека користат кондом да се заштитат од СПИ и ХИВ, сепак се забележува дека кондомот се користи само со оние партнери кои се непознати. Проценета дали треба да се користи кондом е слободна и провизорна и се заснова на впечатокот за партнерот, односно познавањето, верувањето или изразување на верност кон партнерот. Ова значи дека сите оние кои се обележани, најчесто од причини кои се засновани на воопштени морални проценки, како други, претставуваа закана. Во прилог на ова говори и фактот дека сите испитаници кои изјавија дека имале секс со странци во и вон Македонија, при тие односи, користеле кондом. Инаку, кондомот се употребува само при анален однос, додека при оралниот однос употребата е многу ретка.

Но тука мора се истакне недоследноста на овие изјави и опасноста од употребата на ваквата стратегија. Имено, оние испитаници кои изјавуваат дека користат кондом со сите освен со своите женски партнери (сопруги, вереници и девојки), во својата сексуална пракса со мажи, односно со сите, исто така имаат одбрани, проверени и постојани машки партнери со кои не користат кондом. Ова значи дека, преку последователните прашања, се утврди дека ваквата проценка на ризикот резултира со случајна и ретка употреба на кондомот и затоа не може да преставува сигурна стратегија за превенција.

*Со постојаните партнери не користам кондом, а со повремените секогаш користам кондом. Со постојанине не користам пошто им верувам, ги познавам знам што прават и сум се уверил дека не се заразени , а со непознатите користам пошто не ми се сигурни.* (АЛБ, ПП, Н30)

*Кондом користам секогаш, освен кога станува збор за врска, и се проверуваме и сме верни еден на друг,тогаш може да не користам.* (АЛБ, ПП, П30)

*Со тие што ги познавам, и знам дека се чисти, понекогаш и не користам кондом. Сами ми кажуваат дека се чисти, дека држат хигиена, со овие не е проблем да имам секс бес кондом. Јас ги прашувам дали биле со некој друг, оние ми викаат не, јас им викам, ако сте биле со друг, идете исчистете се потоа ќе имаме секс.* (АЛБ, ПП, П30)

Кога станува збор за употреба на кондом со машки партнери не може да се забележи образец којшто ќе биде дефиниран од возраста и социјалниот статус. Неколку испитаници изјавуваат дека воопшто не користат заштита:

*Најчесто не користам кондом, од причина што може да немам кондом, и кога се гледам со партнери кои сметам дека не преставуваат ризик.* (АЛБ, НП, П30)

*Не, не користам. Поголемо задоволство, не сакам кондоми.* (АЛБ, ПП, П30)

Од друга страна во истражувањето се сретнаа испитаници кои велат дека користат кондом во секоја прилика кога имаат сексуален однос со мажи:

*Секогаш користам кондом при оралниот секс, кога јас пушам, и користам кондом кога јас ебам. И со оние што ги познавам и со тие што не го познавам, јас обавезно користам кондом.* (АЛБ, ПП, Н30)

*Кондом користам секогаш, без разлика дали се знаеме подолго време или не. Значи нема компромис.* (АЛБ, ПП, П30)

Неколку испитаници биле вклучени во користење или нудење на сексуална работа за пари, при тоа не секогаш се користел кондом:

*Никогаш не сум платил за секс, а сум бил купен за да имам секс. Не секогаш сум користел кондом, пошто некој кој ми платил за секс, не сакал да биде тоа со кондом. А некогаш и јас не сакам да користам кондом.* (АЛБ, ПП, П30)

*Никогаш не сум платил за секс,но ми платиле мене, пошто сум бил ДИВА НА БАЛКАНОТ, ми платиле и тоа многу пари. И со нив сум користел кондом, секогаш.* (АЛБ, ПП, Н30)

Сите испитаници Роми изјавија дека имаат редовен и чест однос со женски партнерки, од три до четири пати неделно до четири пати месечно. Голем дел од нив се во брак, а останатите се во врска. Само еден од испитаниците Роми изјавува дека не може да направи разлика меѓу односот со женски и машки сексуален партнер.

*Тука не можам да најдам некоја голема споредба. Едноставно уживам и во двата. Ме фасцинира сексот со машко, а кај жената женственоста и сензуалноста. Не е некоја голема разлика.* (РОМ, ПП, П30)

Сите останати во своите изјави недвосмислено истакнуваат дека го преферираат сексуалниот однос со женски партнер.

*Па жена има пичка, поубаво е.* (РОМ, ПП, П30)

*Па сексот со жените нормално е поубав. Едноставно така се чувствувам.* (РОМ, ПП, П30)

*Жената има тело другчије, со геј исто е добро само што ова има една дупка,а ова има две дупки.* (РОМ, ПП, П30)

*Па не е исто зашто со жена можеш да имаш и предигра и се останато, а со машко не би го праел тоа.* (РОМ, ПП, Н30)

*Епа голема разлика. Многу е задоволство, можам да кажам 90% сакам со маж, 10% со жени.* (РОМ, ПП, Н30)

Ромските испитаници изјавуваат дека употребата на кондом е доста ретка или во најмала рака нередовна. Како и кај албанската група се забележува образецот на користење на кондом само со оние кои се стигматизирани или кон кои има изградено општоприфатени предрасуди дека се носители на сексуално преносливи инфекции. Со други зборови кондомот, во оние случаи кога се користи, не е во употреба со постојаните женски партнери, туку само кога се има секс со геј мажи, сексуални работнички/работници или пак девојки кои се означени како „лесни“. Во случаите кога веќе се користи кондомот со постојаната партнерка, неговата намена е да заштити од несакана бременост.

*Не многу често ама 6-7 пати сум користел. Зависи од партнерот, се гледа ако е чист.* (РОМ, ПП, П30)

*Поретко, поретко. На пример девојка која што се знаеме многу добро, значи понекогаш нема да користам, некогаш ќе користам, се зависи со каква девојка ќе имам секс. Значи може некогаш да сакам да користам нонстоп кондом.* (РОМ, ПП, Н30)

*У последно време многу поретко бидејќи партнериве ги познавам и не користам многу многу.* (РОМ, НП, Н30)

*Зашто да го користам, затоа што она нејќе, не дека јас сакам и едноставно нема зашто да користам. Освен да не остане бремена.* (РОМ, ПП, П30)

*Само ќе користам кондом само ако не ја знам женската или геј човекот и така.* (РОМ,  ПП, П30)

*Користам кондом кога знам дека е курва и знам дека иде со свако и боље ќе го ставам кондомот отколку да фатам некоја СИДА. Ако некоја девојка ја знам без кондом може.* (РОМ, ПП, П30)

Се забележуваат изјави кои упатуваат дека некои испитаници не се доволно информирани за начините на пренос на СПИ и ХИВ и поради тоа преземаат неефективни стратегии за избегнување на ризикот кои се засноваат на одржување на општа хигиена:

*Сексот си е секс исто е. Нема значи никаква разлика во тоа , не ми треба кондом, нема зашто да се користи кондом јас мислам, едноставно ако се има хигиена не може ни инфекции да се добијат ни ризични работи.* (РОМ, ПП, П30)

Сексуалните односи со мажи се исто така чести според изјавите евидентирани во ромската група. Слично, како и односите со жени, тие варираат од неколку пати во неделата до неколку пати во месецот. Еден испитаник изјавува дека почесто има односи со мажи отколку со жени. При тоа евидентно е дека, како и во албанската група, поголем дел од испитаниците учествуваат во активна улога при аналниот секс или добиваат орален секс од партнерите. Процената на ризикот се заснова на веќе споменатиот критериум дали партнерот близок, дали е познат, колку долго време се познава, што вели тој самиот во врска за сопствениот статус СПИ итн.

*Па нормално кога ќе го знам нема нап ример нема да го користам. Па го прашувам, ако е од ХИВ болести сеа да знам...Епа сега јас ќе им верувам, човек со збор се... (РОМ ПП П30)*

*Па голема е опасноста. Преку пиење кафе не можеш да дознаеш дали нешто има во него. Страста е тоа што го надвладува стравот. (РОМ  ПП П30)*

Еден испитаник, запрашан за тоа дали би размислил да има сексуален однос со  лице кое отворено ќе му каже дека живее со ХИВ, изјавува дека:

*Да, треба ( да се изолираат). Па зашто не само мене  да ме зарази туку и за другите. Треба да се обеси. (РОМ  ПП П30)*

Во ова линија говори и фактот дека сите испитаници кои изјавија дека имале односи со странски државјани (мажи или жени), без двоумење тврдат дека при тие односи користеле и дека при тие односи мора да се користи кондом.

Кога станува збор за употребата на кондом кај Ромските испитаници, имајќи го предвид начинот на кои се проценува ризикот, таа е прилично ограничена. Во континуитет со наодите погоре, партнерот, иако геј, ако

добро се познава, значи дека е сигурен и затоа нема потреба од заштита. Друга причина за избегнување на кондомот е тоа што при неговата употреба се намалува задоволството. Како и кај сите останати групи кондомот не се употребува во при оралниот секс, туку само при аналниот однос.

*Па не сум користел до сеа.* (РОМ, ПП, П30)

*Сега зависи. Ако е чист или ако е чиста нема да употребам.* (РОМ, ПП, П30)

*Помалку, не е исто чувството. Јас не се осеќам добро со кондом* (РОМ, ПП, П30)

*Кога користиш кондом со геј? -За од позади обавезно.*

*А за од уста?-Не.* (РОМ, ПП, П30)

*Па не користам, како што кажав претходно, доколку не го знам партнерот, доколку го знам со години со него што се познавам, знам дека не е...мада е геј личност ама знам дека нема закачено некоја болест, таква работа така да ги знам и во сегашно време така и избегавам многу, само со некои што ги познавам пријателчиња што сме и може да прифатам, инаку во последно време ти кажав пред неколку дена и тоа еднаш и така.*( РОМ, СС, Н30)

Само еден од испитаниците, над триесет години, со висок социјален статус, изјавува дека продавал секс за пари при што користел кондом. Сите останати тврдат дека ниту нуделе ниту барале сексуални односи за пари.

*Не, некои ми нудија, малку се... мислам не малку се...Да, ми нудија пари ама јас ги одбив, прво никогаш не би дозволил да имам секс со пари и плус со постари луѓе. Никогаш. Мислам не сакам.* (РОМ, ПП, Н30)

Сексуалните односи со жени не се карактеристични за испитаниците Македонци. Само двајца испитаници под триесет години со под просечен социјален статус изјавуваат дека имаат чести односи со жени (три до четири пати дневно) и дека повеќе уживаат во сексуалните односи со женски партнери. Овие двајца испитаници не се идентификуваат себеси како геј. Во овој дел треба да се истакнат и неколку кои изјавуваат дека се бисексуалци и дека подеднакво имаат односи и со мажи и со жени. Останатите велат дека имале сексуални односи во минатото, но дека долго време не практикуваат да имаат љубовни односи со жени или, пак, одговориле кратко со *НЕ*.

*Сега веќе не, до 30 години имав.* (МКД, НП, П30)

*Еднаш сум имал. -На 17 години.* (МКД, ПП, П30)

*Па на ден по...зависи...некогаш по 3-4 пати, некогаш по еднаш, некогаш по два пати.* (МКД , ПП, П30)

*Па поретко сега бидејќи сум во моногамна врска инаку повеќе со мажи него со жени. Кога жените во Македонија ќе слушнат дека си би потешко е да имаат секс со тебе.* (МКД, ПП, П30)

Употребата на кондом со женски партнери, кај малкуте кои одговориле дека имаат ваков вид на сексуален односи, може да се постави под прашање. Се потврдува сознанието од сличните профили од претходните групи (албанска и ромска), дека кондомот се женските партнери се користи само со непознати партнерки или сексуални работнички.

*Пример ако идам курва некоја да ебам нормално дека би користел. Значи кога би имал со некоја која знам дека на пример сум и прв јас и се тоа...* (МКД, НП, П30)

*Па не често. Па подобро ми е без кондом.* (МКД, ПП, П30)

Дури и еден од испитаниците кој изјавува дека веќе одамна не остварува љубовни или сексуални врски со жени вели:

*Многу ретко, скоро ич. Не знам, затоа што не бев доволно информиран околу СИДА и преносливи активности и ми било срам да купам.* (МКД, НП, Н30)

Изјавите на испитаниците од македонската група за односите со машки партнери претставуваат логично надоврзување на оние поврзани со сексуалното задоволство. Имено фреквенцијата на односите со машки може да биде многу честа кај оние кои не се идентификуваат како геј или бисексуални. Кај останатите, кај коишто сексуалната ориентација влијае на идентификувањето, не само зачестеноста , туку и квалитетот на сексуалните односи зависи од дали имаат вистински партнер, дали се во врска или не.

*Па ако со непостојан партнер сè се сведува на ебење чисто за да се задоволи сексуалниот нагон, со постојани партнери тоа се сведува на малце поинтимно ниво и на водење љубов на некој начин. Чувството е поинакво зашто сте поблиски.* (МКД, НП, П30)

*Кога сум во врска постојано, кога не сум тоа не е многу често*. (МКД, ПП, П30)

Од друга страна, како што веќе беше истакнато во анализата на изјавите за сексуално задоволство кај македонската група со висок социјален статус и тука до израз доаѓа сфаќањето дека зачестеноста на односите не битна и дека секој партнер е значаен:

*Значи не сум некој којшто има секс „пошто пото"; нема различни односи со различни партнери*. (МКД, НП, Н30)

Интересен е ставот на еден испитаник кој при споредбата на односите со мажи и жени наоѓа дека во првиот случај има поголема сексуална слобода

*Па види сега , секс со жена си е онака по класичен пошто девојкиве кај нас се доста конзервативни и се фини на некој начин што не прават се и сешто, за разлика од сексот со машки каде што можеш повеќе да се отпуштиш има , на пример ја што сум имал партнери од, кои што биле машки, ама значи биле по отпуштени и сакале буквално да експериментираат во сексот , што јас го сакам тоа.* (МКД, ПП, П30)

Кај дел од испитаниците се забележува солидна информираност и стратегии за избегнување на ризикот од пренос на СПИ и ХИВ кои иако се слични со доминантните и вообичаените стратегии евидентирани во другите групи и се сведуваат на проценка на сигурноста заснована на блискоста и познавањето на партнерот, сепак укажуваат дека кондомот треба да се употребува во секоја прилика. За можните ризици овие испитаници велат:

*Како генерално присутни. Особено поризичен фактор е кога си со човек којшто не го познаваш дефинитивно...што не значи дека не е ризично кога си со постојан партнер, а не знаеш дека е преносител на некаква болест.* (МКД, НП, Н30)

*Мене ми е тоа лотарија, не знаеш како кога...секаде ми е хај левел. Не можам да речам дека кај нас можам да се релаксирам затоа што јас сум дете од 80те и мене ми е се тоа познато, немам страв али сум високо претпазлив.* (МКД, НП, Н30)

*Опасноста никогаш не можеш да знаеш кога ќе ти дојде, не знаеш кој би можел да биде заразен. Доколку имаш секс без кондом опасноста е голема.* (МКД, ПП, П30)

Но сепак има и ставови кои се засноваат на неточни информации и воопштени и конфузни проценки на надворешниот изглед на партнерот како следнава:

*Па нели информацијата што ја имам за ХИВ/СИДА-та како таква болест, бидејќи доволно сум информиран и знам за тоа, можеш да процениш нели по кожата на човекот, по изгледот итн. дали има евентуално нешто, но не и секогаш пошто таа е толку таинствена болест и не се ни гледа.* (МКД, НП, Н30)

Во оваа линија треба да се истакне и изјавата на еден испитаник, идентификуван како бисексуалец, кој живее во отворена врска, со двајца партнери. Притоа тоа истакнува дека со вториот партнер има орални и односи и мастурбација. Иако во детали ги опишува мерките за заштита од СПИ и ХИВ, тие во голем дел се пренагласени и не се корисни. Од друга страна редовната посета на лекар, тестирањето и грижата за сексуалното и репродукуваното здравје, како и дијалогот со партнерите на оваа тема се истакнува како една целисходна стратегија.

*Со оглед на тоа дека имам два партнери и на двајцата им ги знам сексуалните истории, едниот е моногамен и стриктно само со мене има секс, немал други партнери, никад нема правено ХИВ тест да бидеме реални, јас правев и негативен сум што потврдува дека он нема ништо бидејќи прв пат имавме секс пред 7 месеци. Значи во овие 6 месеци би се појавило нешто. За другиот партнер знам дека сум единствениот маж со кој он има односи, он само со жени има односи и со мене. До сега сме имале само орален секс и заедничка мастурбација, никад вон тоа и знам да проценам визуелно на пример дали има отечени препони, изгледот на пенисот, дали има некој чуден мирис, вкус, детално го распрашувам пред целиот однос што правел, со кој правел и е апсолутно искрен со мене и му верувам 100%, исто и на мојот друг партнер. Пред секс, доколку јас му пружам нему орално задоволство, јас не перам заби 6 саати пред тоа, само ќе ја исплакнам устата за да избегнам да нема микро абразии на непцето, да нема крварења и да го намалам тој ризик и нормално на 3 до 4 месеци идам на лекар и правам крвна слика за да видам како стојам и до сега се е ОК. Ниту еднаш не сум имал ниту една сексуално преносliva инфекција, сум бил на дерматолог, на венеролог, на гинеколог за советување, вчера бев како што кажав на тестирање и на советувалиште бев, многу водам сметка за тоа.* (МКД, НП, П30)

Кога станува збор за употреба на кондом со машки партнери, двајцата испитаници кои изјавија дека имаат постојани односи со двата пола и дека повеќе уживаат во сексот со жени, велат дека не многу ретко, односно никогаш не користат кондом при сексуален однос со мажи:

*Да ви кажам право кондом не користам многу. Зависи значи до изгледот и до односот. Кога треба да се употреби кондом се употребува значи.* (МКД, ПП, П30)

*Не користам. Како што реков така ми е подобро.* (МКД, ПП, П30)

Кај најголемиот дел од испитаниците преовладува веќе воочената поделба на редовна употреба на кондом со нов или непознат партнер, а без кондом со познат или постојан партнер. Но, она што ја разликува оваа група од останатите е фактот дека одлуката за некористење кондом и процената за верноста на партнерот не е еднострана. Партнерите во врска донесуваат заеднички одлуки и преземаат заеднички превентивни мерки низ дијалог и согласување.

*Кондомот со партнерот не користам одамна затоа што и двајцата сме си проверени уште коа се фанаме ние. Претходно јас имах направено, ама беа поминале 3 месеци и после па се проверува коа се*

*фаниме и он се тестираше за да си бидеме комплетно сигурни. Сметам дека тоа е начино пошто нема друг начин како да се открие нешто. Можат истите симптоми да ги има за различни болести.* (МКД, ПП, П30)

*Ние користевме (со постојан партнер)на почеток кондоми, многу ни беше тоа напорно бидејќи ни се тесни и се откажавме од нив и се договоривме, значи 7 месеци сум во врска и овие 5 месеци јас немав со други, извини, до пред 2 месеци јас немав со други луѓе односи и се договоривме да не користиме кондоми, него не му пречи, а ни мене не ми пречи бидејќи знам дека јас сум му прв партнер и нема други партнери освен мене. (*МКД, ПП, П30)

Кондомот најчесто се користи за анален однос, додека многу поретка е употребата за орален однос. Некои од испитаниците, дури и оние кои велат дека редовно користат кондом, гласно го истакнуваат влијанието на кондомот при сексуалниот однос и задоволството:

*Па кондомот...сеа ќе навлеземе ептен у интимни работи, малце незгодно. Допринесува кондомот некогаш да ми паѓа, тоа најчесто допринесува. Иначе тоа што не ми е убаво со кондом, мислам неубаво...не ми е неубаво ама ми е многу понеубаво отколку без кондом. Затоа нејќам кондомот да го користам.* (МКД, ПП, П30)

Наспроти испитаниците погоре, кои употреба на кондомот ја поврзуваат со типот на врската истражувањето евидентираше, дури една третина од испитаниците во оваа група, кои изјавуваат некомпромисен став околу употребата на кондом. Без разлика на партнерот, дали е постојан, повремен или нов, кондомот мора секогаш да се користи.

*Не, јас редовно практикувам секс со кондом така да...не сум имал секс без кондом, да бидеме кратки и јасни.* (МКД, НП, Н30)

*Да, секогаш. Добро ама нема да има допир едното тело со другото тело, ме разбираш? Не дека ќе те заштити од тоа, може да прсне ама нема да има допир со половиот орган на другиот човек* (МКД, НП, Н30)

*Првин немам доверба во сам себе , а после тоа немам доверба ни во некој друг , пошто може недај боже да ми се деси , као што ми се деси сега проблем и да му направам на другиот проблем ме сфаќаш, а од кај да знам он у меѓувремено додека не сме заедно што све уствари прави.* (МКД, ПП, П30)

Тука треба да се помести и изјавата забележана во рамки на фокус групата со помладите претставници со висок социјален статус:

*Мислам дека геј луѓето се многу попримерни во однос на ова. Сите мои стрејт пријателки и пријатели имаат секс без кондом уште одма. А, јас немам чуено дека мои геј пријатели, да имаат незаштитен секс* (ФГ, МКД, НП)

Речиси половина од испитаниците изјавија дека имале сексуални односи со странски државјани во Македонија или вон земјата. При тоа се јавуваат поделени ставови околу ставот дека сексуалните односи со мажи од други држави неминовно значат и поголем ризик, но одреден дел од нив вели дека тоа се генерализирани предрасуди:

*Не знам, значи јас не страдам од стереотип дека тука има поише СИДА од таму или дека таму има поише СИДА од тука или нешто такво. Можеби е и прашање на перцепција затоа што многу голем дел*

*од геј животот и социјалниот живот на хомосексуалците во други држави малку поинаку се случува и се одвива што мислам дека таква перцепција можеби постои кај геј популацијата кога ќе се соочат со таков живот како што функционира таму без разлика што е community и community комуникацијата така да статистички ако гледаме сигурно би требало да е „да" одговорот дека можеби е поголем ризик факторот али ете да речеме дека постојат кондомите.* (МКД, НП, П30)

Мал број на испитаници имале искуство со комерцијалната сексуална работа. Сексуални услуги за пари од жени побарале само двајцата испитаници (МКД, ПП, П 30) кои на почетокот изјавија дека имаат редовни односи со двата пола. Едниот од нив изјавуваа дека користел кондом. Од сите останати интервјуирани лица само еден вели дека и нудел и купувал секс со мажи и при тоа редовно користел кондом

*Па небитно е дали купувам или продавам, битно е да се заштитам.* (МКД, ПП. Н30)

## IV.2. Сексуално здравје

Повеќе од половина од интервјуираните од албанската групата укажуваат дека досега немале никаква потреба и затоа не користеле здравствени или други услуги поврзани со сексуалното и репродуктивното здравје. Тие изјавуваат дека едноставно: *Не сум имал таква потреба.* Останатите користеле различни услуги, но она што е впечатливо дека некои тие услуги ги побарале и ги добиле во странство:

*Да, сум бил на контрола во врска со моето сексуално здравје, преглед на пенис и ХИВ тестирање. Во една невладина организација во Приштина.* (АЛБ, НП, П30)

*Да, сум бил на лекар. Сум имам надуени јајца. Мислев дека тоа ми е од сексот, бев на лекар кој ми кажа дека сум се прехладил. Во Франција сум бил на лекар.* (АЛБ, НП, Н30)

Најразлични се причините поради кои испитаниците од албанската заедница бараат помош за своето сексуално и репродуктивно здравје: инфекции, промени на кожата, срамни вошки или тестирање за ХИВ. Овие услуги во Македонија ги добиваат во мрежата на примарната здравствена заштита, но и во младинскиот центар„Сакам да знам" – Водно и центрите на ЕГАЛ. При тоа некои ја истакнуваат системот на реферирање и препраќање на клиенти кои постои меѓу сервисите на невладините организации. Исто така, во рамки на фокус групите албанските учесници истакнаа дека невладините организации се попристапни поради тоа што не бараат книшка и доказ за здравственото осигурување.

*Сум имал пицајзли, но после едно време се обратив во доктор, каде ми дадоа препарат и се очистив од нив.* (АЛБ, ПП, Н30)

Не, сум се обратил до другар кој работи во Егал и тие ме упатиле во центарот Сакам да знам.*Сум имал инфекција во курот, мислам трипер беше тоа. Сум бил на преглед кај амбулантата на хомосексуалците, карши државна болница (мисли на центарот Сакам да знам) да таму.* (АЛБ, ПП, П30)

*Ми се појавија некои бабулици околу пенисот. Лекарот ми кажа дека тоа било од жештината и кремата со која сум се депилирал.* (АЛБ, ПП, П30)

*Сум бил на лекар, пошто сум имал печење на пенисот особено при мокраќа, сум се обратил до мојот матичен лекар во поликлиника Битпазар и во државна болница.* (АЛБ, ПП, Н30)

*Сум бил на советување пред три или четири години, во ЕГАЛ,тогаш канцелариите беа во друго место, ме советувале за ХИВ.* (АЛБ, ПП, П30)

Важно е да се истакне дека во рамки на оваа група постои свест за недостатокот советување за СРЗ при што нејзините претставници јасно ја артикулираат оваа потреба. Во рамки на фокус групите тие ја истакнаа потребата од услуги од сексолог кои во моментов во Македонија не се достапни.

*Да сум имал таква потреба, но не сум можел никаде да ја најдам.* (АЛБ, ПП, П30)

*Па, до некое време да ти кажам не ни мислев на такви работи ама во последно време баш сакам да добијам некоја информација потребно ми е.* (АЛБ, ПП, П30)

*Сум имал таква потреба, но не сум бил кај некој стручно лице, туку сум го решил прашањето со пријателите.* (АЛБ, ПП, Н30)

Како и во другите групи подолу, тука доаѓа до израз сознанието дека луѓето кои имаат сексуални односи со мажи при советување за нивното ментално здравје добиваат и совети кои се поврзани со нивната сексуална ориентација:

*Сум бил во депресија, од тоа сум имал проблем со ерекцијата, и сум се обратил во психијатар, кој ми помогнал. Интересно да се спомене е дека психијатарот ми кажа дека секое дете е бисексуалец, но со тек на време се ориентира сексуалниот нагон, или останува ист бисекс.* (АЛБ, ПП, П30)

Повеќе од половина ромски испитаници укажуваат дека користат одредени услуги за сексуално и репродуктивно здравје. Останатите велат дека досега немале потреба да се обратат до лекар, иако се добро информирани, во рамки на општината каде живеат, за невладините организации кои нудат или препраќаат до ваков тип услуги.

*Да чукнам во дрво ниту еднаш.* (РОМ, ПП, П30)

*Не, не немало такво нешто. Па мислам еве од овие „Сакам да знам", овие кај вас( се мисли на ЕГАЛ) у градот, у ХОПС, тие, ХЕРА исто мислам.* (РОМ, ПП, П30)

Најчести услуги кои се најчесто тестирањето за ХИВ, прегледите и советите од дерматовенерологот.

*Да видам дали сум ХИВ позитив. -Во ЕГАЛ.*

*Па општо на пример, контрола сум направил за ХИВ тест, полово преносливи инфекции. Во ЕГАЛ.* (РОМ, НП, Н30)

*У младинскиот центар Сакам да знам. Повеке за хемороиди. Тој имам проблем значи со години. Каков било проблем, да, имам, тука ми се центрите и идам таму слободно без никаков проблем, значи ми помага... Во младинскиот центар, или во Шутка или на Водњанска.* (РОМ, ПП, П30)

*Доволни се сервисите кои се тука, што треба друго освен ова? Добро е што има и ова.*
(ФГ, РОМ)

Поаѓајќи од последниве изјави треба да се истакне дека ромските испитаници ги наведуваат само оние услуги за сексуално и репродуктивно здравје за кои се информирани, а воедно тоа се истите кои им се нудат во рамки на општината Шуто Оризари. Станува збор за услуги кои покрај тоа што се доброволни и доверливи, се достапни поради тоа што, исто така, се бесплатни и се наоѓаат блиску до нивните живеалишта. Ниеден од испитаниците не изјави дека се обратил во државна или приватна здравствена институција, ниту пак спомена услуга која не се нуди во рамки на невладините организации. Затоа и колку да е позитивно согледувањето дека Ромите се

информирани и ги користат постојните сервиси на ХЕРА, ЕГАЛ и ХОПС во општината Шуто Оризари, сепак треба да се имаат предвид ограничувањата поврзани со видот услуги и треба дополнително да се испита делотворноста на системите за препраќање во други сервиси за сексуално и репродуктивно здравје, како и видот на бариерите кои можат да произлезат. Дополнително во рамки на фокус групите се доби впечаток дека испитаниците не се доволно информирани и дека сметаат дека нивното целокупно сексуално и репродуктивно здравје е на задоволително ниво ако редовно (пречесто) се прави ХИВ тест и ако резултатите се негативни.

*Секоја недела, секоја недела, да се оди на лекар, да се прави тест. Паметно е ако правиш секој ден, а има некој луѓе не прават ни со жени ни со мажи, тогаш секоја недела, дали имаш, немаш, подобро.* (ФГ РОМ)

Ова е поткрепено и со изјавите во кои некои испитаници не знаат точно каква услуга добиле кога биле на лекар. Беше воочено дека причината за тоа а може да биде терминологијата која што често е користи за познати проблеми поврзани со машкото здравје:

***Дали некогаш си бил на советување за твојата врска, за проблеми со потенција и слично?***
*Потенција?* (РОМ , НП, Н30)

*Па еднаш ме прашаа дали имав секс со женска или со машко. Па имав нешто ама тоа не беше од секс, што се избричев. Ми дадоа некој мелем и ми помина.* (РОМ , ПП, П30)

*Во Куманово, имаше некоја организација од Ромите, собиравме млади и ни објаснуваа што треба и како треба.* (РОМ, ПП, П 30)

Како и кај другите групи на интервјуирани не постои разбирање дека советувањето е важна услуга за сексуалното и репродуктивното здравје. Исто така, имајќи го предвид согледувањето изнесено погоре,освен еден испитаник, сите интервјуирани не посочија некоја услуга за СРЗ која не можеле да ја најдат во нивната средина.

*Сум бил во ЕГАЛ со еден близок другар, ме советуваше за врската со една женска.* (РОМ , ПП П30)

На крајот од овој оддел може да се истакне и изјавата на еден испитаник кој наведува дека води грижа за своето сексуално и репродуктивно здравје преку посетите на гинеколог од страна на неговата сопруга :

*Немам такви проблеми. Со жена ми одиме на гинеколог.*

***Ама она иде за да се провери така?***

*Да, да.* (РОМ, ПП, П30)

Повеќето испитаници од македонската група посетиле услуги за сексуално и репродуктивно здравје. Уште повеќе мрежата на здравствени услуги обезбедени и од државните, приватните или граѓанските организации им е добро позната. Единствен исклучок преставува групата македонската група со под просечен социјален статус под триесет години, каде половина од испитаниците изјавија дека никогаш не посетиле ваков тип на услуга. Еден од нив ја дава следнава изјава:

*Сум немал доверба, сум се плашел, сум израснал во средина во која тие работи биле незамисливи, срамотно е да се иде на лекар и да се прашува за тие работи али најверојатно сум немал доволно потреба за да го пречекорам тоа.* (МКД, ПП, П30)

Овие мажи посетуваат најразлични услуги за сексуално и репродуктивно здравје според потребите кои ги имаат. При тоа во зависност од проблемот се наведуваат уролози, гинеколози и дерматовенеролози. Причините за кои се оди на лекар се различни:

*Значи јас и најмала промена да имам без проблем одам на лекар и немам проблем ни да се соблечам ни што било да направам, немам никакви предрасуди кон тоа.* (МКД, ПП, Н30)

*За ХПВ инфекција.* (МКД, ПП, Н30)

*Јас уствари не сум ни сигурен дека беа тоа точно кондиломи пошто не беа околу анусот туку беа на бутините, а јас сум видел кај многу други и сум им посочувал да одат на лекар али кај мене воопшто не беа такви и ги декларираа како кондиломи, а јас мислам дека беа нешто сосема различно.* (МКД, ПП, Н30)

*Имав проблем со едниот тестис, имав оток*. (МКД, НП, П30)

*Па имав пред година – два на неколку пати крварев, во спермата имав крв и не знаев што е, одев на лекар на микробиологија носев материјали, не можеа да ми најдат никаква бактерија, после изгледа се испостави дека е повреда од точакот.* (МКД, ПП, Н30)

Услугите најчесто ги добиваат во Младинскиот Центар Сакам да знам – Водно, во ЕГАЛ, мобилните клиники за ХИВ тестирање раководени од ХЕРА и ЕГАЛ, на Клиниката за урологија, во поликлиниката „Јане Сандански".

Според најголем дел од интервјуираните советувањето за сексуално и репродуктивно здравје не е пракса која се користи. Тие на прашањето дали некогаш побарале услуги за советување за СРЗ кратко одговараат со *НЕ*. Со други зборови се добива впечаток дека не постои свест за потребата од такви услуги, а со тоа дека тие услуги воопшто не се нудат. Консултациите се прават само кога ќе се појави одреден видлив телесен симптом, па дури и тогаш не се добиваат сите потребни информации. Во прилог на ова зборува и следниве изјави кои укажуваат на тоа дека некои потреби поврзани со СРЗ остануваат незадоволени :

*За некои чудни појави, дали е нешто нормално што ти се случува од типот да те боли половиот орган, да немаш начин од каде да се информираш.* (МКД, НП, П30)

*За врска да, за потенција не. За врска сум бил на советување од типот што понатаму, што да се прави.* (МКД, ПП, Н30)

*Со оглед на тоа што последниве години живеам во Скопје и некои работи ми се добро познати, а претходно не, кога не сум живеел во Скопје сум имал проблем и ми е бил нерешлив зашто не сум знаел каде да се обратам или можеби сум знаел ама самиот срам не ми давал да побарам помош.* (МКД, ПП, Н30)

Во овој контекст треба да се забележи и изјавата до фокус групата со испитаници над 30 години со висок социјален статус со којашто се истакнува неинформираноста и недостапноста на постекспозиционата профилакса за ХИВ:

*Апчето , the day after филм? Да се напукам 30 за цел месец. Не знаеме некој кој барал. А, има у* (МКД, НП, Н30)

Беа идентификувани изјави преку кои до израз доаѓа опасноста за луѓето кои имаат сексуални односи со мажи при барање на услуга поврзана со сексуалноста да добијат совети или услуги кои се насочени кон нормализирање и измена на нивната сексуална ориентација:

*Со сексуалност воопшто односно со мојата психолошка состојба, со мојата психолошка благосостојба односно неблагосостојб.;* (МКД, НП, Н30)

*Да иако разговоро јас го почнах, она ништо не ме праша конкретно, пошто у тесто имаше прашања дали имаш секс со мажи, некој лажеа, јас сакаах искрен да си бидам. За моите дома, дали да им кажам, мислам на мајка ми, татко ми нема да ме разбере, ама не знам на кој начин да почнам и се плашам највеќе од тоа шо ќе ја разочарам пошто нели сепак како секоја мајка очекува син и да се ожене, да има внуци итн.., и за тие работи сме разговарале со докторката и она не знаја шо да ми каже.* (МКД, ПП, П30)

# ОГРАНИЧУВАЊА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Првото и најзначајно ограничување на ова истражување е отсуството на основни податоци за идентификација на социјалните аспекти кои влијаат на животот на МСМ во Македонија. Како резултат на ова каква било споредба и поврзување со солидната база на податоци за сексуалното однесување и постапки, со цел попрецизно насочено истражување, не беше возможна.

Во текот на втората фаза на спроведувањето на собирање на податоци преку длабинските интервјуа, истражувачкиот тим се соочи со предизвикот на регрутирање на испитаници. Имено, со предвреме дефинираните критериуми беше планирано да се вклучат 50 МСМ, но на крајот учествуваа само 39 интервјуирани МСМ.

Со оглед на тоа, едно од ограничувањата на истражувањето е бројот на испитаници од албанската и ромската заедница со натпросечен социјален статус, кој беше значајно помал од оној кај македонската група. Главната причина за неможноста да се посегне по испитаници од овој профил беше скриениот живот на МСМ меѓу Албанците (забележан со ова истражување) и неповолните социјални услови кај Ромите во земјата. Во случајот на албанската група, иако беа воспоставени контакти со овие МСМ, албанскиот јазик беше мајчин јазик на личноста што го водеше интервјуто и постапките на доверливост беа транспарентно претставени, многумина од нив не се чувствуваа удобно да земат учество во истражувањето. Методот на употреба на групно опкружување докажан како многу функционален кај македонската фокус група не можеше да се постигне кај албанската група бидејќи МСМ од оваа етничка група не беа согласни да се изложат себеси пред другите Албанци. Во случајот кај Ромите, беше можно неколку од испитаниците да се опишат како со натпросечен социјален статус во рамката на социјалниот стандард на заедницата, но сепак само еден ги исполни критериумите на истражувањето. Овде се чини погодно да се нагласи потребата за слично истражување во иднина кое ќе се фокусира на Албанците и Роми МСМ и кое ќе примени поинакви методи на регрутирање. Ова е уште позначајно бидејќи не постојат докази дека претставници со натпросечен социјален статус од двете заедници биле вклучени во кои било од минатите МСМ истражувања.

Во согласност со кажаното, уште едно сериозно ограничување кое вреди да се спомене е методот на регрутирање користен од страна на тимовите кои воспоставија контакт преку пунктовите за достава на услугите на невладината организација ЕГАЛ. Дел од учесниците веќе биле клиенти на услугите и имале можност да бидат под влијание на пораките од материјалите за информирање. Овој факт посочува дека дел од нив ги доставиле посакуваните одговори до истражувачите или дека нивните одговори биле форматирани од структурата на разделените информации. На пример, меѓу ромските испитаници беше очигледно дека нивната потреба за услуги за сексуално здравје била ограничена на услуги понудени од невладината организација ЕГАЛ и ХЕРА во општина Шуто Оризари.

Отсуството на основни информации за родот, разбирањето на строгата дихотомна поделба на полови улоги и тоа неможноста да се направи поврзаност меѓу сексуалните склоности и идентитети беа индикативни. Иако, по дискусијата меѓу фокус групата ова беше земено во предвид и прашалникот од

интервјуто беше поедноставен и прилагоден, сепак дел од испитаниците имаа потешкотии и бараа дополнително објаснување кога одговараа на прашања поврзани со родовиот концепт.

Може да се заклучи, како резултат на сите овие причини, дека согледувањата од истражувањето кои посочуваат на поврзаност меѓу родовиот и сексуалниот идентитет и сексуалното здравје треба да се разгледаат само условно и и дека наодите не можат да бидат репрезентативни за МСМ во Македонија.

Во иднина предлагаме спроведување на насочено истражување со кое ќе се овозможат подетални информации во однос на прашањата засегнати со истражувањето.

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

## 1. ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

### 1.1 ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ

МСМ во Македонија најчесто ги користат услугите за сексуално здравје понудени од невладините организации, особено доброволното и доверливо советување и тестирање за ХИВ. Неприкосновениот принцип на машката родова позиција и тоа што тој преставува идентитетска категорија која обединува, наспроти сексуалниот идентитет кој сè уште е означен со стигма, срам и страв дури и во рамките на оваа популација, при што треба да се земе во предвид малиот број на МСМ кои водат постојана грижа за сопственото општо сексуално и репродуктивно здравје, може да биде патоказ за развојот на услуги за машкото здравје или подобрување на услугите за машкото сексуално и репродуктивно здравје во земјата.

Државните здравствени институции треба да:

- ✦ Обезбедат финансиска стабилност и препознавање на пријателските услуги за сексуално здравје наменети за МСМ кои ги обезбедуваат невладини организации во рамките на национална програма за превенција на ХИВ.
- ✦ Формираат работно тело кое ќе понуди стратегии за подобрување на услугите и пристапноста на постојната јавно - здравствена мрежа во делот на услугите за сексуално и репродуктивно здравје на мажите.
- ✦ Да иницираат јавно – здравствени кампањи за зголемување на побарувачката за медицински услуги, како и советување за сексуално и репродуктивно здравје на мажите.

Исто така невладините организации кои веќе работат со МСМ и ЛГБТК популацијата треба да:

- ✦ Продолжат со тековната понуда на услуги и да отворат нови центри за услуги ширум земјата, скроени за потребите на сите заедници кои живеат во Македонија.
- ✦ Развијат стратегии за искористување на постојните социјални хоризонтални облици на споделување на знаењето во рамките на МСМ и геј средината како средство за превенција на ХИВ и СПИ.

### 1.2 КОМУНИКАЦИЈА ЗА ПРОМЕНА НА ОДНЕСУВАЊЕТО

Слично на образецот идентификуван во рамките на општата популација, многу често проценката меѓу МСМ за употреба на кондом се базира на генерализирани, случајни и провизорни морални вреднувања на непознатите партнери како „другите", кои се социјално морално осудени. Врз основа на

ова верување кондомот се користи со партнери кои се непознати или проценети како закана, додека ретко се користи со познати партнери или оние кои се препознаваат како познати. Во овој контекст, романтичните идеи за интимност и љубов, каде довербата, верноста и моногамноста го одредуваат разбирањето и фантазиите во љубовната врска, влијаат на одлуката да не се употреби кондом или заштита при секс. Сепак, меѓу геј и бисексуалните мажи кои имаат постојани партнери, оваа одлука често се донесува со рационална проценка на ризикот заснована на заедничка согласност и отворен дијалог.

Идните јавно - здравствени кампањи фокусирани на превенција на ХИВ треба да ги употребат следните увидувања:

✦ Употребата на кондом при секој сексуален однос ( и за анален и за вагинален секс) е најефикасната стратегија за заштита од ХИВ и СПИ.

✦ Не постојат специфични групи кои пренесуваат ХИВ или СПИ, туку специфични сексуални однесувања кои се ризични во однос на ХИВ и СПИ.

✦ Секој е одговорен за заштита на сопственото здравје и благосостојба.

✦ Стратегиите за проценка на ризикот засновани врз морална и емоционална проценка на партнерот не се ефективни.

✦ Митовите и стигмата за ХИВ позитивните лица да се демистифицираат преку информирање на јавноста за начините на пренос и за фактот дека лицата кои живеат со ХИВ се само пациенти со хронично заболување.

✦ Одржување и употреба на веќе достапните мрежи за врсничка поддршка меѓу МСМ и геј мажите како вреден медиум за имплементирање и развој на програми за превенција.

## 2. ИДЕНТИТЕТ

Идентификацијата во хегемонискиот машки родов спектар е присутна во висок степен меѓу МСМ, при што оваа идентификација е придружена од здраворазумско прифаќање на родовите улоги назначени од општеството, со умерено или ниско ниво на освестеност за родовиот идентитет, норми, перформативност и родово отелотворување и, во одредени случаи, со ставови на стигматизација кон родово неконформативно однесување. Неоспореното прифаќање на „родовата судбина" е наметната преку секојдневните машки интерактивни ритуали каде хомофобијата е составен дел, како и преку општествените структури и културни норми (вградени во семејниот живот и социјалните макро структури). Социјалниот статус на компромитираност или недостојност како резултат на сексуалната стигма генерира хегемониски машки перформанс како заштитен статус кој нуди безбедност и идентитет.

Како резултат на ова, соодветните државни институции и државни функционери треба да:

✦ Ги подобрат актуелните содржини на наставната програма и програмите кои се однесуваат на образование за род, родов идентитет, родова еднаквост и сексуалност на сите нивоа на образование, на начин достапен за сите заедници, вклучително и за Ромите и Албанците.

✦ Да се започнат јавни кампањи кои ќе целат кон разобличување на родовите стереотипи, традиционалните родови улоги и сексуалната стигма.

Граѓанските здруженија насочени кон МСМ и геј и бисексуални мажи, како и здруженијата кои работат во областа на родова еднаквост треба да:

- Поттикнуваат создавање на коалиција со организациите за женски права со цел зајакнување на алијансите за човекови права и родова еднаквост.
- Поттикнуваат активности за зајакнување на заедницата преку развој и спроведување на образовни родови програми меѓу МСМ и ЛГБТК заедницата.

**3. СТИГМА**

Политички, јавно или скришно наметнатата тајност на емотивниот, интимниот и сексуален живот и сексуален идентитет, соодветниот срам и општествено наметнатата идентификација со хегемониската и хомофобичната машкост влијае на секојдневниот живот на МСМ (психолошки и социјално) и индиректно влијае на сексуалното здравје на мажите кои имаат секс со мажи во Македонија. Ова може да се забележи како директен резултат на ограничувачките услови за МСМ, за геј и за бисексуалните мажи во земјата и средината која наметнува постојано бдеење и надгледување на однесувањето и телесното држење на една личност и, следствено, како и на оддлеченоста од сексуалните здравствени услуги коишто, вообичаено, се поврзуваат со геј животниот стил или сексуалната стигма.

Лицата кои поради разни социјални услови успеале да создадат микро средини во кои сексуалната ориентација е прифатена и признаена како дел од нивниот идентитет и во кои родовиот идентитет не е стриктно наметнат како принудена норма се: а) во врски во кои двајцата партнери се еднакви, особено во поглед на остварувањето на сексуалното задоволство и спогодувањето при различни аспекти од врската, б) имаат порационални стратегии за избегнување на ризикот, кои повторно ги вклучуваат партнерите, без разлика дали тој е постојан или привремен, в) се грижат за сопственото сексуално здравје на сеопфатен начин, г) создаваат социјални и пријателски мрежи кои стануваат вреден извор на информации поврзани со сексуалното здравје, проценката на ризик и заштита.

Државните институции и државните функционери треба да ги преземат следниве препорачани мерки за надминување на актуелната состојба:

- Иницираат кампања, во која ќе се вклучат донесувачите на одлуки, академската јавност, стручната јавност од областа на медицинската и социјалната сфера, за разобличување на ненаучните изјави и тврдења кои ги стигматизираат не-хетеросексуалците (како што е ненаучната изјава дека хомосексуалноста не е природна и е нездрава) од јавниот дискурс и државната наставна програма.
- Вклучат информации за сексуалната различност во рамки на државна наставна програма и да се предвиди градење на капацитети на наставниот кадар, на сите образовни нивоа, со што на младата генерација на ЛГБТК ќе ѝ се овозможи да живее во средина ослободена од стигма, заплашување и принуда.
- Овозможи атмосфера на поддршка преку признавање на сексуалниот и родовиот идентитет во националната легислатива за дискриминација и со усвојување на соодветните закони за злосторствата извршени од омраза против ЛГБТК заедницата.

- ✦ Развијат мерки на политики, стратегии и кампањи за борба против говорот на омраза насочен против сексуалните и родови малцинства.
- ✦ Осигури дека Народниот правобранител и Комисијата за заштита од дискриминација дејствуваат во согласност со нивните надлежности и соодветно да реагираат и да преземат превентивни мерки кон дискриминаторски, стигматизирачки и хомофобичен говор на омраза.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Ahmed, Sara. 2004. The Cultural Politics of Emotion. New York: Routledge
- Attride – Stirling, Jennifer. 2001. "Thematic networks: an analytic tool for qualitative research" in Qualitative Research, vol. 1(3): 385-405.
- Barbalet, J. M. 2001. Emotion, Social Theory and Social Structure: A Macrosociological Approach. Cambridge: Cambridge University Press
- Batler, Dzudit. (1993) 2001. Tela koja nesto znace- O diskurzivnim granicama 'pola', Beograd: Samidzat B92
- Borjan Pavlovski. 2012. Assessment on the sexual and reproductive health and rights in Republic of Macedonia. Skopje: Association for Emancipation, Solidarity and equality of Women.
- Bourdieu, Pierre. 1977. Outline of a Theory of a Practice. Cambridge: Cambridge University Press
- Bourdieu, Pierre. 1984. Distinction: A Social Critique of the Judgment of Taste. Cambridge: Harvard University Press
- Bourdieu, Pierre. 2002. Masculine Domination. Stanford: Stanford University Press
- Boyatzis, R.E. 1998. "Transforming qualitative information: thematic analysis and code development". London: Sage
- Braun, Virginia & Clarke, Victoria. 2006. "Using Thematic Analysis in Psychology" in Qualitative Research in Psychology, 3: 77_/101
- Brown Wendy. 1995. States of Injury: Power and Freedom in Late Modernity. Princeton: Princeton University Press
- Burk J. Peter. 1991. "An Identity Theory Approach to Commitment." In Social Psychology Quarterly 54:239-251.
- Butler, Judith. 1990. Gender Trouble. New York: Routledge
- Chauncey George. 1994. Gay New York: Gender, Urban Culture, and the Making of the Gay Male World 1890-1940. New York: Basic Books
- Coates, J. 1996. Women Talk. Oxford: Blackwell.
- Collins, Randall. 2004. Interaction Ritual Chains. Princeton: Princeton University Press
- Connel, R.W. 1992. "A Very Straight Gay: Masculinity, Homosexual Experience, and the Dynamics of Gender" in American Sociological Review, Vol. 57, No. 6 (Dec., 1992), pp. 735-751
- Connell, R. W. 2005. Masculinities. Berkeley: California University Press
- Cooley, H. Charles. 1998. On Self and the Social Organisation. Chicago: University of Chicago Press
- Cornelia Behnke and Michael Meuser. 2001. "Gender and Habitus Fundamental Securities and Crisis Tendencies among men" in Bettina Baron, Helga Kotthoff, eds. Gender in Interaction: Perspectives on Femininity and Masculinity in Ethnography and Discourse. Amsterdam and Philadelphia: John Benjamins Publishing Company
- Crimp, Douglas. 2002. "Mourning and Militancy" in Melancholia and Moralism: Essays on AIDS and Queer Politics. Massachusetts: MIT Press

- Dowsett, G. W. 1993. "I'll show you mine, if you'll show me yours: Gay men, masculinity research, men's studies, and sex" in Theory and Society, Vol. 22, No. 5, Special Issue: Masculinities (Oct., 1993), pp. 697-709
- Du Gay, Paul et al. 2000. Identity: A Reader. London: Sage Publications
- Duncan, Nancy ed. 1996. Bodyspace: Destabilizing Geographies of Gender and Sexuality. New York: Routledge
- Edwards, Tim. 1994. EROTICS & POLITICS: Gay Male Sexuality, Masculinity and Feminism. London and New York: Routledge
- Eribon, Didier. 2004. Insult and the Making of the Gay Self. Durham and London: Duke University Press
- European Commission. The Former Yugoslav Republic of Macedonia Progress Report 2009. https://webgate.ec.europa.eu/olacrf/20091014Elarg/MK_Rapport_to_press_13_10.pdf
- Fischer, L. Nancy. 2011. "Purity and pollution: Sex as a moral discourse" in Seidman Steven et al. Introducing the New Sexuality Studies. New York: Routledge
- Foucault, Michel. 2003. The Subject and Power in The essential Foucault ed. by Rabinow, Paul& Rose, Nikolas. New York: The new press
- Фуко, Мишел. 2003. Историја на сексуалноста, том 1 "Волја за знаење". Скопје: Три
- Gagnon H. John. 2004. An Interpretation of Desire. Chicago and London: University of Chicago Press
- Gagnon H. John and Simon, William. 1973. The Sexual Scene. Chicago: Aldine Pub. Co.
- Gallagher, Shaun. 2005. How the Body Shapes the Mind. Oxford: Oxford University Press
- Gatens, Moira.1996. Imaginary Bodies: Ethics, power and corporeality. New York: Routledge
- Gayle, Rubin. 1975. 'The Traffic in Women: Notes on the "Political Economy" of Sex' in Gayle, Rubin. 2011. Deviations: A Gayle Rubin Reader. Durham: Duke University Press
- Gayle, Rubin. 1984. "Thinking Sex" in Gayle, Rubin. 2011. Deviations: A Gayle Rubin Reader. Durham: Duke University Press
- Goffman, Erving. 1963. Stigma: Notes on A Spoiled Identity. London: Penguin
- Gottschalk, A. Louis. 1995. Content Analysis of Verbal Behaviour: New Findings and Clinical Applications. London and New York: Routledge
- Grosz, Elisabeth. 1990. Lacan: A Feminist Introduction. New York and London: Routledge
- Grosz, Elisabeth.1994. Volatile Bodies: Toward a Corporeal Feminism. Indiana University Press
- Halperin, M. David and Traub Valerie. 2009. "Beyond Gay Pride" in Halperin, M. David and Traub Valerie eds. 2009. Gay Shame. Chicago and London: The University of Chicago Press
- Halperin M. David. 1998. "Forgetting Foucault: Acts, Identities and the History of Sexuality" in Representations No. 63, University of California Press
- Halperin, M. David. 1995. Saint Foucault: Towards a Gay Hagiography. Oxford: Oxford University Press
- HERA. 2012.HIV Prevention Report Card for MSM – Macedonia. Skopje: HERA
- Hocquenghem, Guy. 1978. Homosexual Desire. London: Allison & Busby
- Hollway, W. 1998. "Gender Difference and The Production of Subjectivity", in S. Jackson and S. Scott (eds.) Feminism And Sexuality. Edinburgh: Edinburgh University Press.

- Horowitz, Janna L. & Michael D. Newcomb. 2002. "A Multidimensional Approach to Homosexual Identity" in Journal of Homosexuality, 42:2, 1-19
- Howard, A. Judith. 2000. "Social Psychology of Identities" in Annual Review of Sociology, Vol. 26 (2000), pp. 367-393
- Howson, Richard. 2012. Challenging Hegemonic Masculinity. New York: Routledge
- Johansson, Thomas. 2007. The Transformation of Sexuality: Gender and Identity in Contemporary Youth Culture. Hampshire: Ashgate
- Kaufman, Joanne M. and Johnson, Cathryn. "Stigmatized Individuals and the Process of Identity" in The Sociological Quarterly, Vol. 45, No. 4, pp. 807-833
- Kemper, D. Theodore. 1978. "Toward a Sociology of Emotions: Some Problems and Some Solutions" in The American Sociologist, Vol. 13, No. 1, pp. 30-41
- Kimmel, S. Michael. 2005. The Gender of Desire: Essays on Male Sexuality. New York: State University of New York Press
- Kimmel, S. Michael and Plant F. Rebecca. 2004. "The Gender o f Desire: The Sexual Fantasies o f College Women and Men" in Kimmel, S. Michael and Plant F. Rebecca eds. Sexualities. Oxford and New York: Oxford University Press
- Klekovski, Saso. 2009. Attitudes Toward Traditional/Secular Values. Skopje: MCMS
- Lewis, Michael. 1995. Shame: The Exposed Self. New York: Free Press
- Love, Heather. 2007. Feeling Backward: Loss and the Politics of Queer History. Massachusetts: Harvard University Press
- Major, Brenda and O'Brien Laurie T. 2005. "The Social Psychology of Stigma" in Annu. Rev. Psychol. 56: 393–421
- MASSO. 2008. Report. Skopje: MASSO
- McIntosh, M. 1968. "The homosexual role", Social Problems, 16, 2: 182–192.
- McConel - Ginnet, Sally. 2001. Gender, Sexuality, and Meaning Linguistic Practice and Politics. Oxford: Oxford University Press
- Milchman, Alan and Rosenberg, Alan. 2008. The Final Foucault: Government of Others and Government of Oneself. Cambridge: Cambridge Scholars Publishing
- Младеновиќ Б. 2011. Влијанието на психосоцијалните детерминанти врз сексуалното однесувањена адолесцентите во Р.Македонија. Скопје: Завод за здравствена заштита на мајки и деца.
- Munoz, Jose Esteban. 1999. Disidentification: Queers of Color and the Performance of Politics. Minneapolis: University of Minnesota Press
- Nardi Peter. 1999. Gay Men's Friendships: Invincible Communities. Chicago: University of Chicago Press
- Nathanson, L. Donald. 1992. Shame and Pride: Affect, Sex, and the Birth of the Self. New York and London: Norton & Company
- Nussbaum, C. Martha. 2004. Hiding from Humanity: Disgust, Shame and the Law. Princeton: Princeton University Press
- Pascoe, C. J. "Dude, You're a Fag: Adolescent Masculinity and the Fag Discourse" in Michael S. Kimmel & Michael A. Messner eds. 2009. Men's Lives. Boston: Allyn & Bacon
- Patton, M.Q. 1990. Qualitative evaluation and research methods, second edition. London: Sage

- Protevi, John. 2010. Political Affect: Connecting the Social and the Somatic. Minneapolis: University of Minnesota Press

- Public Health Institute of Republic of Macedonia (2010). Report on the implementation of the Preventive health programmes on 2009. Skopje: Public Health Institute of Republic of Macedonia

- Reynolds, J. and Wetherell, M. 2003. "The discursive climate of singleness: The consequences for women's negotiation of a single identity" in Feminism and Psychology, 13, 489–510.

- Redman, Peter. 2000. "'Tarred with the Same Brush': 'Homophobia' and the Role of the Unconscious in School-based Cultures of Masculinity" in Sexualities 2000 3: 483

- Reynaud, Emmanuel. "Holy Virility: The Social Construction of Masculinity" in Murphy, Peter F. ed. 2004. Feminism and Masculinities. Oxford: Oxford University Press

- Ritzer, George. 2005. Encyclopedia of Social Theory Vol.2. London: SAGE

- Robert Koch Institute. 2010. The European MSM Internet Survey (EMIS) Community Report. Berlin: Robert Koch Institute.

- Saldana, Johnny. 2009. The Coding Manual for Qualitative Researchers. London: SAGE Publications

- Scheff, J. Thomas. 1990. Microsociology: Discourse, Emotion, and Social Structure. Chicago: The University of Chicago Press

- Scheff, J. Thomas. 2000. "Shame and the Social Bond: A Sociological Theory" in Sociological Theory, Volume 18, Issue 1, pages 84–99, March 2000

- Scott, W. Joan. 1986. "Gender: A Useful Category of Historical Analysis" in The American Historical Review, Vol. 91, No. 5. (Dec., 1986), pp. 1053-1075.

- Sedgwick, Kosofsky Eve. 1990. Epistemology of the Closet. Berkeley: University of California Press

- Sedgwick, Kosofski Eve. 2003. Touching Feeling: Affect, Pedagogy, Performativity. Durham: Duke University Press

- Segal, Lynne. 1993. "Changing Men: Masculinities in Context" in Theory and Society, Vol. 22, No. 5, Special Issue: Masculinities, pp. 625-641

- Seidman Steven et al. 2011. Introducing the New Sexuality Studies. New York: Routledge

- Seidman, Steven. 2002. Beyond the Closet (The Transformation of Gay and Lesbian Life). New York: Routledge

- Simoska, Emilija et all. Eds. 2009. How Inclusive Is the Macedonian Society. Skopje: FOSIM

- State Statistical Office. 2010. Macedoniain Figures, 2010. Skopje: State Statistical Office.

- Sterling, F. Anne. 2000. Sexing the Body: Gender Politics and the Construction of Sexuality. New York: Basic Books

- Stets, E. Jan. 2007. "Identity Theory and Emotions" in Stets, Jan E. And Jonathan H. Turner eds. Handbook of the Sociology of Emotions. New York: Springer

- Stryker, Sheldon and Richard T. Serpe. 1994. "Identity Salience and Psychological Centrality: Equivalent, Overlapping, or Complementary Concepts?" in Social Psychology Quarterly 57:16-35.

- Summers-Effler, Erika. 2007. "Ritual Theory" in Stets, Jan E. And Jonathan H. Turner eds. Handbook of the Sociology of Emotions. New York: Springer

- Taylor. G. and Spencer, S. 2004. Social Identities: A Multi-Disciplinary Approach. London and New York: Routledge

- Theweleit, Klaus. 1987. Male Fantasies Vol. 1. Minneapolis: University of Minnesota Press
- Tomkins, S. Silvan. 2008. Affect, Imagery and Consciousness Vol. III and IV. New York: Springer Publishing Company
- Trajanoski, Zarko. 2009. Report on the Situation with the Sexual and Health Rights of Marginalized Communities in Macedonia. Skopje: Coalition Sexual and Health Rights of Marginalized Communities
- Ministry of Health of Republic of Macedonia. UNGASS Country Progress Report 2010. Aaccessible on:
- http://www.unaids.org/en/dataanalysis/knowyourresponse/countryprogressreports/2010countries/macedoniafyrom_2010_country_progress_report_en.pdf
- Valentine, Gill. 1996. "(Re) Negotiating the 'Heterosexual Street': Lesbian Productions of Space" in Duncan, Nancy ed. 1996. Bodyspace: Destabilizing Geographies of Gender and Sexuality. New York: Routledge
- Vladimir Mikik, Gordana Kuzmanovska, Shaban Memeti. (2012) Report on the bio- behavioral study and population estimation among MSM in Macedonia. Skopje: Institute for public health of Republic of Macedonia
- Warner, Michael. 1999. The Trouble with the Normal: Sex, Politics and the Ethics of Queer Life. Cambridge: Harvard University Press
- Weeks, Jeffrey. 1981. "Discourse, Desire and Sexual Deviance: Some Problems in a History of Homosexuality," in Kenneth Plummer (ed.), The Making of the Modern Homosexual .London: Rl Innactive Titles
- Weeks, Jeffrey. 2003. Sexuality (Second Edition). New York: Routledge
- West, C & Zimmerman, D. H. 1987. "Doing Gender" in Gender and Society, Vol. 1, No. 2, pp. 125-151
- WHO (1992). Classification of Mental and Behavioral Disorders: Clinical Descriptions and Diagnostic Guidelines (ICD-10). Geneva, World Health Organization
- Young, Iris Marion. 2005. "Throwing Like a Girl" in On Female Body Experience. New York: Oxford University Press



Х. Е. Р. А.
асоцијација за здравствена едукација и истражување

A Member Association of
IPPF
International Planned Parenthood Federation
European Network